УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА
И КУЛТУРА — СКОПЈЕ

Кирил Конески

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА СТРАНЦИ

— СРЕДЕН КУРС —

Скопје, 1980

У Н И В Е Р З И Т Е Т "К И Р И Л И М Е Т О Д И Ј"
СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА
С К О П Ј Е

Рецензент:
Проф.д-р Божидар Видоески

Печатено во Универзитетската печатница - Скопје
Тираж 1.000 примероци.

# П Р Е Д Г О В О Р

Прирачников е наменет да послужи како помагало за изведување на лекторските часови на Семинарот за македонски јазик, литература и култура. Тоа го определува и неговиот обем и карактер. Тој претставува преработено и проширено издание на "Прирачникот за лекторски вежби по македонски јазик - среден курс", што беше издаден во 1969 година (а потоа и преиздаден) и што се употребуваше досега.

Ова издание на прирачников опфаќа петнаесет лекции. Секоја лекција има граматички материјал по три теми (глаголска, именска и, скоро редовно, синтаксичка) со извесни отстапувања во начинот на обработката на тие теми (синтаксичките теми, на пример, најчесто се дадени во вид на вежби). На тој начин и во ограничените рамки на прирачников е опфатена, барем и елементарно, поширока граматичка материја. Таквиот состав на лекциите, сметам, ќе овозможи главното внимание на лекторските часови да се насочува кон онаа тема која најмногу го привлекува интересот на слушателите. Граматичкиот материјал скоро редовно е придружен од текстови и вежби. Текстовите, најчесто, стојат во врска со граматичките теми; во нив се илустрира употребата на обработуваниот граматички материјал. Вежбите, според условите, може да се работат на час или самостојно. На крајот во прирачников е даден и краток прилог на информативни текстови за СР Македонија.

Иако, во однос на поранешниот, овој прирачник, се надевам, претставува извесно подобрување, ќе бидам многу благодарен за сите забелешки што ќе ми бидат упатени за методолошката и, воопшто, содржинската страна на прирачников.

Мај 1977 година　　　　　　　　　　Авторот

ПРВА ЛЕКЦИЈА

1. Сегашно време (глаголски групи)
2. Родот кај именките
3. Лични заменки (како субјект во реченицата)

1. Сегашно време

Според основниот вокал на кој завршува третото лице еднина на сегашното време, глаголите се делат на три групи: а-група (бега, доаѓа, купува), и-група (мисли, брои, оди), е-група (лаже, пее, чуе). За основна форма на глаголите се зема формата за 3л. едн. на сегашното време.

| | | а-група | и-група | | е-група | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| едн. | 1 л. | гледам | седам | бројам | кажам | пијам | чујам |
| | 2 л. | гледаш | седиш | броиш | кажеш | пиеш | чуеш |
| | 3 л. | гледа | седи | брои | каже | пие | чуе |
| мн. | 1 л. | гледаме | седиме | броиме | кажеме | пиеме | чуеме |
| | 2 л. | гледате | седите | броите | кажете | пиете | чуете |
| | 3 л. | гледаат | седат | бројат | кажат | пијат | чујат |

Сите глаголи во 1 л.едн. завршуваат на -ам, а во 3 л. мн. на -ат; кај глаголите од а-група, во 3 л.мн., се чува основниот вокал (-а), па се добива завршок -аат. Во 2 л. едн. наставката -ш и во 1 и 2 л. мн. наставките -ме, -те се поврзуваат со карактеристичниот основен вокал за глаголската група. Третото лице еднина иде без наставка.

Посебни форми се дам (покрај дадам) од даде, знам (но познаам) од знае.

Правопис: Се пишува - траам, баам, ткаам, се покаам; пеам, живеам, сеам; бројам, кројам, стројам; трујам, дујам; тријам и сл.

В е ж б и

1. Менувајте ги глаголите во сите лица:

Седам и пишувам. - Одам и размислувам. - Јадам и не зборувам. - Слушам и не се смеам. - Не пеам и не играм.

2. Искажете ги во множина глаголите во речениците:

Ти добро читаш и пишуваш. - Јас добро го разбирам македонскиот јазик, но слабо говорам. - Тој прапат го посетува Охрид. - Зошто не седнуваш? - Што прави таа дома? - Тој добро одговара на секое прашање.

3. Менувајте ги во сегашно време глаголите:

чита, преведува, зборува, брои, учи, носи, се мие, пее, живее

Составете реченици со употреба на сегашно време од горните глаголи.

4. Одговорете негативно на прашањата:

Дали зборувате на македонски јазик? - Разбирате ли добро што ви зборувам? - Долго време учите македонски јазик? - Дали ви зборувам брзо? - Дали ме слушате добро? - Можете ли да зборувате побрзо? - Имате ли сите македонско-француски речник?

Забелешка: Во значење на сегашно време може да се употребат само несвршените глаголи; формите на сегашното време од свршените глаголи влегуваат во синтаксички конструкции со да, ако или прават идно време со партикулата ќе.

Д Е Ц А

(И. Точко)

Изморени од игрите децата седат крај езерото згушени, смолчени, унесени!... Над нив се смее небото. Бранчињата нежно плискаат и им ги мијат босите испрашени нозе. Светли преливи им трепкаат во срцата. Од нив се раѓаат желби...

-Ех, да имам мрежа голема колку езерото!...

-Јас пак сакам да сум ластовиче, да можам да летам, да летам, ееееј...

Трепетно ѕвонат гласчињата. Жалбите се сѐ почудни и почудни...

Децата не го сеќаваат времето. Тоа лета со крилата на нивните мечти...

На исток блеснува Деница. Таа им припомнува: Време е!..

И децата стануваат. Шлапкаат боси по правта и си одат..

Но не се тажни ... Тие го собраа и го понесоа во срцата целиот убав, шарен свет...

В е ж б и

Определете ја глаголската група на глаголите употребени во сегашно време во горниот текст.

2. Родот на именките

Во македонскиот јазик разликуваме три рода кај именките: машки, женски и среден род. Определувањето по род се врши, обично, според завршокот на именките како нивни граматички белег: сто<u>л</u>, мас<u>а</u>, стакл<u>о</u>. Кај именките што означуваат живи суштества ова разликување може да има поткрепа во природниот род на означеното суштество: коњ - кобила и сл., или пак завршокот не влијае за определувањето на родовата припадност: татко, Коста. Карактеристични белези за распределувањето на именките по род се следниве:

Именките од машки род најчесто завршуваат на согласка: ѕид, лимон, пријател. Од машки род се и одделни именки на -а: слуга, војвода, судија, Никола; на -о: татко, Петко; на -е: вујче, Јонче.

Именките од женски род најчесто завршуваат на -а: книга, маса, сестра, Нада. Од женски род се и помал број именки на согласка: пролет, крв, вест, младост.

Именките од среден род завршуваат на -о, -е: жито, село, дете, море.

В е ж б и

1. Распределете ги по род именките што се среќаваат во текстот "Деца" од И. Точко.

2. Распределете ги по род именките што се среќаваат во текстот "Рондо" од Ж. Павлов.

### 3. Лични заменки

Личните заменки во формата за субјект за 1 и 2 лице (јас, ти; ние, вие) во македонскиот јазик обично не ја придружуваат глаголската форма:

Редовно доаѓам на работа. - Одлично ги пишувам домашните задачи. - Редовно доаѓаме на работа. - Одлично ги пишувате домашните задачи. - Каде одиш? - Каде одите? - Зошто не сакаш да ме почекаш? Зошто не сакате да ме почекате?

Но, личните заменки не се испуштаат кога на нив паѓа логичниот акцент:

Јас диктирам, а ти пишуваш. - Ние пишуваме, а вие читате. - И ние работиме и вие работите.

Личните заменки за 3 лице (тој, таа, тоа; тие) поретко се испишуваат:

Тој добро зборува македонски јазик. - Таа не сака да оди на кино.

Но ако е од контекстот јасно за кого се зборува, и тие може да се испуштат.

В е ж б и

Довршете ги речениците според следниов модел - Јас пишувам брзо, а тој не пишува брзо:

Јас зборувам на македонски јазик, а тој
Јас читам добро, а таа
Јас пеам убаво, а ти
Јас бројам брзо, а тие
Ние имаме книги, а вие
Ние ручаме навреме, а тој
Ти зборуваш брзо, а јас
Вие читате гласно, а ние

Р О Н Д О

(Ж. Павлов)

Грицко е обичен, да не речам најобичен домашен глушец. Во домот на Петровци има еднодупчен проширен стан, што може да се смета за животен успех ако се има предвид сегашнава станбена ситуација.

Но поради срамежливоста, а можеби уште повеќе поради своите патријархални сфаќања по прашањата на денешниот морал, Грицно веќе подолго време на сентиментален план доживува само разочарувања: никако да си најде погоден животен сопатник.

Инаку, во животот не се плаши од ништо, освен од мачката Вера!

Оваа мачка во домот на Петровци ужива статус на рамноправен член на семејството: има богато мени, мени што не можат да го замислат ни многу луѓе во светот.

Инаку, во животот мачката Вера не се плаши од ништо, освен од кучето Шарко.

Шарко, искрено речено, не е куче со педигре, но неговиот стандард по ништо не се разликува од оној на мачката Вера. Во својство на проверен пријател на човекот, меѓу членовите на семејството Петровци, ужива репутација на незгрешлив чувар на безбедноста.

Инаку, во животот не се плаши од ништо, освен од двете деца на својот стопан - Петре и Павле.

Петре и Павле несомнено се браќа, но по своите желби и карактери како да не се тоа: едниот гледа угоре - сака да стане космонаут, а другиот удолу - сака да стане археолог.

Инаку, во животот тие не се плашат од ништо, освен од својот татко - Илија.

Илија е глава (со качкет) на семејството Петровци. Има околу четириесетина години, од кои последните пет - се ревматични. Општествено дисциплиниран. Мустаќи и брада - бричи. Особени белези - нема.

Инаку, во животот, тој не се плаши од ништо, освен од својата жена - Марија.

Марија е типично современа жена. Годините, очигледно, ништо не ѝ одзеле од убавината. Всушност, нејзе (впрочем како и на повеќето жени) секогаш ѝ поаѓа од рака да биде поубава - од себеси! Во семејството Петровци таа ги држи сите конци во своите раце. Се разбира, вклучувајќи ги тука и оние за гоблени. За разлика од многу други жени, таа годините не ги крие, туку едноставно - ги заборава!

Инаку, таа во животот не се плаши од ништо, освен - замислете: од глушецот - Грицко!

("Остен")

## ВТОРА ЛЕКЦИЈА

1. Идно време
2. Лични заменки (форми)
3. Условни реченици (реален услов)

### 1. Идно време

Идното време во македонскиот јазик е сложена форма, која се образува со партикулата ќе и формите на сегашното време на глаголите од двата вида:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| едн. | 1 л. | ќе носам | ќе однесам | ќе пеам | ќе испеам |
| | 2 л. | ќе носиш | ќе однесеш | ќе пееш | ќе испееш |
| | 3 л. | ќе носи | ќе однесе | ќе пее | ќе испее |
| мн. | 1 л. | ќе носиме | ќе однесеме | ќе пееме | ќе испееме |
| | 2 л. | ќе носите | ќе однесете | ќе пеете | ќе испеете |
| | 3 л. | ќе носат | ќе однесат | ќе пеат | ќе испеат |

Во значење на идно време се среќава во употреба и сложената конструкција со има: има да научам, има да научиш и сл. Ваквите форми обично изразуваат задолжително, наложено вршење на дејството: Има да дојдеш кога ќе ти се рече. Со негираната форма од има - нема се образува негирано идно време: ќе дојдам - нема да дојдам. Идното време се негира и со негацијата не: Ако задоцниш не ќе најдеш ништо за ручек. - Ако заврне снег, ќе останеме на патот и селото никогаш не ќе си го видиме.

В е ж б и

1. Напишете ги следните реченици со употреба на глаголите во идно време:

За мојата работа се советувам со професорот. - Митко и Билјана полагаат испит по анатомија. - Од Охрид до Струга одиме со брод. - Сакам да дојдем кај вас. - Кога патува, тој носи многу багаж. - Кога одиме на работа, се среќаваме во фабричкиот ресторан. - И таа сака да оди со нив на кино. - Кои речници ги користите при учењето на македонскиот јазик? - На кој јазик пишувате? - Можете ли да го читате свој текст?

2. Глаголите што се во заграда ставете ги во форма на идно време:

За мојата работа (се посоветува) со професорот. - Митко и Билјана (положи) испит по анатомија. - Од Охрид во Струга ние (појде) со брод. - Кога (отпатува), тој (однесе) многу багаж. - Кога (појдеме) на работа, (се сретнеме) во фабричкиот ресторан. - И таа (посака) да оди со нив на кино. - На кој јазик (напишете)?

3. Одговорете негативно на следниве прашања според моделот: - Утре ли ќе отпатуваш од Охрид? - Не, утре нема да отпатувам од Охрид:

Ќе одите ли на излет во Струга? - Ќе дојдат ли сите студенти на час? - Ќе им телефонирате ли на домашните? - Ќе одиме ли попладне на плажа? - Дали ќе почнеш со работа веднаш? - Дали ќе ми ја донесеш книгата од библиотека? - Дали ќе го сретнеш денес Никола? - Дали ќе ги разгледуваме попладне културно-историските споменици на градов?

Анегдота

- Сега засега ќе имате плата сто илјади, а подоцна и повеќе! - му вели директорот на новопримениот работник.

- Добро, тогаш ќе дојдам подоцна.

## Т Р И П Т И Х О Н

(А. Поповски)

-фрагмент-

Еве ја таа проста земја од дволичен камен и сонце
Децата уште незаодени каде што откопуваат лобањи
По градините.
Еве ја таа проста земја од пајажина и од вода
Мудро слободата кај што ги запишува селските имиња
Место икони по црквите

И каде летото како судбина
Трае до последниот востанат.

Еве ја таа проста земја од заморено дишење и од молк
Низ која времето одминува и пак се враќа
Со неа да го сподели лажното траење.

О. Еве ја таа проста земја од грч и од чекање
Што ги научи и ѕвездите да шептат на Македонски
А никој не ја знае.

Стиснете ги тревките
неа ќе ја исцедите.

Навалете се врз каменот
името ќе ѝ го чуете.

Симнете се во реките
дното со неа ќе ве почести.

Легнете да починете
и ноќта со неа ќе ве покрие.

На овој даб името ќе ти го напишам
дождовите да го симнат
жедните в земја
да ги напоиш.

На оваа нива грутка од тебе ќе посеам
класатка да никне
со неа внучињата да ни ги нахраниш.

На овој рид ќе те оставам
и кога ќе заминам
пак да те гледам
Голема.

("Триптихон", Скопје 1966)

2. Лични заменки (форми)

Личните заменки имаат форми за:

| | субјект | директен објект | индикректен објект |
|---|---|---|---|
| еднина | јас | мене ме | мене ми |
| | ти | тебе те | тебе ти |
| | тој, тоа | него го | нему му |
| | таа | неа ја | нејзе ѝ |
| множина | ние | нас нè | нам ни |
| | вие | вас ве | вам ви |
| | тие | нив ги | ним им |

Вежби

Внесете ги испуштените заменски форми:

Митко и Билјана се добри ученици. ... познаваш ли? - Ако појдам во Белград, ќе ... поздравам твоите пријатели. - Се видов денеска со Митко и ... ... пренесов твојата порака. - Од каде ... познаваш оваа жена? - Му кажа ли и... дека треба да патува со нас? Не, ... не ... кажав, но ... порачав на неговата колешка да ... извести за тоа. - Дали си ... видел денеска Никола? - И тебе ќе ... се јавам по телефон за да ... известам ако извадам карти за авион - Разбуди ... порано, зашто ќе одам пешки на работа.

Анегдота

Флимскиот режисер му се обраќа на својот асистент:
- За следната сцена потребни ми се две тримесечни бебиња.
- Ќе ги најдам - одговара асистентот.
- Одлично, но внимавајте, не сакам да бидат дебитанти.

3. Условни реченици

Зависносложените условни реченици се поврзуваат со сврзниците ако, ако ли, да, ли.

Прочитајте ги следниве реченици и обрнете внимание на глаголските форми во предикатот на зависниот и на главниот дел на речениците:

Ако бидам слобден идната недела, ќе одам во Белград. - Ако се добри патиштата, ќе патувам со кола. - Ако нема авионска карта, ќе патувам со воз. - Ако сакаш, ќе дојдеш и ти со мене. - Ако заврне силен дожд, ќе се расипат патиштата. - Ако не дојдеш навреме, нема да те чекаме. - Ако направиш повеќе грешки во задачата, ќе добиеш слаба оцна. - Ако најдам слободно време, ќе те посетам неделава. - Ако ми се види интересен филмот, ќе останам до крајот на претставата.

В е ж б и

1. Завршете ги следниве реченици - употребете идно време:
   Ако е убаво времето
   Ако врне дожд
   Ако научам добро
   Ако стигнам порано
   Ако задоцнам
   Ако биде потребно (ако треба)

2. Поставете условни реченици:
   ќе ти телефонирам.
   ќе купам некој сувенир.
   ќе одам на театар.
   нема да задоцнам.
   нема да одам на кино.
   нема да дојдам.

## ЛОЗЈАТА ВО ПРОЛЕТ

(Б. Пендовски)

... Убави се́ лозјата во пролет. Над топлата, ровна земја нечујно трепери млад, сочен лист. По зелените меѓи, како невести во бела и румена руба, смирено стојат овошките. Во воздухот, чист и бистар, како низ стебло соковите, нечујно струјат пролетните мириси. Тивко е. Ќе дувне ли ветер, ќе се повијат дрвцата, уплашено ќе пркне јатото и со сребрениот цвркот на птиците врз лозите и по земјата ќе повее оној чуден мирисен снег. И како пробудена сета

природа ќе трепери и ќе шепне во слатко исчезнување... А сонцето, и на залез сѐ така младо и насмеано, ќе ја гледа вљубено и со топлите, румени усни, ќе ги целива нејзините расцветани, задивнати гради... Убави се во пролет лозјата под градот.

## ТРЕТА ЛЕКЦИЈА

1. Глаголите оди, иде (сегашно и идно време)
2. Именки (број)
3. Согласување на придавките со именките

### 1. Глаголите оди, иде

Сегашно време:

одам, одиш, оди; одиме, одите, одат
идам, идеш, иде; идеме, идете, идат

Идно време:

ќе одам, ќе одиш, ќе оди; ќе одиме, ќе одите, ќе одат
ќе идам, ќе идеш, ќе иде; ќе идеме, ќе идете, ќе идат

Глаголот оди означува движење од говорното лице во некој правец, кон некоја цел:

Одам на училиште. Одиме на работа.

Глаголот иде означува движење кон говорното лице:

Идам од училиште. Идам од работа.

**Каде одиш?** - Одам кај Горан.
**Каде одите вие?** - Ние одиме на факултет.
**Каде оди Марија?** - Марија оди на кино. Ќе одиш ли и ти на кино? -
- Не, јас нема да одам на кино; јас ќе одам библиотека.
**Каде оди Митко?** - Митко оди в менза, а Марија ќе си оди дома.
**Сакаш ли да одиш на кино?** - Да, сакам. - Ние ќе одиме вечер на кино, ако сакаш иди (дојди) со нас. А сака ли и твојот колега да оди? Ако сака нема иде (дојде) и тој со нас.
**Кај кого одиш?** - Одам кај професорот на консултација. - Одам кај Марија на ручек. - Одам кај еден мој пријател на разговор.

Ќе појдеш ли утре пак кај Марија? - Не, утре имам работа. Ќе одам рано на факултет. Ќе дојде еден колега од Белград, сакам да го видам. Попладне ќе одам во библиотеката, а вечерта кај мене ќе дојде Горан.

Од каде идеш? - Идам од факултет. - Идам од работа.

Секој ден си идеш олку доцна? - Не, си идам и порано кога имам помалку часови.

Кога ќе си дојдеш утре? - Утре ќе си дојдам уште во 12 часот.

Кога ќе дојде професорот? - Денес професорот нема да дојде.

Дали ќе дојде утре. - И утре не доаѓа. Јас ќе одам да работам во библиотеката, ако сакаш иди и ти со мене.

## И З Л Е Т

- Ќе дојдете ли в недела со нас на излет? Ние ќе одиме во Отешево.

- Со задоволство. И онака не сум бил таму. Ако не се лажам, тоа е на брегот на Преспанското Езеро.

- Да, Отешево е летувалиште на Преспанско Езеро, а се наоѓа во близината на Ресен?

- Ќе појдеме ли и во Ресен?

- Секако. Низ Ресен ќе минеме, и ќе можеме да го разгледаме градот.

- А како ќе патуваме?.

- До Ресен се патува со автобус. Но ние ќе одиме со наша кола (автомобил).

- Ќе иде ли уште некој со нас?

- Со нас ќе дојде еден мој пријател со својата пријателка.

В е ж б и

Поставете прашални реченици според моделот: Јас ќе одам на час. Ќе идеш ли и ти со мене?

Јас ќе одам на село.
Ние ќе одиме на излет.
Јас ќе одам на факултет.
Ние ќе одиме в библиотека.

Дополнете ги речениците според моделот: Горан ќе оди на кино, а ќе одиш ли и ти со него?

Горан и Марија ќе одат на театар, а ќе ........ ли и вие со нив?

Марија ќе оди на час, а ќе ...... ли и ти со неа?

Децата од прво одделение ќе одат во зоолошката градина, а ќе .... ли и децата од второ одделение?

Распределете ги следниве глаголи по глаголски групи: дојдам, појдам, се наодам, заодам, најдам, изодам.

Образувајте реченици со глаголите: одам, појдам, идам, дојдам.

Анегдота

ВО ПРОДАВНИЦА ЗА ЧЕВЛИ

Купувачот му вели на продавачот:

- Фала богу, најпосле ќе си одам со чевли што ми се токму!

- Не е ни чудно што ви се токму, - вели продавачот, - со тие чевли и дојдовте!

2. Именки (број)

Именки од машки род.- Множината кај именките од машки род се образува со следниве наставки: -и, -ови // -еви, -(о)вци // -(е)вци.

Со наставката -и образуваат множина повеќесложните именки: гулаб - гулаби, цртеж - цртежи, доказ - докази, учител - учители,

заем - заеми, проблем - проблеми, таван - тавани, чорап - чорапи, господар - господари, напис - написи, совет - совети, параграф - параграфи, предавач - предавачи, јуриш - јуриши. Кај именките што завршуваат на к, г, х, пред множинската наставка, се врши промена на овие согласи во ц, з, с: ученик - ученици, празник - празници, белег - белези, бубрег - бубрези, успех - успеси. Оваа промена, изразена уште во прасловенскиот јазик, се врши и денеска, опфаќајќи ги во современиот литературен јазик и зборовите од туѓо потекло: болшевик - болшевици, кампинг - кампинзи, алманах - алманаси. Кај именките што завршуваат на -ј, во множинската форма, пред наставката -и, не се пишува согласката ј: обичај - обичаи, трамвај - рамваи, славеј - славеи, трофеј - трофеи, разбој - разбои, херој - херои, буржуј - буржуи. Именките фитиљ, детаљ, водвиљ и сл. во множината се бележат со л пред наставката: фитили, детали, водвили. Именките на -изам: неологизам, организам и сл. имаат непостојано а во завршокот, кое се губи во множинската форма: неологизми, организми. Кај именките на -ец во множинската форма се губи е од суфиксот: старец - старци, скакулец - скакулци, големец - големци; е се губи во множинската форма и кај некои други именки: -ел: кобел - кобли, котел - котли, петли; -ен: сажен - сажни, ражен - ражни; непостојан вокал има и кај некои туѓи зборови на -ер, -ар: министер - министри, магистер - магистри, театар - театри, метар - метри. Кај некои именки се губи самогласката о од завршокот: лакот - лакти, нокот - нокти, јазол - јазли, опинок - опинци, добиток - добици, потомок - потомци, предок - предци; кај повеќето зборови што завршуваат на -ок не се губи о во множинската форма: мозок - мозоци, песок - песоци, заклучок - заклучоци, остаток - остатоци, состанок - состаноци и др. Кај именките на -ин, -ец што означуваат припадник на народност, вера, професија, или жител на населено место, во множинската форма се отфрлаат тие суфикси: Србин - Срби, Русин - Руси, христијанин - христијани, берберин (бербер) - бербери, граѓанин - граѓани, Норвежанец - Норвежани, селанец - селани, охриѓанец - охриѓани. (Но: Македонец - Македонци, Германец - Германци). Од именката ден има двојни форми - дни, денови, од именката брат множинската форма е браќа, а од човек - луѓе.

Едносложните именки образуваат множина, главно, со наставките -ови, -еви: леб - лебови, стол - столови, нож - ножови и др. Притоа некои именки имаат двојни форми: грошови // грошеви. Именките на ј обично прават множина со наставката -еви: броеви, краеви, строеви, соеви и сл., но тие што завршуваат на -еј прават множина со наставката - ови: змејови, кејови. Такво разграничување кај другите еднослождени именки тешко може да се направи. Најчесто се среќаваат двојни форми: грошеви // грошови, глуждеви // глуждови, клучеви //, клучови, цареви // царови, студеви // студови и др.Во македонскиот литературен јазик се забележува тенденција за обопштување на наставката -ови: студови, мостови, судови, возови и др.

Со наставките -(о)вци, -(е)аци се образува множина од именките што завршуваат на -о, -е, а што означуваат родство: татко - татковци, вујко - вујковци, дедо - дедовци; тате - татевци, чиче - чичевци и сл.

<u>Именки од женски род</u>. - Множината кај именките од женски род се образува со наставката -и, која се додава по отфрлањето на завршокот -а од еднината (кај именките што завршуваат на -а) или непосредно кон еднинската форма (кај именките што завршуваат на согласка): жен-а,- жен-и, планина - планини, ливада - ливади; нож - ножи, радост - радости, пакост - пакости. Кај именките на -ја во множинската форма не се пишува ј пред наставката: одаја - одаи, идеја - идеи, акција - акции, боја - бои, струја - струи. Од именката рака множинската форма е раце, а од нога - нозе.

<u>Именки од среден род</u>. - Множината кај именките од среден род се образува со наставките: -а, -иња. Наставката -а се додава кај именките од ср. р. што завршуваат на -о по отфрлањето на овој завршок: сел-о - сел-а, стадо - стада, облекло - облекла. Од именката рамо множинската форма е рамена, од око - очи, од уво - уши, од небо - неба (небеса), од чудо - чуда (чудеса). Со наставката -а се образува множина кај именките на -је, -ие, -ње, -це, -иште: лозје - лозја, решение - решенија, јадење - јадења, лице - лица, срце - срца, јајце - јајца, огниште - огништа, игралиште - игралишта. Кај другите именки на -е множинската форма се образува со наставката -иња: прасе - прасиња, пиле - пилиња, море - мориња. Од дете мно-

жинската форма е деца. Од некои именки на -це: јајце, срце и сл. може да се образува и множинска форма на -иња: јајциња, срциња и сл. со деминутивно значење.

Вежби

1. Образувајте множински форми од именките: заб, ракав, тренинг, брег, сосед, сад, излез, влез, лакеј, кеј, зајак, зрак, рак, наследник, умник (заб), сведок, појадок, градител, германизам, ден, елен, сноп, лекар, дар, театар, прст, горделивец, планинец, селанец, младинец, освојувач, меч.

2. Образувајте множински и определени форми од именките: прилог, излог, музеј, есеј, јунак, водоскок, организам, државјанин, термометар, крадец.

3. Образувајте множински и определени форми од именките: змија, судија, делегација, нога, трага, рака, река, постела, приказна, ждребе, предание, здружение, крилце, срце, девојче, крило, село, младост, храброст.

3. Согласување на придавките со именките

1. Внесете ги придавките во следниве реченици:

Надвор дува ..... ветер. x силен
Секое утро купувам ...... леб. x свеж
На брегот на Охридското Езеро има .... хотели. x убав
Мојот сосед купи ..... кола. x нов
Читам многу ...... книга. x интересен
Тетратката има ..... листови. x бел
Седни на ова ....... место. x слободен
Ние се капеме во ..... езеро. x бистар

2. Внесете ги формите на придавката добар во следниве реченици:

Милан ми е ....... пријател.
Ние сме ..... пријатели.
Твојата задача е ..... .
Вашите задачи се ..... .
Ова место е ..... .
Овие места се ..... .

Придавките во еднината имаат три форми за род, а во множината една множинска форма:

| | | |
|---|---|---|
| висок човек | | луѓе |
| висок-а куќа | висок-и | куќи |
| висок-о дрво | | дрвја |

## ПАРИ ВО САМАРОТ

(Народна приказна)

Двајца самарџии си биле ортаци: едниот бил женет, а другиот бекар, па името на бекарот му било Петко. Петко што пари ќе си добиел сите ги криел во една стела од еден негов самар што го чувал на греди, без да знае ортакот негов. Дошол ред, отишол Петко на пат. Во тие дни дошол еден кираџија на дуќанот од Петка за да купува еден самар. Одбирале, одбирале од самарите нови, ниеден не му се фаќал на коњот. Го видел кираџијата ветвиот самар што бил на греди и во кој биле парите од Петка и го симнал, та за пакост токму тој му се фатил на коњот. Му нарачал кираџијата на ортакот на Петка да му направи еден самар токму колку стариот и кога ќе се врати, ќе му го отстапи ветвиот и ќе си го земел новиот што ќе му го направи. По некој ден си дошол мајсторот Петко од пат и кога се опулил на греди - го нема самарот. - "Леле јас сиромав, рекол, ме изеде змија, отидоа паричките што сум ги брал толку години!" Седнал да работи и фатил да си вели: "Кога оди, оди. Кога оди, оди". Го прашал ортакот за самарот што го сторил и тој му кажал како сторил. Арно ама на Петка му истинало срцето и немал ниет уште еднаш да си ги види парите со очи.

Една недела, две, само си работел Петко и си пеел: "Кога оди, оди! Кога оди, оди"! На двете недели дошол кираџијата и го оставил ветвиот самар па си го зел новиот. Го зел мајсторот Петко ветвиот самар и го клал зад рафт, посегнал во сламата и ете му ги парите, беше му стоеле. Седнал да работи и фатил да пее друга песна: "Кога иде, иде! Кога иде, иде". Со тие два збора од Петка и ден-денеска луѓето си се разговараат: кога да спечалат пари ќе си речат: "Кода иде, иде". А кога да зијанат: "Кога оди, оди!"

## ЧЕТВРТА ЛЕКЦИЈА

1. Императив (заповеден начин)
2. Вокативни форми на имнките
3. Членот во македонскиот јазик

### 1. Императив

Императивот (заповеден начин) - формите за 2 лице - од глаголите од а-група и од глаголите со општ дел на вокал се образува со наставките -ј, -јте; другите глаголи (од и-група и од е-група) во еднината добиваат основен вокал и, без наставка, а во множината основен вокал е и наставка -те.

| 2 л. | а-група | и-/е-група со општ дел на вокал | | и-група | е-група |
|---|---|---|---|---|---|
| едн. | читај | стој | пиј | купи | земи |
| мн. | читајте | стојте | пијте | купете | земете |

Забелешка: Двојни форми се во употреба од глаголот држи: држ - дрште и држи - држете, и од глаголите од типот купува: купувај - купувајте и купуј - купујте.

За другите лица нема посебни форми, а во императивна употреба доаѓаат конструкциите со да, нека и формите на сегашно време: да земеме; да земе - да земат // нека земе - нека земат.

Формите на императивот се негираат со негацијата не: не оди - не одете, или во негирано императивно значење се употребуваат синтаксичките конструкции со немој: немој да одиш - немој(те) да одите. При тоа, се негацијата не, по правило, може да се

употребуваат само императивните форми од несвршените глаголи, а синтаксичките конструкции со немој се образуваат од сите глаголи: не купувај - не купувајте, но немој да купуваш - немој(те) да купувате и немој да купиш - немој(те) да купите. Негираните форми за 3 л. гласат: немој да купува (купи) - немој да купуваат (купат).

В е ж б и

1. Ставете ги глаголите во императивна форма за 2 л.еднина:

Дојдете точно навреме. - Одете се него и донесете ги книгите што ќе ви ги дадат. - Почекајте ме пред театар и немој да задоцните. - Земете го писмово и испратете го по пошта. - Немојте да спиете долго наутро, станете порано и појдете пешки на работа. - Немој да истрчате наеднаш на улица и не оставајте ја портата отворена. - Пијте почесто, но по малку, зашто е студена водата.

2. Ставете ги во множина императивните форми во следниов текст:

- Не читај и не пишувај при слаба светлина и лежејќи. - Никогаш не гледај во сонцето или во силна електрична светлина. - Не доближувај ги очите до книгата или тетратката помалку од 30 - 35 сантиметри. - Престани со читањето по 30-40 или 50 минути и одмори ги очите. Но, знај дека очите најдобро се одмораат ако гледаш во далечина или во зеленило. - Чувај ги очите од дим, прав, ветар, голем студ и од преголема топлина. - Немој да ги триеш очите со прстите. - Немој долго време да гледаш телевизија. - Ако те болат очите, појди на лекар.

НЕ ТАГУВАЈ

(И. Точко)

Не барај клетва за вечна љубов!

Срцето е силно кога зема дарови, но слабо и немоќно кога ги губи.

Иако е затворено со густ непросирлив превез, ништо во него не останува вечно.

Ветерот на случајот лесно може да ги угаси старите страсти и за миг да запали нови.

Клетвата за вечна љубов е само лага и суета!
Знај го тоа и не губи време.
Не тагувај залудно: земи што е твое и радувај се.

АКО МЕ ЉУБИШ

(Народна песна)

Ако ме љубиш, ако ме сакаш
Собуј се себе, обуј ме мене,
Та да одиме да прошетаме
Горе и долу, се кон бавчите,
Да набереме шамија круши;
Оф леле крушо,
Момина душо!

Ако ме љубиш, ако ме сакаш,
Собуј се себе, обуј ме мене,
Та да одиме да прошетаме
Горе и долу се кон лозјата,
Да набереме шамија грозје,
Јас касни грозје, ти зобни грозје;
Оф леле грозје,
Момино око!

(Миладиновци: "Зборник 1861-1961", Скопје 1962)

2. Вокативни форми на именките

Во македонскиот јазик вокативни форми може да се образуваат кај именките од машки и женски род; именките од среден род немаат посебни вокативни форми.

Вокативните форми кај именките од машки род се образуваат со наставките -у или -е. Наставката -у иде обично кај еднослож- ните именки: маж-у, коњу, волку, песу; исто и: човек - човеку, јунак - јунаку и сл. Некои именки имаат двојни форми: свату - свате, брату - брате, зету - зете. Наставката -е, обично, доаѓа кај повеќе-сложните именки: пријател - пријателе, учителе, мајсторе, професоре докторе. Наставката -е редовно иде кај сопствените именки на консонант: Милан - Милане, Иване, Вардаре.

Вокативните форми кај именките од женски род се образуваат со наставките -е или -о. Со наставката -е се образува вокатив од повеќесложните именки на -ца и -ка: мајчица - мајчице, Горице; Ратка - Ратке, Петранке. Сите други именки од женски род на -а образуваат вокатив со наставката -о: душа - душо, земјо, Македонијо. Именките од женски род на согласка немаат посебни форми за вокатив: О, радост моја!

При образувањето на вокативни форми чести се колебањата во изборот на наставката, а во современиот литературен јазик е изразена тенденцијата за ограничување на употребата на вокативните форми; сп., на пример, другар уредник, другар претседател, доктор Николов и сл. во вокативна употреба.

В е ж б и

Посочете ги основните форми на глаголите што се употребени во императив и на именките употребени во вокатив во песната:

ТАЖАЧКА ОД ОНАА СТРАНА НА ЖИВОТОТ

(А. Шопов)

Се искачив над врвот од болот
Човек сум. А што е човек?
Пред мене празнина, зад мене празнина.
Празнина што сама се пали.
Од онаа страна на животот
жив распнат со слепи јазли.
Се искачив над врвот од болот.
Тој ден. Црнден. По црни скали.
Се искачив над врвот од болот.
Од онаа страна на животот,
од онаа страна на себеси,
на сè неизговорено,
сè што е недогорено,
од онаа страна на водата,
од онаа страна на врутокот,
од онаа страна на коренот.

Стопи се грутко, истечи водо,
прелеј се чашо лелејска
за сите градови во овој град,
за сите црнини во оваа црнина.
Кажете кого да обвинувам,
Кого да жалам, кажете!
О дете што те нема -
мојата црнина твоја прегрнина.

Мојата црнина твоја прегрнина,
твојата темнина моја подземнина.
Земјо олелијо, земјо пустелијо,
од мртов плач израсната,
земјо обвирни се, земјо разгрни се.
Земи ја оваа зеница
Земи ја оваа пченица
на твоја длања згасната.

Земи ме, земјо, или врати ме,
врати ме подолу од овој врв,
подолу од онаа страна на животот,
човечки сили дај ми пак.
О земјо, на земја врати ме,
човек сум човек да страдам,
да најдам камен жив да се вградам
на некој мост во некој пак.

("Раѓање на зборот", Скопје 1966)

Анегдота

МАШКО СРЦЕ

Почнала жената да го тепа својот маж, а тој се оттргнал некако и се скрил под кревет.

- Излегувај оттаму! - му свикала жената.
- Не, нема да излезам.
- Море, излегувај, оти коските ќе ти ги скршам.
- Е, жено, жено. Дури чука во мене машко срце, нема да се мрднам одовде!

3. Членот во македонскиот јазик

Покрај основната форма на именките, која се употребува за општо именување и родово определување на предметите (поимите), именките во македонскиот јазик имаат и определени (членувани) форми за издвојување од општото (општноста), за укажување на еден определен предмет: книга (општо именување на предметот) - книгата (т.е. таа книга, одделна, определена книга).

Во македонскиот литературен јазик има три вида членски форми, што идат постпозитивно кон именката и се додаваат кон неа како наставки:

| | | |
|---|---|---|
| едн. -ов (ѕидов)<br>-ва (книгава)<br>-во (селово) | -он (ѕидон)<br>-на (книгава)<br>-но (селоно) | -от (ѕидот<br>-та (книгата)<br>-то (селото) |
| мн. -ве (ѕидовиве)<br>(книгиве<br>-ва (селава) | -не (ѕидовине)<br>(книгине)<br>-на (селана) | -те (ѕидовите)<br>(книгите)<br>-та (селата |

Со формата -ов се определуваат предметите што се во досегот, во непосредна близина на говорното лице: Однеси ја книгава в библиотека. Членската форма -он служи за определување на пооддалечени предмети во опсегот на сетилата на говорното лице и на соговорникот: Однеси ја книгана в библиотека. Членот -от, обично, служи за општо определување на предметите: Однеси ја книгата в библиотека. - Книгата му е добар пријател и учител на човекот. Од друга страна, просторното значење на членските наставки -ов, -он побудуваат пространствено значење и на членот -от, а членското (определувачкото) значење на членот -от побудува членско значење и на формите -ов, -он.

Забелешка: Сопствените именки, по правило, не се членуваат - Милан, Петре, Охрид, Вардар.

В е ж б и

1. Приведете ги во определена форма именките: езеро, молив, тетратка, учител, спортист, пролет.

2. Какви членски форми се обични кај именките: атом, душа, религија, филозофија, кислород.

3. Со какви членски форми може да се определат именките:

Однеси му го палто на Никола. - Чевли на Митко се нови. - Не можам да ги собујам чевли. - Ме боли рана. - Девојче не може да влезе в автобус. - За малку дете ќе паднеше. - Ме исплаши сирена на автобус.

### ТРИПТИХОН

(А. Поповски)

- фрагмент -

Се искачија маглишта по ридон нагоре
- И месечината ќе ја украдат.

Долу по рекана.
Горе по дебравана,
Одѕвива полено кој знае кој век
По војнички цокули обуено.

("Триптихон", Скопје 1966)

## ПЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Минато определено свршено време
2. Удвојување на предметот
3. Придавки: степенување на придавките; преминување на членот врз придавката

1. Минато определено свршено време (поделба на глаголите по раздели)

Минато определено свршено време се образува со наставките: -в, -Ø, -Ø, -вме, -вте, -а. Овие наставки се поврзуваат со различни основни вокали, според кои се врши поделба на глаголите по раздели.

| | а-група | и-група | | |
|---|---|---|---|---|
| | | а-раздел | и-раздел | е-раздел |
| едн. | прочитав | избројав | отворив | изгорев |
| | прочита | изброја | отвори | изгоре |
| | прочита | изброја | отвори | изгоре |
| мн. | прочитавме | избројавме | отворивме | изгоревме |
| | прочитавте | избројавте | отворивте | изгоревте |
| | прочитаа | избројаа | отворија | изгореа |

е-група

| | а-раздел | о-раздел | е-раздел | Ø-раздел | |
|---|---|---|---|---|---|
| едн. | скинав | пресенов | умрев | измив | чув |
| | скина | пресече | умре | изми | чу |
| | скина | пресече | умре | изми | чу |
| мн. | скинавме | пресеновме | умревме | измивме | чувме |
| | скинавте | пресеновте | умревте | измивте | чувте |
| | скинаа | пресеноа | умреа | измија | чуја |

Глаголите од а-група имаат секогаш основен вокал а и не се делат на раздели; глаголите од и-група може да бидат од а-, и- или е-раздел, а глаголите од е-група - од а-, о-, е-раздел или од раздел без основен вокал - Ø-раздел (измие - измив, чуе - чув). Глаголите од и-група а-раздел имаат редовно двојни форми: изброjав - изброив, скројав - скроив.

Правопис: По групата иа (глаголите од и-раздел, и-група) и во групата уа (глаголите без основен вокал од е-група) редовно се пишува ј: измислија, струја. При појавата на група од три вокали, според општото правописно правило, се пишува ј меѓу последните изгреаја. Глаголите од типот истрае, се покае во сегашно време имаат форми истраам - истраат, а во минато определено свршено време: истрајав - истраја, се покајав - се покаја.

Минато определено свршено време, кое означува дејство извршено во минатото и осведочено од говорното лице (кое се јавува како вршител или се претставува како сведок на дејството), се употребува, главно,од свршени глаголи. Но, форми на минато определено свршено време од несвршени глаголи се уште се во употреба во говорите, па, иако ретко, се среќаваат и во јазикот на некои писатели.

В е ж б и

1. Внесете ги соодветните глаголски форми на минатото определено свршено време:

Ние вчера (одржи) два часа по македонски јазик,на кои го (повтори) материјалот од минатите лекции. - Тие добро ги (испее)

песните, а вие, сепак, (остане) незадоволни. - Кога (пристигне) во Скопје, едно момче ми (помогне) да најдам такси. - Кога (се запознае) со колегата од Белград? - Ние (се запознае) во возот за Скопје. - Митко, зошто не го (испрати) писмото по пошта? - Дали сите студенти ги (положи) испитите? - Кажете ми каде го (помине) годишниот одмор.

2. Посочете ги формите на минатото определено свршено време во следниов текст:

## К А В А Л

(С. Дракул)

(одломка)

Една квечерина, убаво ја паметувам јас таа квечерина, во едно ќоше на земјениот под, лежеше завиен во за6анот, Сидор. Болеста го кутна. Неговите очи, напнати во една точка во гредите на таванот, не мигаа. Само гледаа, гледаа и не мигаа. Така ме натажуваа тие очи, и беа така грди тие тогај, на земјосаното лице на старецот. Тие како да беа ошумоглавени, кобни, како да беа мртви тие очи. Еднаш ми се стори дека тие не гледаат со зеницитe, ами како да беа завртени назад и како стариот да се гледаше, како да се испитуваше себеси, внатре. Затоа отидов до него, да го натерам да не гледа веќе така. Тогај тој се исправи, погледна во мене, а потоа долго и немоќно бараше под лизгавјето. Најпосле го измолкна оттаму долгиот кавал, ево овој кавал. Се обиде да свири. Не му довтасуваше здивот. Долго го гледаше потоа кавалот, долго го превртуваше во растреперените раце, испукани од сувиот студ, а потоа ги запре на мене своите замрежени очи.

- Ела поваќе, момче... Одвај прошепоти.

Станав и се доближив до него.

- На... свири... отсвири ми нешто... - И тогај јас ја почнав онаа за Челен Пејо. Свирев, а сеќавав како таа, свирката, како некоја убава птица зеде да ги крши крилјата во студенината на појатата. Се кршеше меѓу ѕидовите, таа како да се мачеше да ја внесе својата сталоженост и ширина, и тој стремеж им даваше уште пожалоснита и помаченичка сенка на извивките, на скршените, некако крвави извивки и тоа сето беше толку тажно, и толку тешно се таложеше на срцето... Видов како на очите му израснаа, како сок од некоја скина-

те тревне, две јадри солзи, видов како тие се одронија по земјосаното лице, а потоа му ја свирев и очаа за планината – млада невеста. Кога досвирив и му го подадов кавалот, тој одвај ми шепна.

– Земи го ти... сврши моето...

Го зедов, но така ми тежеше погледот на неговите очи, кои сега втренично гледаа во кавалот, што најпосле морав да излезам од појатата, а него да го оставам на мојата постела. Нека се прости со кавалот, мислев. Се вратив со едно купче слама и сончогледови стеблики. Запалив огне насреде појатата. Очите на стариот тогај се одделија од кавалот и се загледаа во пламенчето, што некако многу брзу го стопи купчето и изгасна.

Утредента го најдовме умрен... Остана само овој кавалов, и приказната што ја знам јас. Јас и кавалов...

("Планината и далечините",Скопје 1953)

2. Удвојување на објектот

Суштествено обележје на структурата на простата реченица на современиот македонски литературен јазик е удвојувањето на објектот. Имено, ако е директниот објект определен, односно ако претставува заменска форма (долга форма на лична заменка), членувана именка или сопствено име, тој се удвојува како што е претставено во следниов образец: го видов него, го видов човекот, го видов Стојана; ја видов неа, ја видов жената, ја видов Марија. Примери: Остана многу изненаден кога ме виде мене, што најмалку ме очекуваше. – Тебе те прочита меѓу првите што се наградени. – Тие заминаа, а него го оставија во селото да се лекува. – Него го ослободиле, а нив ги осудиле на по пет години затвор. – И неа ја викнале, ја распрашувале, но не им кажала ни збор. – Во ходникот ја сретна учителката, сакаше нешто да ѝ каже, но се поколеба. – Никогаш не бев го видел Милана толку налутен како таа вечер.

Вакво удвојување нема ако директниот објект не е определен: видов (еден) човек, видов (една) жена. На пример: Во дворот сретнав една жена што ми се чинеше позната од некаде. – На патот сретна еден старец подгрбавен под товарот на годините.

Индиректниот објект се удвојува независно од тоа дали е определен или не според следниов образец: му реков нему, му реков на човекот, му реков на Стојана; ѝ реков нејзе, ѝ реков на жената, ѝ

реков на Марија; но и: му реков на еден човек, ѝ реков на една жена. Примери: Мене ништо не ми кажа, зашто не сакаше да ме занимава со своите проблеми. - Мораше да замине, па затоа нам ни ја остави грижата околу печатењето на книгата. - И тебе ти испрати покана и те очекува да дојдеш. - Како што ни рече, вам ви ги оставил клучевите од станот. - Нему му се падна да стапи ред во куќата. - Ним требало да им се помогне, а не да се оставаат сами на себе. - Му пишав писмо на стариот да ја остави веќе работата и да се прибере кај мене. - Не ѝ кажал ништо на жената, но таа забележала дека нешто се случува со него. - Им кажале на селаните да се засолнат, зашто иде непријателска војска. - Купил леб и му го дал на едно дете да го однесе дома.

Во случаите кога иде удвоен објект од личните заменки (кога доаѓаат и долгата и кратката заменска форма), заменката логички е акцентирана: ме виде <u>мене</u>, го видов <u>него</u>, ти реков <u>тебе</u>, му реков <u>нему</u>. При тоа кратката заменска форма стои непосредно пред глаголот, освен во случаите кога е глаголот во форма на заповеден начин или на глаголски прилог: го видов него (него го видов) ја видов неа (неа ја видов); види го (него), види ја (неа); земајќи го (него), земајќи ја (неа); му реков нему (нему му реков), ѝ реков (нејзе) (нејзе ѝ реков); речи му (нему), речи ѝ (нејзе); давајќи му (нему), давајќи ѝ (нејзе). Во составот од индиректен објект и глагол може да дојде само кратката заменска форма за директен објект: му <u>го</u> дадов (нему), а во составот кога кратката заменска форма за директен објект иде зад глаголот, може да дојде само кратката заменска форма за идниректен објект: земи ја - земи <u>му</u> ја (книгата), дај ја - дај ѝ ја (книгата).

В е ж б и

1. Дополнете ги следниве реченици со соодветните форми на личните заменки:

Ако сакаш да знаеш, мене ... е должен за еден збор и самиот цар. - Слободно тоа ќе ... ... речам и на вашиот цар. - Тацко ... извади босите нозе што ... беа до над глуждови во калта и, наместо напред, направи еден чекор назад. - Нему ... се чинеше дека пламенот и него ... зафатил, изгорува. - На девојката ... рековме да појде од Пасквел додека паѓаат дождовите за да не ... видат (неа) луѓето. - Водата бргу ... исполнува сокаците во населбата. - А со мене

дури и не зборуваш, се расплака Лилјакот како дете и си ... стави главата на моиве гради. - ... поведовме девојката со нас и појдовме во долината зад Пасквелскиот рид. - ... убивме Бершеровото магаре и длабоко ... закопавме. - Ќе појдеме да ... поздравиме добрата девојка Евдокија. - Старите набљудувачи на животот незадоволно мрморат тресејќи ... сувите вилици. - Ним,... беше тешко докрај да ... ислушаат страшната приказна.

2. Од кои заменки се формите во погоре приведените реченици?

3. Придавки

Степенување на придавките. - Квалитативните (качествените) придавки образуваат степени на споредување со претставките по-, нај-: добар - подобар - најдобар, убав - поубав - најубав. При споредувањето на предметите односот на споредуваните предмети се поставува со предлогот од: Митко е постар од Атанас. Ако е споредуваниот предмет искажан со лична заменка, доаѓа долгата форма за директен предмет на заменката: Атанас е помлад од неа. Ти не си повисок од него. - Ние не сме постари од нив.

В е ж б и

1. Од следните придавки образувајте компаративни и суперлативни форми и акцентирајте ги: голем, мал, висок, низок, мек, тврд, богат, сиромав, млад, стар, свеж, јасен, мил, паметен, нужен, интересен.

2. Довршете ги речениците, а потоа составете реченици со употреба на компаративни форми од истите придавки:

Билјана е најдобра ... - Овие цвеќиња се најубави... - Вера е највредна... - Петранка е најмлада... - Неговата домашна задача беше најдобра... - Душко е најсилен...

3. Употребете компаратив или суперлатив:

Зградата на Народната банка е една од (висок) згради во Скопје. - Кој хотел е (убав) од Палас. - Охридското Езеро е едно од (бистар) во Југославија. - Нашата група е една од (добар) на Семинарот. - Твојот мантил е (кус) од фустанот. - Коле е (добар) фудбалер во нашиот тим. - Ние ќе победиме, зашто сме (силен). - Само тој не го положи испитот, зашто беше (слаб).

<u>Пренесување на членот врз придавката</u> (членување на придавките). - Кога именката се мисли како определена а доаѓа по придавка (атрибут), членската наставка се пренесува врз придавката: Ја прочитав збирката на М.Н. --- Ја прочитав новата (најновата) збирка на М.Н. При тоа, членските наставки за машки род и за множина се додаваат кон проширената форма на придавката со морфемата -и: нов-и-от - нов-и-те, а членските наставки за женски и среден род се додаваат кон соодветните форми на придавките: мала-та - мало-то.

| | | | |
|---|---|---|---|
| висок-и-от | ѕид(от) | | ѕидови(те) |
| висока-та | куќа(та) | висок-и-те | куќи(те) |
| високо-то | дрво(то) | | двја(та) |

Во множината членската наставка е еднаква за именките од трите рода.

Покрај овие, еднакво се распределуваат и членските форми, -ов, -ва, -во, -ве; -он, -на, -но, -не.

В е ж б и

Усогласете ги во речениците придавките што се дадени во заграда:

(илустриран) списанието што го читаш е многу интересно. - За малку ќе се удавев во (разбрануван) езерото. - (темен) облаците се спуштаа до (највисок) зградите во градот. - Во (мал) собата беше темна. - (млад) човекот влезе полека отворајќи ја (тежок) вратата. - (спокоен) гласот на жената ги разби мракот и тишината. - (весел) извиците на децата како да допираа до (син) небото. - (дрвен) мовчето крцкаше под (тежок) чекорите на војниците.

<u>Забелешка</u>: Кога придавката (атрибутот) иде по именката, членската наставка ја прима именката: Ја прочитав збирката нова (најнова).

ШЕСТА ЛЕКЦИЈА

1. Минато определено несвршено време
2. Показни заменки
3. Причински реченици

1. Минато определено несвршено време

Минато определено несвршено време се образува со наставките: -в, -ше, -ше; -вме, вте, -а. Основните вокали со кои се поврзуваат овие наставки се сведени на два: а (кај глаголите од а-група) и е (кај глаголите од и-група и е-група).

| | а-група | и-група | | е-група | |
|---|---|---|---|---|---|
| едн. | читав | седев | броев | кинев | пеев |
| | читаше | седеше | броеше | кинеше | пееше |
| | читаше | седеше | броеше | кинеше | пееше |
| мн. | читавме | седевме | броевме | киневме | пеевме |
| | читавте | седевте | броевте | киневте | пеевте |
| | читаа | седеа | броеја | кинеа | пееја |

Правопис: При појавата на група од три вокали (во 3 л. мн.), според општото правописно правило, се пишува ј меѓу двете последни: броеја, стоеја, ткаеја, пиеја, дуеја и сл.

Форми на минато определено несвршено време се образуваат и од свршените глаголи: прочитав, прочиташе итн.; поседев, изброев, скинев, испеев итн. Овие форми не може да се употребат самостојно, а влегуваат во конструкции со ако, да и се употребуваат во условни реченици, или со ќе - и прават минато-идно време: Ако // да имавме слободно време, ќе те посетевме.

В е ж б и

1. Внесете ги соодветните глаголски форми на минатото определено несвршено време во следните реченици, а потоа предајте ги во множина:

Јас не (оди) за да се шетам, но (сака) да вршам определена работа. - Ти не (може) да се одделиш од него. - Таа ми (расправа) за тебе, но не (верува) и дека ќе се видиме.- Тој редовно те (посетува), а сега одамна го нема да дојде. - Јас го (чита) со големо внимание неговиот најнов роман за кој се (јавува) различни оцени од критиката. - Зошто во неделата не (игра) во твојот тим? - Посочете ми со кои книги (се служи) при учењето на македонскиот јазик? - Што те (привлекува) најмногу од тоа што го виде во Охрид? - Што ти (зборува) за мене кога се сретнавте?

2. Продолжете ги речениците - употребете минато определено несвршено или свршено време:

Душко внимателно го следеше предавањето ... - Ние влеговме во ресторанот и... - Живко седеше крај масата и... - Попладнето бевме на езеро, но не... - Тие ги решаваа домашните задачи, а јас... - Дали го читавте овој расказ и... - Билјана секое утро станува рано и... - Тој добро те советуваше, но ти... - Ние седевме на брегот на езерото и... - Кога го разгледувавме музејот, ...

3. Внесете ги соодветните форми на минатото определено свршено или несвршено време во следниов текст:

С Е Л И Д Б И

(Р. Павловски)

... Колите (се искачува) во залезите меѓу модро цвеќе заспано на брегот. Во тој поход /ние/ (се одвенча) со детски плач.

Љубовта беше задоцнета, по патот (капе) свежи солзи на убавината. Не (работи) ниедна машина. Дожд од камшици. Во огледалата хипноза и плач.

/Ние/ (се искачи) на ридот и (заживее) во гнездата на крадливци. Плашливците од страв

(пушта) крв на зелено.

Од тревата (се слуша)
златните труби на светците на војната.

Девојчињата (пророни) свежи солзи
пред гласот на мртвите љубовници што не (стигне) да се венчаат. /Ние/ (се искачи) на ридјето со срце вооружено со плач. Тркалата на колите беа нагризани од модра слана. (Залогори) во висока трева.

Но сонот не (доаѓа); /ние/ дома (остави) една празнина и пред очите ни се цртаа куќите кога не (фаќа) дремка.

("Клима и лира", Скопје 1966)

4. Посочете ги формите на минато определено (свршено и несвршено) време и покажете ги основните форми на глаголите во текстов:

## Ф И Д А Н К А

(В. Малески)

(одломка)

Војната сврши. И како што велеше Донка, не за секого еднакво: сите не се вративме дома - Љубе не се врати.

Минаа оттогаш три години.

Еден омарничав ден тргнав низ Македонија. Дојдов и во овие места.

Во селото влегов кога сонцето тонеше зад ридот со прагал. Реката пак шумеше и носеше животец среде камењарникот. Како тогаш.

Кога влегов во ајатот од куќата на нашите некогашни домаќини, пак ја усетив онаа омајна миризба на чистотија. Како тогаш.

Баба Донка се израдува:

- А, ти си тој, од гостите тогадамнешни! Повели, повели на лебец и солца.

Седнав на чардакот, на истото место на кое лежев со десетината. Донка ме обгледа сиот и рече:

- Како така при нас? Се заборавивме, пусто! Дури ви трябавме, арни бевме. Не знам: вака ќе биде, та онака ќе биде ...

а сега? Си се наместивте во Скопје или каде, а за сиромаштијава не ви текнува.

- Не е така, бабо Донке... - се обидов да ѝ објаснам, но таа не ме слушаше:

- Постој да те почестам.

Донесе грнец и дрвена лажица.

- Малку медец. За гости како требе го чуваме. И не клавај кусур за она што реков. Наши сме та сешто ќе си кажеме, ами како.

Се присетив на грнецот што го донесе вечерта Фиданка. Ја прашав:

- Каде ти е снаата, бабо?

И веднаш се покајав, зашто ожебавените краишта на усните уште повеќе ѝ се собраа. Рече не гледајќи ме:

- Таму, на гробиштата, при јунакот што пееше вечерта. Секоја недела му носи цвеќе. А денес е недела.

Јас се вјуначив:

- Вистина, бабо Донке, го сакаше ли Фиданка Љубета?

- Како не ти е срам, чедо? - ме прекори старата, но благо, мајчински дури. - Како ќе засакала другего жена омажена.

Толку уверливо говореше Донка што морав да ѝ поверувам. Па сепак, ништо не разбрав.

- Добро, но зошто... - не дореков. Не сакав да копам стари рани. Што било - поминало, помислив и затоа молкнав.
Но Донка ме разбра и, зашто разбра, ја зафати својата прикаска:

- Детето мое Крстан го женив за Фиданка дамна пред војната. Не паметам која година беше и не сум писмена, да простиш. Крстан ми беше јунак - висок, убавец, сите моми фрлаа око по него, толку што беше личен. Го женив ама само една недела одлежа со неа. Жими една недела. Замина во Америка. Камењава не нѐ хранеа и... замина. Замина за да не се врати. Трипати или четири пиша, прати нешто пари, прстен на Фиданка и... папса. Оттогаш, еве години и години, ни глас ни трага.

Го здипли надве-натри едното крајче од скутникот, пак го оддипли та, како да се присетила за уште нешто, продолжи:

- А вечерта кога дојдовте вие, ѝ го раскрвивте срцето. Оној горе, Мавровецот, бог да го прости, кога го виде. Како да му ја зел главата на Крстана мој, толку што личеше на него. Ист, веќе ист како него: и лице, и очи, и коса, и става. Тој: Крстан! онаков каков што си беше кога си отиде на јабана. А сега... којзнае каков е! И којзнае жив ли е. Во селово подрекоа дека бил жив и дека се женил таму со некоја латинка. Пусто, не ми се верува. Чесен ми беше. Ама поарно така одошто умрен, не? Проклето срце мајкино! А на снаава ништо не ѝ кажувам. Ќе поживееме некако. Има и други како неа па... живеат. Та така, се натажи жената, могу се натажи. И ти велам: секоја недела е таму. Цвеќе носи, го мести гробот, седи и молчи. Како да е закопан Крстан мој, да е скраја и далеку од него!

Баба Донка се прекрсти. Гледаше молезливо накај црквата чија камбанарија ѕиркаше од помеѓу извишените тополи. Постоја некое време, а потоа се запраша:

- Што ја нема уште Фиданка?

("Избор", Скопје 1966)

## 2. Показни заменки

Во македонскиот литературен јазик има три вида показни заменки:

овој, оваа, ова; овие - за посочување блиски предмети;

оној, онаа, она; оние - за посочување пооддалечени предмети;

тој, таа, тоа; тие - за општо посочување на предметите без просторно определување, освен во одделни случаи кога и овие заменки може да изразат просторно определување: Донеси ја таа книга (т.е. таа, што е таму, кај тебе).

Пространственото определување што се изразува со показните заменки има полна паралела со пространственото значење на членот: овој човек - човеков, оној човек - човекон, тој човек - човекот.

В е ж б и

Внесете ги показните заменки во реченицитe:

... книга ја имам прочитано, покажете ми ја ... на првана полица. - Во ... година нема да одам на годишен одмор. - ... писмо е напишано така, што не можам да го прочитам. - За ... што зборувавме се договорив со Н. - ... чевли не можам да ги обујам, а ... што ги носев вчера ми беа широки. - И ... кошула е убава, но ... што е обесена онде е поубава. - ... човек сум го видел некаде и многу ми личи на ... што го сретнавме во паркот. - ... дете уште не оди на училиште, а ... што си играат во дворон се ученици во второ одделение. - Кои беа ... луѓе со кои пристигна во Охрид? - Земи, и прочитај ја ... книга.

Анегдоти

КАЈ ПРОДАВАЧОТ НА ПАПАГАЛИ

- Имате ли папагал што знае да зборува? - прашува купувачот.

- Се разбира. Еве овој, на пример, овој со гулабова боја. Тој чини илјада динари.

- Не е ли многу скап?

- Но, тој знае цели сто збора. А оној зелениот чини две илјади, зашто знае двесте збора.

- А оној жолтион?

- Тој чини три илјади, но ве предупредувам дека тој не знае ниту еден збор!

- Зошто е тогаш толку скап?

- Тој им е шеф на другиве два папагали.

НАШИ ЛУЃЕ

- Здраво.

- Така нека биде.

- Да не си го видел Тренко?

- Кој е тој Тренко?

- Оној што му е должен на Менде илјада динари.

- Велиш Менде? Менде... Кој Менде?

- Па, оној што му едолжен на Веселин петстотини динари.

- А кој е тој Веселин сега?
- И сега и секогаш тој е истиот - Веселин!
- Добро, ама кој Веселин?
- Па, оној што му е должен на Рангел две илјади.
- Чекај, се ми се измеша. А кој е тој Рангел?
- Оној што му е должен на Секула три илјади.
- А, Секула го знам! Тој му е должен на Божин две илјади
- Одлично.
- За кого ме праша најпрво? За Тренко? Зошто ти е Тренко?
- Го бараше Божин, сега го сретнав кај мостон...
- Божин?! Ајде здраво...
- Чекај, каде си се затрчал толку!
- Да го стигнам Божин, тој мене ми е должен пет илјади динари.

("Остен")

3. Причински реченици

Причинските реченици во македонскиот јази, во склопот на зависносложената структура, се поврзуваат со главната со следниве сврзници: дека, за дека, оти, зашто, затоа,што, пошто, бидејќи. Во литературна употреба се сврзниците зашто и бидејќи, а другите имаат дијалектна или ограничена употреба.

В е ж б и

Од следниве прости реченици образувајте зависносложени причински реченици, поставувајќи ја врската со сврзникот зашто:

1. Војната не сврши за сите еднакво. Некои не се вратија дома. 2. Баба Донка се зарадува. Јас бев од гостите тогадамнешни. 3. Не клавај кусур. Ние сме наши и сѐ ќе си речеме. 4. Ја прашав за Фиданка. Таа не беше дома. 5. Фиданка е на гробот на Мавровецот. Денес е недела. 6. Фиданка не можела да засака друг. Таа е мажена. 7. Ѝ поверував на баба Донка. Таа толку уверливо зборуваше. 8. Молкнав. Не сакав да копам стари рани. 9. Донка ја зафати својата приказна. Го разбра моето прашање. 10. Сите моми фрлаа око по Крстан.

Тој беше јунак и убавец. 11. Крстан остана по женидбата само една недела. Замина на печалба. 12. Фиданка многу се натажи. Таа остана сосема сама. 13. Баба Донка се загрижи. Уште ја нема Фиданка.

Анегдота

ВО ПРОДАВНИЦА

- Сакате ли радио од домашно или од странско производство?

- Од домашно, зашто не знам ниеден странски јазик.

СЕДМА ЛЕКЦИЈА

1. Глаголска л-форма
2. Формите на заменските и бројните придавки
3. Претворање на директниот во индиректен говор

1. Глаголска л-форма

Глаголи од а-група

Овие глаголи имаат една л-форма: викал, купувал, развивал, варосал, збирал, адресирал, преминал.

Глаголите од и-група и од е-група, коишто имаат различни основни вокали во простите минати времиња (минатото определено свршено и несвршено), имаат по две л-форма. Едната одговара на свршеното, а другата на несвршеното минато време.

Глаголи од и-група

а-раздел: бројал (сп.бројав), броел (сп.борев); избројал (сп.избројав), изброел (сп.изброев);

и-раздел: косил (сп. косив), косел (сп.косев); искосил (сп. искосив), искосел (сп. искосев);

е-раздел: горел (сп. горев); разгорел (сп. разгорев); остарел (сп. остарев) - имаат само една форма.

Глаголи од е-група

а-раздел: кинал (сп.кинав), кинел (сп. кинев); скинал (сп. скинав), скинел (сп.скинев);

о-раздел: секол (сп. секов), сечел (сп.сечев); пресекол (сп. пресеков), пресечел (сп. пресечев);

е-раздел: умрел (сп. умрев); запрел (сп. запрев) - имаат само една форма;

раздел без основен вокал: мил (сп. мив), мисл (сп. миев); измил (сп. измив), измиел (сп. измиев).

Во примерите првата форма одговара на минатото определено свршено време (без оглед на видот на глаголот), а втората на минатото определено несвршено. Свршената форма од несвршени глаголи: брои - бројал, коси - косил, кине - кинел, сече - секол, мие - мил во литературниот јазик сѐ поретко се употребува (како и форми- ; на минато определено свршено време од несвршени глаголи); таа е, меѓутоа, жива особено во некои народни говори и се среќава во јазикот на некои писатели. Несвршената л-форма од свршени глаголи: изброи - изброел, исноси - исносел, скине - скинел, пресече - пресечел, измие - измиел не се употребува самостојно (како што не може да се употребат самостојно и формите на минато определено несвршено време од свршени глаголи); овие форми се употребуваат во состави со <u>ако</u>, <u>да</u> - ако изброел, да изброел, или прават идно прекажано време со партикулата <u>ќе</u> - <u>ќе</u> изброел.

Кај глаголската л-форма во еднината има три форми за род: викал (м.р.), викала (ж.р.), викало (с.р.), а во множината за сите три рода има само една форма - викале.

Покарактеристична е свршената л-форма кај глаголите од е-група о-раздел, кај кои во формата за машки род се јавува вокалот <u>о</u>, кој е непостојан и се губи во другите форми: испекол, испекла, -кло, -кле; рекол, рекла, -кло, -кле; истекол, истекла, -кло, -кле; влегол, влегла, -гло, -гле; донесол, донесла, -сло, - сле. Карактеристични се и формите: плел (од плете), исплел (од исплете) прел (од преде), испрел (од испреде) - глаголи со општ дел на согласките <u>т</u>, <u>д</u>, коишто се губат во свршената л-форма. Посебна свршена л-форма има глаголот <u>иде</u>: ишол, ишла, ишло, ишле (во ретка употреба како свршена форма од несвршен глагол) и префиксираните: пошол, пошла, пошло, пошле (од појде), дошол, дошла, дошло, дошле (од дојде), нашол, нашла, нашло, нашле (од најде) и сл. Кај глаголите од типот: бере - брал, берел; испере - испрал, исперел; сомеле - сомлел, сомелел; зоврие - зоврел, зоврнел; заспие - заспал, заспиел и др. - свршената л-форма се јавува без вокал во општиот дел.

Вежби

1. Образувајте л-форми од следниве глаголи (некои глаголи имаат по две л-форми):

сака, посака, изгласа, зборува, информира; носи, износи, лепи, залепи, крпи, искрпи, изнакупи;сее, посее, пее, испее, чуе, стриже, истриже.

2. Приведете ги основните форми на глаголите од кои се образувани л-формите во следниов текст:

Дојдоа и првите летни дни. Луѓето предеа свои сказни за шумите полни партизани: илјадници ги имало и секакво оружје грабнато од војските носеле и народот го заштитувале од пљачкосувања, пречекувале фашисти на цадињата и руво и оружје им одземале, а храна запленета на сиромаштијата делеле и за страв не знаеле и нова држава сакале - не некогашна и не сегашна, туку народни луѓе да владееле... (Вл. Малески, "Селанката од Копачка").

## 2. Формите на заменските и бројните придавки

Заменски придавки. - Заменските придавки имаат, во основното, еднакви форми со придавките. Се изделуваат неколку групи заменски придавки.

Присвојни заменски придавки се: мој, моја, мое - мои; определени форми: мојот, мојата, моето - моите. Исти форми имаат и заменските придавки твој, свој. Потоа: наш, наша, наше - наши; определени форми: нашиот, нашата, нашето - нашите. Исти форми има и заменската придавка ваш. За означување припадност кон третото лице-кога е тоа од машки или среден род, се употребуваат формите: негов, негова, негово - негови и определено: неговиот, неговата, неговото - неговите, а кога е третото лице од женски род се употребуваат формите: нејзин, нејзина, нејзино, нејзини и определено: нејзиниот, нејзината, нејзиното - нејзините. За означување припадност кон повеќе лица - трето лице мн. се употребуваат формите: нивни (означува дека едно суштество или предмет или припаѓа на повеќе лица - Овој стан е нивни), нивна, нивно - нивни (означува дека повеќе суштества или предмети им припаѓаат на повеќе лица - Овие станови се нивни) и определено: нивниот, нивната, нивното - нивните.

Заменски придавки со показно качествено или количествено значење се: таков, таква, такво - такви и определено: таквиот, таквата, таквото - таквите; исти форми имаат и замeнските придавки: ваков, онаков, инаков, секаков, некаков, никаков, и прашалната заменска придавка - каков. Потоа: толкав, толкава, толкаво - толкави и определено: толкавиот, толкавата, толкавото - толкавите; исти форми имаат и замeнските придавки: олкав, онолкав, и прашалната заменска придавка - колкав.

Во замeнски придавки спаѓаат и: сиот, сета, сето - сите; сам, сама, само - сами; ист(и), иста, исто - исти; друг, друга, друго - други. Од сиот има само определени форми (сп. и сиов, сион и сл.), а другите замeнски придавки имаат исти форми со придавките.

Бројни придавки. - Бројните придавки, исто така, во основата, имаат еднакви форми со придавките. На пример: прв(и), прва, прво - први и определено: првиот, првата, првото - првите. Исто и: втор (и), трет(и), четврт(и), петти, пести, седми, осми, деветти, десетти итн.

В е ж б и

1. Одговорете на пршањата со употреба на заменски придавки во одговорот:

Каде е твојот другар? - Каде се вашите книги? - Кадес се наоѓа нивната куќа? - Каде е нејзиниот мантил? - Чија е оваа книга? - Чие е ова дете? - Чии се овие тетратки?

2. Дополнете ги речениците со заменски придавки:

... училиште е анјубаво. - Од ... работа сум многу задоволен. - Дали ... сестра свири на пијано? / Не, ... сестра не свири на пијано. - Бројот на .... телефон е 32-77. - Кажете му на ... колега дека сакам да разговарам со него. - ... фустан е подобро сошиен од ... - Вчера го сретнав ... брат.

3. Одговорете на прашањата со употреба на бројни придавки:

Кој час е овој? - На кој колосек стои возот за Белград? - Која лекција ќе ја земеме утре? - Кој месец во годината е мај? - Кој ден во неделата е четврток? - По кој час има одмор? -

Кое е по ред ова твое доаѓање во Охрид (во Скопје, во Македонија, во Југославија)? - На која станица одовде треба да слезам од автобус?

## НА ГРОБОТ НА ДЕНИЦИЈА

(П. Андреевски)

"Копнеејќи за неа јас често седам во нејзината сенка ..."

Стар Завет

Над мене сив облак и сива орлица
се договараат за нешто,
а јас мислам дека кај тебе
ме потскажуваат, Деницијa.
Оти дошто видов кула и пладневна топола
беа како твојата става, Деницијa.
Дошто сретнав омарнина и жито во движење
беа како твојата коса, Деницијa.
Дошто открив сончоглед и светла пушкарница
беа како твоите очи, Деницијa.
Дошто сретнав залез, дошто пресеков лубеница
беа како твојата уста, Деницијa.
А сите мери житен уем, сите круши кантарки
беа како твоите дојки, Деницијa.
Дошто ме размина мило и отпетлано крило
беа како твоите клепки, Деницијa.
Дошто скинав сламка и маслинова гранка
беа како твоите прсти, Деницијa.
Дошто отворив прозорец и непрочитана книга
беа како твоите предници, Деницијa.
А сите напуштени мамузи и узенгии
беа како твоите обетки, Деницијa.
Дошто чув за разлутени ридови и мориња
беа како твоите колкови, Деницијa.
Дошто видов глуварици и плужни ралици
беа како твоите стапала, Деницијa.
И видов што видов и ништо не видов
оти вазден се исначувам по душата од мртвите,
вазден слегувам по дождот и маглите

и секаде задоцнувам да те стигнам тебе.
Потоа ѕемнам нај што мислам дека ќе поминеш
и сите градски порти ги оставам отворени
во секое време за да можеш да се вратиш.
Ти ме призираш и од небото и од земјата,
а мене никако не ми успева да ти кажам
дека и мојата смрт започна по твојата
и дека блажено е да се живее, а поблажено да се умира,
мислејќи само на тебе, Деницијa.

("Деницијa", Скопје 1966)

3. <u>Претворање на директниот во индиректен говор</u>

1. Работете според моделот:

Митко: Има ли музеј во Охрид? --- Митко го прашува Душко дали има музеј во Охрид.

Душко: Да, во Охрид има градски музеј. --- Душко му одговара дека во Охрид има градски музеј.

Митко: Може ли од Охрид да се телефонира во Љубљана?

Душко: Да, од Охрид може да се телефонира во секој град на Југославија.

Митко: Дали им пишуваш на твоите во Скопје?
Душко: Им пишувам скоро секој ден.
Митко: До кога остануваш во Охрид?
Душко: Во Охрид останувам до крајот на овој месец.
Митко: Со што ќе патуваш за Скопје?
Душко: За Скопје ќе патувам со авион.
Митко: Имаш ли извадено карта?
Душко: Да, јас имам повратна карта.

2. Работете според моделот:

Митко: Да ја земам ли книгава? --- Митко го праша Душко дали да ја земе книгата.

Душко: Земи ја! --- Душко му рече да ја земе.
Не земај ја! --- Душко му рече да не ја зема.

Митко: Да ја отворам ли вратава?
Отвори ја!
Немој да ја отвораш!

Митко: Да му телефонирам ли на колегата?
Душко: Телефорнирај му!
Не телефонирај му!
Митко: Да извадам карта за кино и за тебе?
Душко: Извади за мене две карти.
Немој да вадиш за мене.
Митко: Да дојдам ли да те земам со кола?
Душко: Дојди!
Не доаѓај!
Митко: Да го земам ли и колегата со мене?
Душко: Земи го!
Немој да го земаш!

## Ц В Е Т

(Ј. Бошковски)

(одломка)

Во дворот на детскиот дом, потонат во попладневна тишина и замајлив мирис на расцветани липи, влезе еден висок млад човек, облечен само по кошула, со палто префрлено преку левата рака. Чекореше полека, со малку поткрената глава и подвиткани, како да носат тага некаква, снажни рамена...

Од шумот на стапките по патеката посипана со ситен чакал, девојката го сети неговото идење; ја крена изненадено главата и, преклопувајќи ја книгата, брзо му појде во пресрет.

"Брате некого?" запраша.

"Да, рече тој. Имам дете овде. Сакам да го видам."

Зборуваше со тивок глас, длабок и трепетлив.

"Жалам, но не е ден за посета", рече девојката, загледувајќи го испитливо.

"Знам, но... На патување сум. Ве молам, другарке, направете едена мала отстапка од вашиот ред..."

"А мајка ѝ... Знае ли за оваа посета?"

"Не, сам веќе тој. И не би сакал да знае. Мислам дека и без тоа, како татко, имам право да го видам своето дете."

"Тогаш почекајте малку", се согласи девојката. "Сега децата спијат."

"Благодарам", рече и отиде под липата. Седна.

Над него,од липата, се рони по некој прецветан цвет. И тоа е единствениот шум, единствено движење што го нарушува мирот на овој мртов попладневен час. Човекот седи и го слуша звукот на своите мисли. Размислува за минатото. Не мисли на жената што му ја споменеа пред малку, на мајката на неговото дете; од неа се раздели како со човек со кого немале веќе ништо да си кажат еден другому. Мисли на тоа како луѓето не можат да ја разберат љубовта и тагата човечка. Го осудуваа кога се разведе. За тоа што ја остава неа, мајката на детето. Еве и сега - сестрава од домот. Го загледува како судија, а во прашањата нејзини звучи скришен прекор. Зошто?

И некој немир и тага му се разлева низ сета внатрешност, кога мисли на детето. Сакаше само да го види, да успокои еден свој одамнешен немир. После ќе замине.

Тивок шум по песочната патека. Растревожен и немирен, крева глава. По патеката, накај него иде сестрата и води за рака полнечко, петгодишно девојченце. На сонливото главче се истурило златото на извитканите кадрици. Тоа гледа со широко отворени, зачудени очи кон човекот што тргнал накај нив - и веѓите му се собираат. Детето подзастанува и се припива до престилката на сестрата.

"Оди, душо, тоа е татко ти", го трга за рака.

Човекот, потклекнат, чека со раширени раце. Детето уште повеќе се трга назад. На лицето од таткото гасне усмевката, како облак кога ќе засени сончев зрак. Прави два чекори до детето, го гали по кадриците и лицето, и тоа, по малку, како најдено маченце кога ќе сети дека го галат, се ослободува.

"Зошто не сакаш кај мене, Јасна? Јас сум ти татко, мило..."

"Не. Не си ми ти татко", зборува детето.

"Не? А кој?"

"Не си ми ти", повторува. "Татко ми е лош човек!"

Изненадено, како кривец, ја погледнува тој сестрата. Таа стои настрана и молчи. Сакаше да го праша детето: кој ти го рече тоа? Се премисли. Знаеше.

"А сакаш ли да дојдеш со мене. Да се рашетаме", му се загледа во јасните детски очи.

"Сакам ..."

Тој го зеде детето за рака и излезе.

Одеа по алејата на паркот, засенчена од високите дрвја, по чии врвки сонцето го сипеше руменилото на своето зајдување. Настануваше пријатна предвечерна прохладност.

Човекот го притискаше во својата рака рачето од детето, занесено заслушан во неговото брборење - му се чинеше дека слуша грголење на тивок планински извор. Тоа чистата душа на детето се отвораше. А детската душа е како оние цветови: кога е мрак тие се затворени, а штом ќе ги озари светлината на сонцето, широко ги раствораат своите круници.

("Луѓе и птици", Скопје 1955)

## ОСМА ЛЕКЦИЈА

1. Минато неопределено време
2. Лично-предметни заменки
3. Претворање на директниот во индиректен говор

### 1. Минато неопределено време

Минато неопределено време се образува од сегашното време на помошниот глагол сум и л-формата на глаголот што се менува. Формите на сегашното време на помошниот глагол се: едн. - сум, си, е; мн. - сме, сте, се. Во третото лице на минатото неопределено време л-формата доаѓа сама, без формите на помошниот глагол - е, се. Според тоа дали се зема свршена л-форма (која стои наспрема минато определено свршено време) или несвршена (која стои наспрема минато определено несвршено време) имаме минато неопределено свршено и минато неопределено несвршено време.

1. Свршено

| | а-група | и-група | е-група | |
|---|---|---|---|---|
| едн. | сум прочитал | сум измислил | сум пресекол | сум испил |
| | си прочитал | си измислил | си пресекол | си испил |
| | прочитал | измислил | пресекол | испил |
| мн. | сме прочитале | сме измислиле | сме пресекле | сме испиле |
| | сте прочитале | сте измислиле | сте пресекле | сте испиле |
| | прочитале | измислиле | пресекле | испиле |

2. Несвршено

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| едн. | сум читал | сум мислел | сум сечел | сум пиел |
| | си читал | си мислел | си сечел | си пиел |
| | читал | мислел | сечел | пиел |
| мн. | сме читале | сме мислеле | сме сечеле | сме пиеле |
| | сте читале | сте мислеле | сте сечеле | сте пиеле |
| | читале | мислеле | сечеле | пиеле |

Минатото неопределено свршено време од несвршени глаголи има ограничена употреба во литературниот јазик (сум носил, сум бројал, сум секол, сум пиел и сл.) како и соодветните форми на минатото определено свршено време од несвршени глаголи; тоа е, меѓутоа, сè уште живо во народните говори и се среќава во јазикот на некои писатели. Формите на минатото неопределено несвршено време од свршени глаголи (сум износел, сум изброел, сум пресечел, сум испиел, сум чуел и сл.) не се употребуваат самостојно, а само во конструкции со ако, да (во условни реченици) или со ќе како идно прекажано време (сп. со соодветните форми на минатото определено несвршено време од свршени глаголи - ако, да износев, ќе износев и сл.).

Глаголската л-форма во минатото неопределено време се согласува по род (во еднината) со именката во субјектот на реченицата: човекот рекол, жената рекла, детето рекло.

Минатото неопределено време се употребува за директно кажување и за прекажување.

За директно кажување најчесто се употребуваат формите за прво лице: Сум ти рекол дека не одам повеќе кај нив. - Сум чул дека ќе одиш да учиш во Скопје. - Не знам ништо за нив да ти кажам; не сум ги видел скоро цела година. - Сум ти кажал да не се расправаш со него. - Сме остареле, сме дооделе, та сега секој бега од нас.

Со значење на прекажување формите на ова време се употребуваат кога соопштуваме дејства (настани) што сме ги дознале на посреден начин, за кои нè сме директни сведоци. Во ваква употреба најчесто доаѓаат формите за трето лице: „Една вечер тој негов прадедо наместил на една врвица во некоја корија стапица за диви свињи.

Била есен, едно дождливо време, тој одел секоја утрина да си ја нагледа стапицата. Одел така неколку време сè до она утро, кога уште од далеку чул како нешто плаче. Плачело нешто во таа шума, вресколо нешто толку жаловито и толку болно, што оној не можел да не потрча кон таму... Трчал оној, готов да помогне, а било толку слично како да плаче жена, она леленање. Како да плаче мајка, толку болно, а оној се истепал трчајќи низ ќаа мокра шума." (С. Дракул, "Белата долина").

Со значење на прекажување може да дојдат и формите за прво лице, до колку прекажуваме нешто што било поврзано со нас, но подоцна сме го дознале: Сум имал одвај две години кога татко ми нè оставил и заминал на печалба. Веднаш потоа сум паднал тешко болен и дури по три месеци боледување одвај сум се накренал.

При прекажувањето говорното лице може да го изрази и својот став на согласување (како во горните примери) или на несогласување спрема тоа што го прекажуваме: Тој ќе ме учи дека сум немал право така да постапам!, - т.е. не е точно дека сум немал право така да постапам.

В е ж б и

1. Менувајте ги во минато неопределено време следниве глаголи: посака, влезе, викне, дојде, каже, најде, испере, исплете; сака, оди, наоѓа, пее, се смее.

2. Прочитајте ги следниве реченици и образувајте сами (прашања и одговори) реченици од тој тип:

Дали си вечерал? - Не, уште не сум вечерал. - Сум вечерал, затоа не ми се јаде. - Си се видел ли со Марко? - Не, не сум го видел. - Не не сме се виделе. - Дали сте го гледале филмот "Јад"? - Да, досега сме го гледале двапати. - Не, уште не сме го гледале.

3. Пополнете ги речениците со соодветните форми на минато неопределено време од глаголот биде:

Јас .......... во Охрид. - Марко не ..... во Охрид. - Јас не ........ во Охрид. - Ти не ........ во Охрид. - Милан и Дарко ..... во Охрид. - Тој не ..... во Охрид. - Милан и Дарко не ..... во Охрид. - Драгица ..... во Охрид. - Ние ........ во Охрид.

Вие не .......... во Охрид, - Лилјана и Марија .... во Охрид. - Тие .... во Охрид. - Кога .... тој во Охрид? - Кога ............ вие во Охрид?

4. Одговорете позитивно и негативно на прашањата:

Дали си ручал? - Дали сте ја посетиле изложбата во Галеријата на современата уметност? - Дали сте ги купиле овие книги? - Дали сте биле досега во Охрид? - Дали сте се капеле во езерото? - Сте ја прочитале ли оваа книга. - Сте биле ли кај нив дома? - Дали си ги разгледал културно-историските споменици во градов?

5. Поставете прашања за следниве реченици:

Таа уште не го прочитала романот "И бол и бес" од С. Јаневски. - Ние не сме биле никогаш на Јадранско Море. - Тие патувале со кола. - Охридскиот музеј сум го посетил двапати. - Овие песни сум ги слушал по радио. - Вакви филмови сме гледале на телевизија. - Овој човек никогаш не сум го видел. - Не одговориле на сите прашања, зашто некои работи не им биле јасни.

6. Следниов текст прекажете го со минато неопределено време:

"Стражарот не го виде веднаш, дури кога беше среде улицата, го стресна неговата ненадјена појава. Не успеа да ја крене пушката, истрелот од пиштолот го погоди; стражарот падна испуштајќи ја пушката, а Орце се стрча кон вратата. Се обиде да ја отвори, вратата беше затворена. Орце бесно затропа. Знаеше дека секој час под него ќе удри динамитот, затоа тропаше со сета сила, вратата се тресеше како да се откорнува.

Најпосле чу како горе некој претпазливо се појавува на врвот од скалите, придружен со светлина. Орце само му ја виде сенката и завика одоздола, со глас што одзиваше низ мрачниот отвор на скалите." (Ј. Бошковски, "Солунските атентатори").

## ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

(легенди)

Местото кај што е денеска Охридското Езеро од старо време било поле со најубави ливаѓе.

Близу до градот Охрид имало едно изворче многу длабоко и направено како бунар со капак одозгора, да се заклопува како некоја кутија, што да нема влакно од кај да излезе нити да влезе

внатре. Градот Охрид бил како некое село и,бидејќи немало во градот ни чешма ни пе бунар, си лееле вода од изворчето oриѓанските жени: секоја жена, што ќе залеела вода од изворчето, требало убаво да го затвори капакот...

Се нашла една глупава невеста што си залеала една вечер вода и од мрза, али од будалштина нејзина, не го затворила изворот со капакот. Штом се нашол изворот со отворен капак, и си изврел изворот од устината надвор, та си текол, текол целата ноќ и се исполнило сето поле: станало цело блато.

Кога се обзорило, отишле жени да леат вода и што да видат - сето поле се удавило од водата од изворчето и не могле веќе да се приберат да си залеат од изворчето вода, ами си залееле открај... Од ден на ден растела водата, растела, дури се сторило цело езеро како што го гледаме и денеска што е најголемо езеро.

× × ×

За Охридското Езеро се велело од стари луѓе оти дно немало. Мнозина луѓе го мериле да му ја видат длабочината колкава му е, и секој што го мерил кажал колку аршина е длабоко. Некоја жена (едни велат оти некоја царица била) и таа отишла да го мери колку е длабоко; мерејќи го баш во средето, како да сакаше езерото да ја отнаже таа жена од таа севда, да не го мери, оти не ќе може крај да најде на длабочината, тики открај што си било езерото тивко и мирно, туку беше се дигнале едни талази колку едни планиње и го дигнале каикот на жената, и почнал каикот да се готви да се удави; бре држ го дујменџиите (кормиларите) дујменот (кормилото), бре крепи, ѓоа да не се удави, арно ама "со глава ѕид не се турка", што рекле.

На тој страв од жената, паднала на колениці и почнала да се моли на бога и да му таксува, да направи еден манастир тамо каде што ќе ја избави од улавото езеро. Штом си таксала да направи манастир, и почнале талазите да се смалуваат, и лека-полека излегол каикот на брегот, та се куртулисала жената и тие што беа во каикот.

- Е, уште еднаш за ум нека ми биде ова, - им рекла на каикчиите - што дојдов да го мерам езерово. - Велејќи така жената, и веднаш беше заповедала да се направи на истото место еден манастир и го крстила "Заум", демек од големиот страв што го видела таа

го нарекла манастирот така, да гледа во него и да паметува оти ќе се удавела. Не само за нея така да гледа и да се чува да не влегува во езерото, ами за секој човек што ќе одел тамо.

Анегдоти

- Веќе цел месец одите на работа пеш. Што е со вашиот автомобил, да не сте доживеале сообраќајна несреќа.

- Не, но најпосле најдов слободно место за паркирање, па не сакам да го загубам.

x x x

- Жено, зошто пак не си ми ги испрала алиштата?
- Зашто немам машина за перење.
- Немала машина ни Клеопатра, па сепак перела.
- Точно, но таа го перела Антоние, а не тебе!

ГУЛАБ НА БАРИКАДА

(С. Јаневски)

Негдека некој си борец
лежел во барикада
над него високо горе
минувал гулаб над градот.

Борецот - лирик со стрелба
песна непоена кликал
гулабот летал со желба
в сонце да измие лика.

Татнела војна, а градот
в лутица болка се свивал
пиштеле мини, од чадот
тежела копрена сива.

Сонцето кога со лице
пробило обична мрежа,
видело - борец и птица
во смртта здружени лежат.

Окопот в пламења горел,
тие со мртвите очи
гледале - младата зора
тага и солзи кај точи.

2. Лично-предметни заменки

Во лично-предметните заменки спаѓаат: кој, што, чиј и изведените - некој, секој, никој, нешто, сешто, ништо. Од лично-предметните заменки се употребуваат и следниве форми за директен и индиректен предмет: кого, кому (покрај: на кој) - за машки род; некого, некому (покрај: на некој), секого, секому (покрај: на секој), никого, никому (покрај: на никој).

Формите за род се: кој, која, кое, а за множина за сите три рода -кои; исто и: чиј, чија, чие - чии, некој, некоја, некое - некои, секој, секоја, секое - секои, никој, никоја, никое - никои. Од што и изведените нешто, сешто, ништо нема други форми.

В е ж б и

1. Прочитајте:

1. Кој е овој човек? - Тоа е нашиот професор. 2.Кој има денешен весник? - Јас имам днешен весник. - Душко има денешен весник. 3. Кои се овие луѓе? - Тоа (тие) се туристи од Холандија. 4. Која е оваа жена? - Таа е нашата сосетка. 5. Кое дете е ваше? - Никое, овде не е нашето дете. 6. Што имаш на клупата? - На клупата имам молив, тетратка, учебник и речник. 7. Што има во собата? - Во собата нема ништо, таа е празна. 8. Што има во твојата канцеларија? - Во мојата канцеларија има едно работно биро и еден стол. 9. Што е ова? - Тоа е книга. 10. Што е она?-- Она (Тоа) е мачка. 11. Што се тие работи? - Ова се белешки од предавањата.

2. Поставете прашања со употреба на лично-предметни заменки за следниве реченици:

Македонско-руски речник имам јас. - Ние бевме минатата година во Белград. - Тоа е молив. - Ние читаме на секој час. - Ние го разгледуваме најновиот број на "Остен", а вие читате "Нова Македонија". - Јас бев вчера на театар. - Ние ќе одиме в недела на излет. - Јас го познавам тој човек.

3. Одговорете на прашањата:

Кого го сретна завчера? - На кого му ја даде книгата? - Кому му порача да дојде? - Кого го праша дали имаме час? - На кого му испрати писмо? - Кому му телефонира?

4. Прочитајте и одговорете на прашањата:

Чиј е овој молив? - Чии се овие книги? - Чија е оваа куќа? - За чија колешка расправате? - Чии се овие деца? - Чие е ова палто?

5. Поставете прашања за следниве реченици:

Овие учебници се на мојот колега. - Тетратките не се мои? - Оваа кола е на мојот сосед. - Нашите соседи отпатуваа во странство. - Ова дете е наше. - Тие книги се нејзини.

Забелешка: Лично-предметните заменки кој, која, кое - кои (којшто, којашто и сл.), што и поретко чиј, чија, чие - чии (чијшто, чијашто и сл.) се употребуваат и како сврзници во зависно-сложените релативни реченици.

НЕБИДНИНА

(А. Шопов)

- фрагмент -

Водо непрозирна, водо црна,
ти што откинуваш секој ден
по еден никнат цвет
од каменот на моето чело
и го фрлаш во мрачни бездни
под леката лушпа на своето тело,
водо непрозирна, водо црна,
кој ти го даде тој облик
на таа мисла прекрасна и страшна
што го обвива моето срце
како стебло млада срна,
кој ти го даде тоа име
водо непрозирна, водо црна.

Кој тоа невидлив во мене седи
и пали таен оган,
кој ѝ го руши на крвта ѕидот,
кој ми го краде слухот,
кој ми го одзема видот,
кој пласт врз пласје неуморен реди.
кој тоа во мене невидлив седи.

× × ×

Стебло што самееш на ридот,
мака во ровна земја,
кој ти ги даде моите очи
што зреат во сонот на твоите лисје.
Погледу зелен, зелено вишнеење,
кој нè осуди на исто бдеење.
Стебло што самееш на ридот,
мако во ровна земја.
од каде твоите длабини во мене,
од каде ти во мојата крв.
Кој ги избриша со рака лесна
сите далечини,
сите близини,
кој ни ја досуди таа небиднина
да бидам стебло, да бидеш песна.

("Раѓање на зборот", Скопје 1966)

3. Претворање на директниот во индиректен говор

1. Работете според моеделот:
Марија: Дали купи весни? --- Марија ја праша Билјана дали купи весник.
Билјана: Да, купив. --- Билјана ѝ одговори дека купи.
Не, не купив. --- Билјана ѝ одговори дека не купи.

1. Марија: Дали го испрати писмото ?
Билјана: Да, го испратив.
Не, не го испратив.
2. Марија: Дали ја напиша домашната задача?
Билјана: Да, ја напишав.
Не, не ја напишав.
3. Марија: Им телефонира ли дома?
Билјана: Да, им телефонирав.
Не, не им телефонирав.
4. Дали се пресели во новиот стан?
Билјана: Да, се преселив.
Не, не се преселив.
5. Марија: Дали ја врати книгата в библиотека?
Билјана: Да, ја вратив.
Не, не ја вратив.
6. Митко: Дали полагаше испит по физика?
Душко: Да, полагав.
Не, не полагав.
7. Митко: Беше ли на кино?
Душко: Да, бев на кино.
Не, не бев на кино.
8. Митко: Се виде ли со Никола?
Душко: Да, се видов.
Не, не се видов.
9. Митко: Дали го положи испитот по математика?
Душко: Да, го положив.
Не, не го положив.
10. Митко: Дали ја испрати колешката на станица?
Душко: Да, ја испратив.
Не, не ја испратив.

2. Работете според моделот:
Марија. Дали купи весник? --- Марија ја праша Билјана дали купила весник.
Билјана: Да, купив. --- Билјана ѝ одговори дека купила.
Не, не купив. --- Билјана ѝ одговори дека не купила.
1. Марија: Дали беете со Сашо на театар?
Билјана? Да, беме.
Не, не беме.

2. Марија: Дали беше на плажа?
   Билјана: Да, бев.
   Не, не бев.
3. Марија: Дојде ли и Душко со вас?
   Билјана: Да, дојде.
   Не, не дојде.
4. Марија: Ја прочита ли книгата?
   Билјана: Да, ја прочитав.
   Не, не ја прочитав.
5. Марија: Го купи ли капутот?
   Билјана: Да, го купив.
   Не, не го купив.
6. Митко: Дали му ги даде парите на Никола?
   Душко: Да, му ги дадов.
   Не, не му ги дадов.
7. Митко: Ги донесовте ли книгите?
   Душко: Да, ги донесовме.
   Не, не ги донесовме.
8. Митко: Извади ли карти за кино?
   Душко: Да, извадив.
   Не, не извадив.
9. Митко: Дали беа твоите колеги во Крушево?
   Душко: Да, беа.
   Не, не беа.
10. Дали дојдоа сите на час?
   Душко: Да, дојдоа.
   Не, не дојдоа.

## ДЕВЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Минато-идно време
2. Броеви
3. Релативни реченици

### 1. Минто-идно време

Минато-идно време се образува со партикулата ќе и формите на минато определено несвршено време од глаголите (и од несвршените и од свршените).

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| едн. | 1 л. | ќе читав | ќе броев | ќе кинев | ќе пеев |
| | 2 л. | ќе читаше | ќе броеше | ќе кинеше | ќе пееше |
| | 3 л. | ќе читаше | ќе броеше | ќе кинеше | ќе пееше |
| мн. | 1 л. | ќе читавме | ќе броевме | ќе кинеѕме | ќе пеевме |
| | 2 л. | ќе читавте | ќе броевте | ќе киневте | ќе пеевте |
| | 3 л. | ќе читаа | ќе броеја | ќе кинеа | ќе пееја |

Исти се формите и од соодветните свршени глаголи: ќе прочитав, ќе изброев, ќе скинев, ќе испеев и сл. (в. VI лекција).

Како и идното време, минато-идно време има двојни негирани форми: со немаше - немаше да читам (прочитам), немаше да читэш (прочиташ) итн., немаше да бројам (избројам), немаше да кинам (скинам), немаше да пеам (испеам), и со негацијата не - не ќе читав (прочитав), не ќе читаше (прошиташе) итн., не ќе броев (изброев), не ќе кинев (скинев), не ќе пеев (испеев).

Анегдота од НОБ

## КАНТАРОТ НА НАЌЕ

Справедливоста и еднаквоста меѓу борците беше работа што во партизанскиот живот ја донесовме од нашето сновеско време. Строго се внимаваше никој да не биде онеправдан во што и да било.

Јадењето се делеше на еднакви делови, а понекогаш и со ждрепка ќе се определеше кој дел кому ќе му припадне.

Милан Даскалот — Наќе беше од најстарите комунисти во одредот. Еднаш му се падна да го дели лебот во неговата десетина. Веднаш го распосла шаторското крило на земјата и го стави врз него селскиот леб што ќе го делеше. Важеше за совесен човек, а беше и весел, умееше да се пошегува. Додека го делеше лебот, се трудеше да не згреши, па секое парче долго ќе го одмереше во раката и потоа ќе го ставеше на шаторското крило.

- Ајде, братучед, како кантар си! - се одушевуваше Петко од ваквата постапка на Наќе.

Но, раката си е рака, па лебот не беше исечен на идеално еднакви парчиња. Но никој не посегна сам да си избере; секогаш тој што ќе го поделеше лебот и ќе им ги раздадеше парчињата на борците. Така, на Мајски му се падна најмалото парче, и се побуни. Рече дека го чуди тоа што најмалото парче Наќе не го задржал за себе.

- А ти да беше, што ќе направеше? - го праша Наќе,

- Ќе го земев најмалото, - рече Мајски без двоумење.

- Значи, правилно сум постапил. Го имаш најмалото, - му одговори Наќе.

Се насмевнаме сите, а на Мајски не му остана друго, освен да го земе парчето и да ја прифати шегата.

(Според "Кантарот на Наќе","Остен")

### Значење и употреба на минато-идно време

а) Минато-идно време означува минато дејство кое се определува како идно во однос на друг минат момент: Жедните за сеир момчиња набргу го расчистија местото каде што ќе излезеа двајцата

натпреварувачи. - Млад патник со кожен мал куфер се качил на патничкиот брод "Викторија", кој по еден час ќе фатеше правец за Истанбул. - ...трчаше од ќош в ќош, бараше нешто, сигурно нешто со кое ќе можеше пак надвор да истрча.

б) Многу често минато-идно време доаѓа во прирокот на главниот дел на зависносложената условна реченица; ваквите условни реченици означуваат иреален услов: Ако ја разберевме ние нашата сила, одамна ќе го направевме животот среќен. - Ако некој го видеше, бездруго лицето ќе му се искривеше од ужас. - Риса сиот пат го колнеше што се замешал во такви работи: ако беше мирен ќе си останеа во градот и ќе си живееја како и досега. - Беа веќе многу далеку и селото не се гледаше, но ако се завртеа ќе ги видеа пламените јазици што се подаваа над ридовите. - Тогаш ако ја најдев ќе ја убиев. - Куршумот осигурно ќе ја раздробеше, ако навреме не се закри зад широкиот грб на буката. - И ќе беше фатен, ако не се разбудеше. - Ако не беше татко ти да ме одбрани, ќе ме задавеше. - Ако мојата омраза не беше толку длабока, можеби ќе ги пожалев. - Да беше голема поплава, тие ќе се качеа на покривите на покиснатите куќи и... ќе ја гледаа причината на нивното бегство. - Да беше голем пожар, ќе избегаа во реката и оттаму ќе го гледаа распаѓањето на куќите, во воздухот. - Да бев таму, уште тогаш ќе ми го свиткавте вратот. - Повеќе ќе се радував да бев прав. - Да смееше, да можеше, ќе се наведнеше кон Христос и во увото ќе му прошепнеше. - Да ми свикуваше можеби помалку ќе му се плашев, но молчеше... - Да не беа оние две грутки снег на подот, ќе си помислев дека тоа било само сон. - Да знаев дека ќе бидете такви, многу побргу ќе ви дадев да јадете.

Анегдота

ПОДМЛАДУВАЊЕ

Отишол еден селанец во градот кај некој свој роднина, па влегол во една дваесеткатница. Во тој момент влегла во лифтот една стара жена. Вратата се затворила. По кусо време се вратил лифтот и од него излегла една млада убава девојка. Селанецот ги ококорил очите и вчудоневидено си рекол: "Ах, мајката, да знаев со мене ќе го земев и старичено мое".

("Остен")

в) Минатото-идно време се употребува и надвор од зависносложената условна реченица; условот при тоа не е искажан, а претполаганото идно дејство во минатото пак се изразува како нереализирано: Ќе го отепаа ( = не го отепаа). - Башиот талент е војнички, досега ќе бевте генерал. - Не. Тоа ќе имаше уште полоши последици. - Зошто одби? Побргу ќе ти поминеше времето, а можеби ќе заработеше и некое отсуство. - Сестра ми ја убија германските бомби, сега тоа ќе беше жена од дваесет и седум години. - Но мене заради ова двапати ќе ме казнеа, а третиот пат ќе ме исфрлеа одовде. - Можевме да останеме и за попладневниот авион. Ќе си купев нешто за облекување. - Еден ден косата од корен ќе ѝ ја искубеа кога им рече дека има син со партизаните. - Токму заради тоа тој само се намурти. Инаку, гестот на старецот повеќе ќе го налутеше. - Волците ќе го изедеа. Знаеш, кучињата за него се бореа. - А студиите ќе ги продолжеше. И можеби ќе ги завршеше. - Да, ќе ја убиеше. Но не ја уби. - Само за тоа ќе морам да се вратам дома, инаку ќе останев овде. - Ќе бевме двајцата мртви.

И во адверсативни (спротивни) реченици: Ќе лутав многу, ама ене, ме пленија твоите стражари. - Аџигого и не ќе сфатеше, тој и ќе останеше овде, ќе мислеше дека Вани по мeѓата не може да се накачи и ќе останеше, но откри од каде тие искри во очите на Вани... - Тој лесно ќе плукнеше на беговските пофалби и ќе се прибереше во усоите. Ама планината за него сега криеше неизвесност и смрт.

г) Дека е дејството искажано со минато-идно нереализирано во минатото се укажува и со изразот <u>за малку</u>: За малку ќе го испуштев возот ( = не го испуштив). - А мостовите... за малку ќе се најдевме во реката. - ... старецот се заниша и за малку ќе паднеше, но селанецот го фати за рака. - За малку ќе умрев ... - Блесокот во очите на старецот стана матен, мек и влажен, уште (за) малку и ќе се расплачеше.

д) Минатото-идно време има многу честа употреба за изразување на вообичаени, повторувани дејства во минатото: Свадба или друга некоја веселба ќе станеше, Мануш таму ќе се најдеше (т.е. секогаш кога имаше свадба или веселба, Мануш беше таму). - Ќе каснеше три-четири залака и ќе пиеше долго и мрзливо вода и потоа легну-

ваше на гроб. - Но за миг ќе се смиреше сè и тие одново почнуваа да си фрлаат снег во вратот. - Кога ќе речеше нешто, за тоа повеќе не спомнуваше. - Кога ќе му смачеше, тој се враќаше во дворот... - Кога децата ќе се лизнеа, ги раширувааа рацете и чудни фигури правеа во воздухот. - Кога ќе се вратеше назад, кантите ги наоѓаше полни со снег и одново ги бркаше децата. - Понекогаш божем случајно Јован ќе се опулеше со едното око на Мануша. Само понекогаш ќе излезеше некој, ќе се искашлаше, свртувајќи се во круг, и одново ќе го снемаше. - Секогаш кога во коридорот ќе се зачуеја стапки, Ињо се тргаше од тешкото бунило во кое западна. - Од време на време ќе залаеше куче.

## Од АВТОБИОГРАФИЈАТА на Б. Нушиќ

... И во гимназијата добро поминав. И ден-денес се сеќаваат на мене сите мои професори, како што се сеќавам и јас на нив.

На пример, каков беше мојот професор по географија? Денес нема толку јаки луѓе во Србија. Шепата му беше како лопата, господи прости ми. Ти можеш да скршнеш со главата како што сакаш, но тој не можеше да те промаши. А имашe и специјален метод на нагледност во предавањето. Така, на пример, треба да ни го објасни планетарниот систем и тој тоа вака го правеше: ќе го викнеше надвор некојси Живко, највисокиот ученик меѓу нас, на кој веќе и мустаќи му изникнале. Ќе го поставеше среде училницата и ќе му речеше:

- Ти си сонцето. Стој овде мирно и врти се полека околу себеси.

Потоа ќе викнеше еден од нас со среден раст и ќе му речеше:

- Ти си земјата. И ти ќе се вртиш исто така околу себе, но, вртејќи се околу себе, ќе трчаш и околу овој Живко, кој е, инаку, вистински магаре, но во овој случај претставува сонце.

Тогаш ќе ме викнеше мене - зашто јас бев најмал во класот - и ќе ми речеше:

- Е, ти си месечината. Ти, значи, мораш да се вртиш околу себе, па вртејќи се околу себе, ќе се вртиш и околу овој што е земја, па со него заедно ќе се вртиш и околу сонцето.

Тој тоа нам толку убаво ќе ни го објаснеше,па потоа ќе го земеше стапот и ќе застанеше како скротувач на ѕверови отстрана, за да може да нè чукне по глава ако некој погреши, и, потоа, на негова команда ќе почнеше едно вртење и трчање, господ да те чува. Не ќе направевме ни еден круг, а сите ние тројцата ќе се струполевме онесвестени. Најнапред ќе паднев јас како месечина, врз мене ќе се испружеше земјата, а на неа сонцето. Ќе се направеше една збрка, па ниту знаеш кој е месечина, кој сонце, а кој земја. Гледаш само: ѕирка една нога на сонцето, или носот на земјата, или задницата на месечината. А професорот гордо стои над тој куп и им го објаснува на другите ученици планетарниот систем.

В е ж б и

1. Глаголите што се во заграда ставете ги во соодветната форма на минато-идно време:

Добра не знаеше што да ѝ одговори на старичката, зашто сè што (каже) (биде) лага. - Ако не пронајдеше стог слама..., и ако не се наместеше убаво во нея, (се врати). - Ако беше дома Борис, таа (нема) храброст да си ја земе бовчата. - Сигурно (продолжи) да мисли на ножот, ако не се случеше она што најмалку го очекуваше во тој миг. - Лошо (биде) ако не дојдев ни денеска. - (Биде) многу полесно ако не знаев дека се дојдени ... - Да беше јастреб или гулаб (долета) на нејзиното рамо и (рече/ѝ) зборови на утеха и надеж. - Да ме викнеа мене, (појде). - Да ѝ го речев тоа, (лаже). - И самиот господ да ми ги понудеше сите свои царства - и тогаш порадосно (стане) твоја љубена. - Да можеше да го види другарот до себе, (види) како немирно му се раздвижуваат носалките... - Да излезеа само пред неколку мига и сè (биде) во ред...- Квичењето на кучињата побуди во нив двајцата мисла дека некој познат доаѓа. Кучињата инаку (лае), не (квичи). - Стариот можеби уште многу (стои) така задуман; го освести лаењето на Карабаш. - Вино,... (заборави) на него. - За малку (падне, се удави, препне, пресече - менувајте еден глагол во сите лица на минато-идно време). - Попладнето битката притивна. Тек-тук (тресне) пушка, човечки глас (спомене) некое име и (потоне) во умората на страшната тишина. - Овде-онде (се забели) ниски кукјарки. - Кога џагорот надвор (стивне), тој

слушаше понекогаш звуци што не постоеја. - Непознатиот повеќе молчеше. Понекогаш само (каже) збор, два.

## 2. Броеви

Основни броеви за одредена бројност се: еден, два, три, четири, пет, шест, седум, осум, девет, десет.

Бројот еден има форми за род - еден, една, едно, и за множина - едни; формата два е за м. род, а формата две - за женски и среден род.

Броевите имаат форми за определеност: едниот, едната, едното, едните; двата, двете; трите, четирите, петте, шесте, седумте, осумте, деветте, десетте.

Приведените броеви се прости по образување; кон нив како прости по образување идат и: сто - стоте, и именките илјада, милион, милијарда.

Од десет до дваесет следуваат сложени образувања со предлогот на: единаесет, дванаесет, тринаесет, четиринаесет, петнаесет, шеснаесет, седумнаесет, осумнаесет, деветнаесет; и определено: единаесетте, дванаесетте итн. Бројот дваесет се образува со просто срастување на компонентите (два+десет), а како дваесет се образуваат и: триесет, четириесет, педесет, шеесет, седумдесет, осумдесет, деведесет.

Другите броеви се сложени состави со сврзникот и: дваесет и еден, триесет и седум, или сто педесет и четири и сл.; кај сложените состави сврзникот и доаѓа само меѓу последните два збора: триста седумдесет и четири, четиристотини педесет и девет илјади двесте триесет и пет

## Мерки

1 кг    еден килограм
2 кг    3 кг два килограма (килограми), три килограми
0,250 кг 250 г двесте и педесет грама, четврт килограм
0,500 кг 500 г петстотини грама, половина килограм, полкило
0,750 кг седумстотини и педесет грама, три четврти
1,300 кг еден килограм и триста грама
1,250 кг еден килограм и двесте и педесет грама, еден килограм и четврт, кило и четврт

1,500 кг еден килограм и петстотини грама, еден и пол килограм, кило и пол

1 л еден литар

2 л 3 л два литра, три литри

0,250 л четврт литар

0,500 л половина литар, пол литар

1 м еден метар 2 м 3 м два метри, три метри

1 см еден сантиметар 100 см сто сантиметри; мм милиметар

Пари

1 дин. еден динар

2 дин. 3 дин. два динара (динари), три динари

1 пара 100 пари = 1 динар

### 3. Релативни реченици

Заменките кој, што, чиј се употребуваат и како сврзници во зависносложени релативни реченици. При тоа, релативните сврзници кој, чиј се согласуваат по род и број со релативизираниот член на главната реченица (сп. формите: кој, која, кое - кои; чиј, чија, чие - чии). Кај месните релативни реченици се употребува сврзникот каде што.

В е ж б и

Образувајте зависносложени релативни реченици според моделот: Скопје е модерен град. Тој се наоѓа на реката Вардар. --- Скопје е модрен град, кој се наоѓа на реката Вардар.

Низ Скопје минува реката Вардар. Таа го дели градот на два дела. - На левиот брег на реката Вардар се наоѓа стариот дел на градот. Во него се наоѓа старата чаршија и голем број културно-историски споменици од средниот век. - На реката Вардар има неколку мостови. Од нив најстар е Камениот Мост. - Во Скопје се наоѓа Народната и универзитетска библиотека. Таа е сместена во нова неодамна подигната зграда. - Недалеку од библиотеката се наоѓа Институтот за македонски јазик. Тој го носи името на Крсте Мисирков. - Реката Вардар има убаво уреден кеј. Тој е шеталиште на скопјани. - Во центарот на градот се наоѓа Трговскиот центар. Во него има модерни

продавници и други локали. - Скопје е важен сообраќаен центар. Низ него минуваат главните железнички и автомобилски патишта. - Низ Скопје минува главната железничка линија.Таа ја поврзува Македонија со соседна Грција. - Скопје е стар град. Неговата историја допира неколку века пред нашата ера. - Скопје има развиена индустрија. Нејзините производи се познати и надвор од нашата земја. - Близу до Скопје се наоѓа излетничкиот центар Сарај. Таму скопјани ги минуваат слободните денови. Крај Скопје се наоѓа планината Водно. Од таму се открива убава панорама на целиот град.

## ДЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Глаголски вид (видски односи)
2. Броеви (сметање)
3. Условни реченици (иреален услов)

### 1. Глаголски вид (видски односи)

Глаголите се делат по вид на несвршени (трајни, повторливи) и свршени.

1. Видската разлика кај неколку глаголи се покажува преку основниот вокал: фрла - фрли, товара - товари, прима - прими, снима - сними, поправа - поправи и др. (Сп. сег. време: фрлам, фрлаш итн. - фрлам, фрлиш итн.

2. Свршени глаголи се образуваат од некои несвршени со суфиксот -не: вика - викне, лета - летне, пука - пукне.

3. Најчесто свршени глаголи се образуваат од несвршени со префикси: тера - дотера, гради - загради, ора - изора, грабе - награба, трча - наттрча, коси - окоси, кине - откине, сака - посака, брои - преброи, влече - привлече, гледа - прогледа, вика - се развика, работи - сработи.

4. Несвршени глаголи се образуваат од одделни свршени со суфиксот -а; при тоа доаѓа и до промена во коренот на глаголот: одговори - одговара, умре - умира, удри - удира, препне - препина, шепне - шепина.

Кај некои глаголи наспрема т, д, н, во свршениот вид, во несвршениот вид се јавуваат консонантите ќ, ѓ, њ пред суфиксот -а (односно -ја): прати - праќа, фати - фаќа, плати - плаќа, роди-раѓа, најде - наоѓа, зајде - заоѓа, се поклони - се клања. И ретко со проширен суфикс: се сети - се сеќава, вети - веќава, смете - смеќава (сп. "ме смете во работата" - "ме смеќава во работата").

5. Најчесто несвршени (обично повторливи) глаголи се образуваат од свршени со суфиксот - ува: внесе - внесува, возбуди - возбудува, донесе - донесува, закопа - закопува, излезе - излегува, напише - напишува, наттрча - наттрчува, обогати - обогатува, опколи - опколува, оддалечи - оддалечува, покаже - покажува, потпали - потпалува, пресади - пресадува, приклучи - приклучува, проколне - проколнува, раздели - разделува, сплете - сплетува.

Покрај суфиксот - ува, пред сè, кај глаголи со општ дел на вокал се јавува и суфиксот - ва: испие - испива, испее - испева, познае - познава, угрее - угрева, насмее - насмева, отруе - отрува.

6. Една група глаголи се јавуваат како двовидски ; на пример: јаде, руча, вечера, праша, кани, цути, дели, гости, греши, наломи, мине, пазари, чести, слика, дарува.

## ДЕВОЈКА ЦВЕТ

(И. Точко)

Ти не сети кога ја заборави девојката цвет. Само се чудиш: Зошто сврши сè така брзо?!...

Најсетне сфати дека младата и убава пролет навева вино во душата со омајните мириси и страсните трепети на својот немир...

Девојката цвет силно ти го привлече погледот. Но не стигна и до твоето срце. Од неа не зрачеше ништо што остава трајни траги... И ти ја заборави...

Не е секогаш убаво она што го мами и привлекува погледот.

Долго и силно се копнее само по убавина што е исплетена и што, како горски поток, кипи од мечти и страсти.

## НЕ МУДРУВАЈ НА БРЕГОТ

(И. Точко)

Ако го пропуштиш крај себе животот, без да го земеш неговиот дар, ти се плашиш или си пријател на мрзата.

Изгубеното никогаш не се враќа.

Знај го тоа и не губи време во бескрајните оправдувања за својата нерешителност.

Не мудрувај на брегот: скокни во водата ако сакаш да научиш да пливаш!

("Вино за душите", Скопје 1968)

В е ж б и

1. Наспрема секој глагол приведете соодветна видска форма:

а) - следниве глаголи и нивните соодветни видски форми менувајте ги во сегашно и идно време:

| | |
|---|---|
| заборави - ....... | сети - ......... |
| пропушти - ....... | сфати - ........ |
| земе - ........... | се врати - ..... |
| остави - ......... | дојде - ........ |

б) - привлекува - .....  налева - .......

| | |
|---|---|
| привлекува - ..... | налева - ....... |
| оправдува - ...... | исмева - ....... |
| навикнува - ...... | истрива - ...... |
| посакува - ....... | завева - ....... |

в) - образувајте глаголи со суфиксот -ува:

| | |
|---|---|
| сврши - ......... | скокне - ....... |
| привлече - ....... | научи - ........ |
| стигне - ......... | распраша - ..... |
| исплете - ........ | пренесе - ...... |

г) - образувајте глаголи со префиксот из-; а потоа од нив со суфиксот -ува:

| | |
|---|---|
| плете - ......... | губи - ......... |
| мами - .......... | мисли - ........ |
| учи - ........... | вина - ......... |
| плаши - ......... | рабсти - ....... |

д) - приведете ги соодветните несвршени глаголи од кои се образувани следниве глаголи:

| | |
|---|---|
| скокне - ........ | чукне - ........ |
| турне - ......... | стисне - ....... |

касне - ........... стигне - ..........

рипне - ........... тропне - ..........

2. Трансформирајте го текстот со употреба на идно време од соодветните свршени глаголи:

Слегуваме од автобус. Се упатуваме кон центарот по главната улица на градот. Одиме полека, пешки. Тешко се пробиваме меѓу многубројните минувачи, вашто тоа е најпрометната улица. Стигнуваме до плоштадот. Свртуваме десно кон туристичкото биро за да се информираме за сместување. Добиваме информација и резервираме соби во еден подобар хотел. Повторно излегуваме на улица и се упатуваме до најблиската автобуска станица. Автобусот нè носи до хотелот. Хотелиерот ни ги покажува собите и ни посакува пријатен одмор.

3. Од потцртаните глаголи во следниот текст употребете ја соодветната форма на свршениот глагол. Внимавајте, при тоа, кое време ќе го употребите:

ВЕЧЕР

( Ц. Андреевски)

Излегувам на брегот да го поздравам коработ на времето. Во црната зеница на вечерта јас сепак го слушам неговиот шум.

На моите рамења слетуваат будните бели птици, а ставата моја, верувам, видлива му е на коработ што го пречекувам.

Во вителот на неговиот шум блеснува морскиот светилник. Всушност тоа е само мојата мисла, што најпосле ја осветлува ноќта за да се открие себеси.

Блескавата нишка на светилникот го води зад себе крикот на коработ.

2. Броеви - Сметање

Основните операции на сметањето се: собирање, вадење, делење и множење:

Собирање

1 + 1 = 2 еден и (плус) еден се два

7 + 2 = 9 седум и два се девет

15 + 3 =18 петанесет и три се осумнаесет

а + в = с а плус в е рамно на с

а, в се собироци ( едн. собирок); с е збир.

Вадење

7 - 2 = 5 два од седум е пет; седум минус две е пет

14 - 4 = 10 четири од четиринаесет е десет; четиринаесет минус четири е десет.

3 - 5 = -2 пет од три е минус два; три минус пет е минус два.

а - в = с а минус в е рамно на с

а е намаленик, в е намалител, а с е разлика

Множење

3 x 5 = 15 три по пет се петнаесет.

5 x 5 = 25 пет по пет се дваесет и пет

7 x 3 = 21 седум по три се дваесет и еден.

а . в = с а по в е рамно на с

а е множеник, в е множител, а с е производ

Делење

16 : 8 = 2 шеснаесет делено со осум е два; осум во шеснаесет е два

9 : 3 = 3 девет делено со три е три; три во девет е три .

21 : 7 = 3 дваесет и еден делено со седум е три; седум во дваесет и еден е три

а : в = с а делено со в е рамно на с

а е деленик, в е делител, а с е количник

Дропки

1/2 една втора, половина; 2/3 две трети, третина; 1/4 една четврта, четвртина; 1/100 една стота; 0,2 нула цело и две десетти; 2,25 пет цели и дваесет и пет стоти; 8,234 осум цели и двесте триесет и четири илјадити.

$\frac{а}{в}$ дропка; а врз в е рамно на ...; а е броител, в е именител

<u>Степенување</u>

$2^2 = 4$ два на втора степен (квадрат) е рамно на четири

$7^0 = 1$ седум на нулта степен е рамно на еден

$a^n$ = <u>a</u> на n-та (ента) степен е рамно на <u>в</u>

$a^2 + в^3 = c^5$ <u>a</u> на квадрат плус <u>в</u> на трета е рамно на <u>c</u> на петта

<u>$a^n$</u> е степен, <u>a</u> е основа, <u>n</u> е степенов показател

<u>Коренување</u>

$\sqrt{36} = 6$ квадратен корен од 36 е шест

$\sqrt[3]{27} = 3$ кубен (кубни) корен од дваесет и седум е три

$\sqrt[n]{a} = z$ <u>n-ти</u> корен од <u>a</u> е рамно на <u>z</u>

<u>$\sqrt[n]{a}$</u> е корен, <u>a</u> е поткоренова големина (величина), <u>n</u> е коренов показател

3. <u>Условни реченици</u>

Завршете ги речениците - употребете минато-идно време:

Ако беше убаво времето

Ако знаев дека ќе дојдеш

Ако научев подобро

Ако стигнев порано

Ако не задоцневте

Да ми јавеше кога ќе дојеш

Да знаев чија е книгата

Да имав слободно време

Да ми кажеше навреме

Да го повикаше

Да се договоревте

Да ми телефонирaвте

Да можеа

Поставете го условот (зависната условна реченица) во следниве реченици:

ќе одев на театар.
ќе ти телефонирав.
ќе купев некој сувенир.
ќе ги поканев и нив.
ќе те чекав на станица.
ќе одевме заедно.
не ќе ги видев.
не ќе го познаевте.
немаше да задоцнам.
немаше да дојдам.
немаше да ги положат испитите.
немаше да победат.

## ЕДИНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Идно прекажано време
2. Броеви - за одредена бројност за лица; - за приближна бројност
3. Целни (финални) реченици

1. Идно прекажано време

Идно прекажано време се образува со партикулата ќе и формите на минато неопределено несвршено време на галголот; при тоа се зема несвршената форма и од свршените глаголи:

| | | |
|---|---|---|
| едн. | ќе сум читал (прочитал) | ќе сум броел (изброел) |
| | ќе си читал (прочитал) | ќе си броел (изброел) |
| | ќе читал (прочитал) | ќе броел (изброел) |
| мн. | ќе сме читале (прочитале) | ќе сме броеле (изброеле) |
| | ќе сте читале (прочитале) | ќе сте броеле (изброеле) |
| | ќе читале (прочитале) | ќе броеле (изброеле) |
| едн. | ќе сум бришел (избришел) | ќе сум пиел (испиел) |
| | ќе си бришел (избришел) | ќе си пиел (испиел) |
| | ќе бришел (избришел) | ќе пиел (испиел) |
| мн. | ќе сме бришеле (избришеле) | ќе сме пиеле (испиеле) |
| | ќе сте бришеле (избришеле) | ќе сте пиеле (испиеле) |
| | ќе бришеле (избришеле) | ќе пиеле (испиеле) |

Идното прекажано време (како и идното и минатото-идно време) има две негирани форми: со нема - немало да одам, немало да одиш, немало да оди итн., и со негацијата не - не ќе сум одел, не ќе си одел, не ќе одел итн.

Со идното прекажано време се прекажуваат дејства што во директното (осведоченото) кажување се искажани со идно или со минато-идно време.

Прекажување на идно време:

1. Јас ќе заминам на службен пат идната недела. --- Јас ќе сум заминел на службен пат идната недела. 2. Утре ќе отпатуваш за Белград. --- Утре ќе си отпатувал за Белград. 3. Вашиот колега ќе се врати в недела. --- Вашиот колега ќе се врател в недела. 4. В сабота ќе учиме. --- В сабота ќе сме учеле. 5. Вие ќе патувате со авион. --- Вие ќе сте патувале со авион. 6. Студентите од вашата година ќе го полагаат испитот по историја следната недела. --- Студентите од вашата година ќе го полагале испитот по историја следната недела.

В е ж б и

1. Горните примери искажете ги со негирано идно и негирано идно прекажано време. На пример: Јас нема да заминам (не ќе заминам) на службен пат идната недела. --- Јас немало да заминам (не ќе сум заминел) на службен пат идната недела.

2. Прекажете ги со идно прекажано време следниве реченици:

Моите соседи нема да купуваат нова кола. - Колешката нема да ти ги донесе книгите од библиотека. - Тој ми рече дека кога ќе се врати од кино ќе ми го раскаже филмот. - Ако одат на театар, ќе не викнат и нас. - Професорот ни рече дека лекцијата што ќе ни ја раскажел лесно ќе ја научиме ако внимателно го следиме предавањето. - Кога ќе пристигнат во летувалиштето ќе ни се јават со писмо. Предавањата од петок ќе се одложат, но ќе се одржат подоцна.

Прекажување на минато-идно време:

1. Жедните за сеир момчиња набргу го расчистија местото каде што ќе излезеа двајцата натпреварувачи. --- Жедните за сеир момчиња набргу го расчистиле местото каде што ќе излезеле двајцата натпреварувачи. 2. Зошто одби? Побргу ќе ти поминеше времето, а можеби ќе заработеше и некое отсуство. --- Зошто си одбил? Побргу ќе ти поминело времето, а можеби ќе си заработел и некое отсуство. 3. Токму поради тоа тој само се намурти. Инаку, гестот на старецот

повеќе ќе го налутеше. --- Токму поради тоа тој само се намуртил. Инаку, гестот на старецот повеќе ќе го налутел. 4. Ако не умреше мајката Дора, сигурно не ќе живееше нашето Ленче. --- Ако не умрела мајката Дора, сигурно не ќе живеело нашето Ленче. 5. Да знаеше Костадин дека ќе мора да го носи внучето со себе дури до железничката станица, немаше да зборува за возот. --- Да знаел Костадин дека ќе мора да го носи внучето со себе дури до железничката станица, немало да зборува (не ќе зборувал) за возот. 6. Трајко не разбираше турски, но одвреме навреме ќе слушнеше по некој познат збор. --- Трајко не разбирал турски, но одвреме навреме ќе слушнел по некој познат збор.

В е ж б и

1. Прекажете ги следниве реченици:

а) Не ја дочека. Таа сигурно ќе дојдеше. Тој тоа го знаеше. - Ќе го отепаа. - Тој сигурно не ќе дозволеше да си заминеш дома. - Не мислеше да се врати таму, но тоа беше најдобар изговор за да се ослободи од Филип. Инаку, не ќе можеше да успее во тоа. - Старият можеби уште многу долго ќе стоеше така задуман; го освести Карабаш. - Тој не постави услов за платата, но тоа ќе дојдеше еден ден. - Марко го мувна со лакот во слабината и за малку ќе го видеа тоа и оние двајца спроводници. - За малку ќе умрев, ама благата вода ме спаси. - Ама за малку ќе паднеше, а ? - Блесокот во очите на старецот стана матен, мек и влажен, уште малку и ќе се расплачеше.

б) Во колибата, ако некој повлечеше линии од сите нејзини ќошиња, тогаш тие ќе се пресечеа токму некаде над мртвото тело. - И самиот чувствуваше дека снагата му е оптегната и жилките во него беа струни, и ако ветерче однекаде дувнеше тие ќе заѕунеа чудна мелодија. - Ако некој го видеше, бездруго, лицето ќе му се искривеше од ужас. - Намерата му беше јасна: ако го откријат динамитот, ќе го запалеше! - Но ако тој "некој" не ја земеше во заштита, неа, да претпоставиме, судот ќе ја прателе таму каде што ве прати и вас. - И ќе беше фатен, ако не се разбудеше. - Да смееше, да можеше, ќе се наведнеше кон Христос и во увото ќе му шепнеше. - Имаше нешто големо и значајно во тој миг,... и уште камбаната

да се разлееваше над селото, тоа ќе беше најголемата свеченост во неговиот живот. - Тие требаше само уште да се поднасмеенат и сè ќе беше во ред. - Де излезеа само пред неколку мига, немаше да ги сретнат. - Набргу, и да се завртеше Доне, Христос не ќе успееше да му ги улови очите. - Ќе дојдеше ли зима, снег ја потиснуваше земјата. - Ќе ја погледнеа ли тие очи, Дафа срамежливо ги спушташе долгите клепки и нејзините тенки веѓи се извиваа како срп. - Ќе се приближеше ли Трајко кон групата селани, веднаш разговорот престануваше, очите се наведнуваа кон земјата.

в) За вечера овчарот Аљуш јадеше необично многу. На бачилото речиси се тураше по земја и млеко, и сирење, а тој ќе земеше еден земјен каленик, голем колку за тројца, ќе надробеше во него цел сомун 'ржан леб. Потоа ќе го земеше бутинот, во кој преку ден бачот го биел млекото, ќе сипеше во него вода, ќе го исплакнеше и така ќе го истуреше врз надробениот леб во каленикот и за час ќе го искаше. - Свадба или друга некоја веселба ќе станеше, Мануш таму ќе се најдеше. - Молчеа и гледаа во пламенчето што се бореше во малечката конзерва, чинеше посегни се над работ и нешто ќе го удреше, ќе го извиеше, па плашливо пак ќе се повлечеште внатре. - Се случуваше да влезе во нивната соба, ќе ја гледаше со своите матни очи, ќе ја отвораше устата да каже нешто и пак ќе излезеше не проговорувајќи. - Борците продолжуваа да доаѓаат и веќе не прашуваа ништо. Само ќе ги истресеа белите висулки мраз на обувките, ќе погледаа малку, а кога тој не ќе им одговореше, ќе заминеа. - Лете спиеше каде ќе го фатеше сонот: на нива, покрај баричката... - Ретко и секавично ќе се појавеше некоја искра од изблeден спомен и веднаш ќе потонеше во празнината на душата. Навесен откога ќе се соберела пченките и откога луѓето од нив ќе направеа висалки за идните посеви, тие печеа сугарни (млади) кочани со врбови прачки. - Тек-тук ќе тресенеше пушка, човечки глас ќе споменеше некое име и ќе потонеше во умората на страшната тишина. - Два-три пати во неделата ќе се отвореа крилата од вратата и ќе ги пуштеа во дворот коњите натоварени со покуќнина. - Напати Јаглика подисплашено ќе речеше: - како некој да тропа, Солунче. - Одвреме навреме ќе залаеше куче. - Секогаш кога ќе помислеше за тоа, во паметта на Трајка му се

јавуваше искривеното лице... на татко му. - Само понекогаш ќе излезеше некој, ќе се искашлаше, свртувајќи се во круг, и одново ќе го снемаше. - Понекогаш, кога ќе ги свршеше сите работи околу Геле, дури и кога тој ќе го научеше уронот и ќе си напишеше, кога седеа околу топла печка, Пелагија не погледнуваше во Добра, дури не ѝ одвраќаше ако оваа ја прашаше нешто. - Кога ќе му се здодееше да седи в град, тој доаѓаше на чифлигот. - Кога ќе му дојдеа гости, сметаше за гордост да им ја покаже својата пушка. - Кога Рина ќе допатнаше на коленото на Аритон, старецот ќе се вознемиреше и ќе почнеше со својата невесела игра за да го домами момето.

2. Трансформирајте ја анегдотата "Кантарот на Наќе" (в. Деветта лекција) во прекажани форми.

2. Б р о е в и :

- за одредена бројност за лица

Одредена бројност за лица, обично, од машки пол (а од броевите над три и за лица од двата пола) се означува со бројни форми изведени од обичните броеви со наставките -ица, -ина, -мина: два - двајца, три - тројца, четири - четворица; пет - петина, шест - шестина покрај петмина, шестмина; кај другите броеви иде наставката -мина: седуммина, осуммина (поретко седмина, осмина), деветмина, десетмина, стомина, илјадамина и сл.

Определени форми се: двајцата, тројцата, четворицата; петината, шестината покрај петтемина, шестемина, а од другите бројни форми на -мина: седумтемина, осумтемина, деветтемина, десеттемина, стотемина и сл.

- за приближна бројност

Приближна бројност се означува со сложени образувања што се добиваат од два броја што следуваат еден по друг, изговорени со еден акцент: два-три, три-четири, пет-шест, седум-осум. (Вакви образувања нема од сите единици; необично е: еден-два, четири-пет, осум-девет, девет-десет.) Спрема два-три, три-четири и другите образувања има: два-тринаесет, три-четиринаесет, два-триесет, три-четириесет, две-тристотини, три-четиристотини, две-три илјади, три-четири илјади и сл.

Од десет и од броевите на десет (десетиците), и од сто, за искажување приближна бројност се образуваат форми со наставката -ина: десетина, дваесетина, триесетина итн., стотина.

Од приближните броеви не се обични определени (членувани) форми.

В е ж б и

Одговорете на прашањата со употреба на броеви за одредена бројност за лица и на броеви за приближна бројност:

Колкумина сте во вашата група? - Колкумина студенти го положија испитот? - Колкумина задоцнија денеска на час? - Колкумина беа на предавањето? - Колку книги ќе му испратиш? - Колку јаболка има во еден килограм? - Колку килограми грозје мислиш да купиш? - Колку години има твојот колега? - Колку дена ќе останеш на одмор?

### 3. Целни (финални) реченици

Целните реченици се сврзуваат со главната со сврзниците да, за да: Ќе дојдам со тебе да (за да) ти покажам каде е музејот. - Ќе минеме по оваа улица да видиме дали е отворена касата на театарот. - Му јавив дека професорот е отсутен за да не доаѓа утре на час. - Го искарав детето за да се научи на ред. - Зборувајте потивко да не им пречите на другите.

В е ж б и

Одговорете на прашањата со зависносложени целни реченици:

Зошто ја зеде тетратката? - Што бараш в библиотека? - Зошто уште сега се пакуваш кога заминуваш дури утре попладне? - Зошто си допатувал во Охрид? - Зошто си го купил овој речник? - Зошто го бараш колегата? - Што бараш во продавницата? - Зошто седнавме на оваа маса? - Зошто го затвори прозорецот? - Зошто извади четири карти? - Зошто ти го даде тоа писмо?

А н е г д о т а

СОВЕТ

Загрижен селанец доаѓа во шумската управа за да се жали бидејќи секоја ноќ во неговиот двор доаѓа волк.

- Веројатно е гладен. Фрли му парче месо, - го посоветува шумарот.

По неколку дена шумарот го среќава селанецот.

- Го изврши ли мојот совет?

- Да.

- И, има ли корист?

- Сега доаѓаат два волка...

("Остен")

ЛЕГЕНДА ЗА ПАСКВЕЛСКИТЕ МОМЧИЊА (I)

(Ж. Чинго)

За да појдам на училиште во градот, добрите другари ми купија младо, јако магаре.

Беше убав пролетен ден кога се разделувавме од Пасквел. Девојките плачеа од срце, одвај ги смируваа бујните гради. Се растопуваа како парче мраз на пролетното сонце. Капка по капка се растопуваа отворајќи ги своите прости и чисти срца. Се разделувавме пламено прегрнати. Тоа траеше подолго, признавам, беше слатко и дури занесно.

- Ѓаволе, наш добар другаре, што ќе направат со тебе, - шепнеа кутрите девојки бацувајќи ме најпрво в чело, во очите и најпосле страсно, страсно љубејќи ме в уста. Тој ден можеше да се случи многу силни срца да проплачат, но чувството на младинци беше посилно. Другарите со ѕвонлива смеа ме прегрнуваа. Провикнуваа благородно и искрено ЗА НАШЕТО ДОСТОИНСТВО; тогаш девојките ги бришеа солзите, а од нивните усти се разлеваше песната на НЕПОБЕДЕНИТЕ. Сите пеевме во еден глас како малите ангелчиња на Исусовото воскреснување. Тоа беа навистина големи празници.

Дрварот Спасе Лако, сега првиот ударник во целиот пасквелски крај, многу сериозно рече:

- Ако не беше по младинска линија, јас никогаш немаше да гласам за училиштата. Никогаш не ќе дозволев еден наш другар да оди на училиште во градот. Јас знам што значи тоа. Но ние мораме да бидеме храбри и да ја исполниме задачата. Тој нема да ја посрами младината од Пасквел.

Се разденуваше, ние само што ја завршивме вечерната конференција. Свежиот бран на пролетното утро што надоаѓаше низ искршените прозорци ги отвораше дремливите очи, јас можев повторно да ги распознаам лицата на моите другари. Со тие мигови исчезнуваше сета ноќна навреда што ја носев во себе и омразата спрема другарите, се почувствував виновен поради она што се случи.

X

X X

Ќе ви раскажам за безумни работи и можеби вие ќе се смеете. Но Барса е света земја и не лаже. Ќе ви раскажам за дрварите Спасе Лако и Валѐ Шикал, ќе ви раскажам за старата девојка Ниша Ѓорческа и за сето тоа што се случи таа ноќ со ѓаволот. Ќе ви раскажам дека ѓаволот беше роден на седум месеци и не умре. Тоа за првпат се случи во светиот Пасквел. Проклетите старци со пцости ја очекувале неговата смрт. Три дена и три ноќи жените злобно шепотеле:

- Момичката Варвара родила ѓавол. И додека му се молеле на добриот светец за да го столчи поганото семе, момичката Варвара во жарот од огништето нагорувала ќерамиди во кои го повивала малото ѓаволче.

- Да се убие поганата момичка, - безумно викале луѓето.

- Да се обеси, - рекле жените. - И да се пушти по река за да истече лошото.

- Да се обеси! Да се обеси!

- Не, - рекол стариот епитроп, - треба да се запали.

- Да се запали со сурови гранки, - рекле луѓето.

Беше пролет во Пасквел кога луѓето безумно се приближуваа кон малата полска колиба, натоварени со млади гранки. И додека под нивните нозе пролетните цвеќиња паѓаа покосени, момичката Варвара пеела приспивна песна за малото ѓаволче. Луѓето

како од ровја погодени застанале. Момичката тивко пеела:

- За сѐ што сум ќе оставам по еден малечкок знак во твоето срце. За да ме љубиш со денот и сонцето, безумно да ме мразиш со ноќта и темнината. За сѐ што сум да си спомниш со блага насмевка, да проколниш луто со пеколниот глас на громот како што го правеа тоа мајките од плодната Барса кога луѓето умираа од глад.

Тихо, речиси молчејќи, луѓето се вратиле. Зошто го оставиле малото ѓаволче - никој не прашувал. Ќе ви раскажам за ѓаволст, за себе.

ДВАНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Предминато време
2. Предлози; употребата на в, во
3. Споредбени искази

1. Предминато време

Предминатото време се образува со формите на минато определено несвршено време на помошниот глагол сум и л-формата на глаголот; обично се зема л-форма на свршен глагол, но е можна употребата и на л-форма од несвршен глагол. Формите на минато определено несвршено време од помошниот глагол се: бев, беше, беше; бевме, бевте, беа.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| едн. | бев однесол | бев кажал | бев испеал | бев чул |
| | беше однесол | беше кажал | беше испеал | беше чул |
| | беше однесол | беше кажал | беше испеал | беше чул |
| мн. | бевме однесле | бевме кажале | бевме испеале | бевме чуле |
| | бевте однесле | бевте кажале | бевте испеале | бевте чуле |
| | беа однесле | беа кажале | беа испеале | беа чуле |

Со предминатото време, во неговото основно значење, се искажува дејство што се случило пред некое друго минато дејство: Сите планови што беше ги смислил му пропаднаа. - Кога се обиде да ја отвори вратата виде дека не може ни да ја помрдне од големиот снег што беше наврнал. - Тие не знаеја дека беше надошла реката и беше го однесла мовчето, па се чудеа како да ја поминат за да стигнат во селото. - Се разбудив и видов дека сонцето беше се накачило високо над ртот на планината. - Другарите беа

заминале од селото, а само ние останавме да го дочекаме курирот од градот. - Толку беше се напил, што не знаеше ни името да си го каже. - Тие што беа задоцниле не можеа да влезат, зашто вратата веќе беше заклучена. - Таа ги погледна децата што беа легнале крај огништето и ги припокри. - Сликите беа избледеле, па одвај можеше да ги распознае чудните ликови. - Беше ги собрал сите во селото да им ја соопшти страшната вест и сега се чудеше како ќе го стори тоа.

Предминатото време, како стилска разновидност на минатото неопределено време, се употребува и за искажување минати дејства што не се сопоставуваат како предминати во однос на некое друго минато дејство: Арамиите не ги задирале многу сиромашните селани, немале што да отераат (земат) од нив; а бегот, одамна не беше дошол тој, некако не го сакал тој тоа ниенно село. - Ова чудо никогаш не бев го видел! - Една мечка беше изела едно магаре и беше ѝ се запрела во грлото една коска. - Еле, станал, та си ги позатрил очите со прстите, тики одвај беше се расонил. Сироти врапчиња туку се ребрат да не стане пустиот домаќин да го огрибува лозјето. Арно ама тој ја зел торбата и пак беше седнал да ужина. По јадењето пак го запалил чибукот и си ја кренал мотиката на рамо и збогум беше му рекол на лозјето и си ошол дома... Кога дошло време за копање, за прашење, отишол мрзло и од пуста мрза пак така беше се вратил дома и на врапчињата не беше им го нашол седелото за да им го расипе. И кога дошол човекот за копање, пак беа се исплашиле врапчињата, за да не им го најде седелото и да им го расипе, арно ама касметот од врапчињата, али мрзата од човекот што ја имал, којзнае како дошло, што нито лозјето се сработи, нито седелото им се расипа на врапчињата, и си изведоа врапчиња, та си ги ранеа. Дека не се сработи лозјето, беше изникнала една трева токму со лозјето. Како некоја ливада беше се сторила и беше се исушила, та беше се сторила асли сено.

РИБАРОТ КЛИМЕ (одломка)

(Р. Петковски)

Ветрот беше доста стивнал, а и езерото се беше смирило. Климе веслаше полека и со уживање слушаше како плиска водата околу кајчето. Мислата дека од рацете на полицајците - од сигурна

смрт - беше спасил два млади живота, го исполнуваше со гордост.
- Беше се разденило сосем и сонцето зацрвенето - како да беше нешто усрамено - се креваше од исток низ свежиот утрински воздух.
- Спасе со неговата бригада е сега сигурно веќе во нашето село, си помисли Стојна. Со него се беа разделиле на Караорман.

КРШТАВАЊЕТО НА ЖИВОТНИТЕ

(М. Цепенков)

Откако го создал Господ веков, го создал и човекот (Адама), си ги создал и сите животинки што се по веков и му ги принесол на Адама да му кладе на секое име. - "Адаме, Адаме, еве ти ги принесов сите животинки што сум ги создал на земјава, да им кладеш на секое име и прэиме, му рекол Господ, и да си одбереш едно од животинките за другар да ти биде тебе..."

Седнал Адам на еден стол висок и зел да го прегледува секое од животинките и да ги крштава со име и презиме. Прво фатил најмалото да го крштева и да го бендисува. Ја видел мравата оти е мала, ја крстил мравичка (од малечка). Го видел црвот дека прилегнал на црево, го крстил црв. Им свикал Адам на другите животинки: "Ја, проговорете, бе животинки, им рекол, да ве чујам каков збор имате?" Сите животинки беше проговориле, секое според гласот свој, што си го имале. Кога го чу Адам од сите животинки гласот, според гласот им клада имиња. "Мњау", сторила мачката, и ѝ клал име мачка. Рикнало магарето, и според рикањето му клал име. Загугуткала гугучката - "гугучка" ѝ го клал името. Заграчил гавранот: "гра, гра", му клал име - гавран. Закукала кукавицата: "куку, куку", ја крстил кукавица. Запупал пупунецот: "пупу, пупу", го крстил - пупунец. Заутказа утката: "ут, ут", ја крстил - утка. Забувал бувот: "буху, буху", го крстил - був. И така на сите животинки Адам беше им клал имиња... Арно ама ниедно не бендисал.

Откога ја свршил работата, беше дошол Господ кај него и беше го прашал дали ја сврши работата... - "Ја сврших, Господи, ама не ја доврших, чунки другар не бендисав. Туку седам и се чудам, Господи, му рекол Адам, како едно живинче не ми се залепи за срцето!" - "Ја, ај легни си да поспиеш,

Адаме, му рекол Господ, да кога ќе станеш, белки ќе бендисаш некој другар или другарка". Си легнал Адам и заспал. Зел Господ и ја направил Ева. - "Ја стани, Адаме", му рекол Господ. Станал Адам од сонот и ја видел Ева исправена наспоред него, на неколку чекори скраја, дал вик по нея: "Ела, ела, ела вамy. Ево, Ево, ела вамy, оти ти си ми за срцево". Како на сите животинки што им кладе име Адам, така на Ева беше ѝ клал и беше си ја зел за другарка.

("Сказни и сторенија", Скопје 1954)

В е ж б и

1. Менувајте ги во предминато време глаголите: однесе, каже, даде, испие, чуе. Составете со овие глаголи реченици.

2. Менувајте ги во сите лица глаголите во речениците:

Бев отишол кај нив дома пред да дојдат тие кај мене.- Тие се беа искачиле на последниот кат. - Не бев му пишал одамна. - Многу рано се беа прибрале дома. - Беше излегол оддома уште пред пет часот изутрината.

3. Во следниве реченици еднинските форми на глаголите ставете ги во множина, а множинските во еднина:

Беше излегол од работа пред завршувањето на работното време. - Не бев им кажал дека дома ги очекуваш, затоа не се вратија порано. - Никогаш не бев го видел толку налутен. - Бевме се измориле од долгото разодување по продавниците во градот. - Беше ги научил сите лекции напамет. - Беа се најале како никогаш дотогаш. - Бевте се исплашиле од силните грмежи. - Бев му предложил да не ја напушти работата, зашто подобра не ќе може да најде. - Зар ти не беше чул кога ќе се одржат испитите? - Тие не беше се согласиле да работат во празниците, па затоа продавницата е затворена.

4. Поврзете ги во една сложена реченица секои две, при кое глаголот од едната од нив ќе го ставите во предминато време; употребете ги сврзниците - кога, затоа, па, што, а:

Јас излегов надвор. Видов дека заврнало многу снег. - Тие се скараа. Не разговараа ништо. - Не го видов со години. Не можев веднаш да го познаам. - Му ги вратив парите. Тие пари ги позајмив од него пред три месеци. - Влеговме во салата. Состанокот веќе завршил и сите си отишле.

2. Предлози

Во македонскиот литературен јазик се употребуваат главно следниве предлози: без, в / во, врз, до, за, зад, заради, кај (каде), како, кон, крај, меѓу (помеѓу), место (наместо), на, над, накај, накрај, наспроти, насред, низ, од, одавде, оданде, стаде, околу, освен, откај, по, под, покрај, поради, потем, пред, преку, при, против, сред(е), според, спроти, спрема, со, сосе.

Значењето на предлозите се открива при нивната врска со имекките: без рака, во куќата, на маса, над маса итн. Со губењето на падежните форми во македонскиот јазик, со составите од предлог и именка се изразуваат најразлични односи на имениите во реченицата.

Од приведените предлози двојни форми имаат: в, во; кај, каде; меѓу, помеѓу; место, наместо; сред, среде. Обично се употребува формата кај (кај Милана, кај училиштето, кај киното); формите каде и среде во литературниот јазик поретко се среќаваат. Другите двојни форми се употребуваат паралелно: Се скараа меѓу (помеѓу) себе. - Му испратил телеграма место (наместо) писмо.

Употребата на формите в, во во литетатурниот јазик има функција на смисловно разликување на составот со именката: 1. Формата в се употребува пред нечленувана именка ако таа не започнува со в-, ф- и ако логички не се истакнува: Ноќта влеговме в село. - Стави ги парите в џеб. 2. Формата во се употребува: а) секогаш пред членувана (определена) именка: во градот, во селото, во книгата, во џебот; б) пред именки што почнуваат со в-, ф-: во вода(та), во фабрика(та); в) пред нечленувана именка ако е логички истакната: Во град се оди напазар, а не во село. -Во џамија никогаш не сум влегол. - Во рака жар не се носи; г) ако именката доаѓа со некаква определба: во повеќе села, во некои градови, во четири училишта, во ново училиште и сл.; д) пред формите од личните заменки: во мене, во тебе, во нас, во вас, во нив и сл.

Посебно се регулира употребата на формите в, во со имињата на дните од неделата. Овде има три случаја што се диференцираат по своето значење; во четвртокот, в четврток, во четврток.

Со првиот состав (во + членувано име) се означува дека тој ден е минат. Обично, тоа е првиот минат ден што е означен во

составот - "во неделата што помина". Но може да се однесува и на подалечно минато, пак како пре ден во однос на некој определен ден во минатото: во саботата пред Први мај, во средата пред Нова година, во петокот пред Илинден и сл. (Забелешка: За непосредно минатите два дена се употребуваат прилозите - вчера, завчера.)

Со вториот состав (в + нечленувано име) се означува првиот таков ден што доаѓа: в понеделник, в среда, в четврток и сл. Со името вторник би се добил составот: в вторник, кој е тежок за изговор, па предлогот в обично се испушта - Вторник нема да работиме. (Забелешка: За двата дена што непосредно следуваат се употребуваат прилозите - утре, задутре.)

Со третиот состав (во + нечленувано име) се означува дена во тој ден што влегува во составот нешто се повторува, се прави, нешто е вообичаено: Во недела не се работи. - Во вторник и во петок има пазар. - Во среда и во петок имаме часови по математика. - Во петок имаме работен состанок.

Р е ж б и

1. Внесете ги соодветните форми на предлогот в, во во следниве реченици:

Пред да пристигнам, ... понеделникот, многу ме болеше главата. - ... саботата требаше да се видиме, но тој не дојде. - Се договоривме ... среда да отпатуваме за Скопје. - ... четврток гостува Белградската опера. - ... недела ќе одиме на театар. - Сакаш ли ... петок да го посетиме колегата ? - Да извадам ли карти за ... сабота? - Секогаш ... недела одиме на излет. - Во текот на овој семестар ... понеделник ќе имаме најмногу часови. - ... петок се чувствувам најуморен. - ... сабота детската градинка работи до 14 часот.

3. Споредбени искази (со именки или заменки во споредбата)

Во споредбените искази најчесто се употребува сврзникот како, а именката обично доаѓа во своето општо значење, во неопределена форма: Сето време молчеше како риба. - Тој е брз како стрела. - Се однесува како дете. - Го имам како најдобар пријател.

- За него се грижеше како родител. - Тие се сакаат како браќа.
- Учителката им беше блиска на децата како мајка.

Ако во позиција на именката со која се спроведува дојде лична заменка, тогаш се употребува долгата заменска форма за директен објект: Тој научил како мене. - Тој не мисли како тебе. - Се облекува исто како нас. - Сака да работи како вас. - И ти треба да постапуваш како неа.

В е ж б и

1. Пополнете ги речениците (употребете ги на соодветено место именките: другар, снегулка, бисер, птица, камен, брат):

Силјан беше тврд како ..... и не мислеше на тешкотиите што му претстоеја. - Ветерот ги носеше лисјето како ..... - Децата пееја и мавтаа со рачињата како ... - Кога се насмевна, се покажаа ред бели заби како ...... - Живееја заедно и си помагаа во сѐ како .....

2. Пополнете ги речениците со заменски форми:

По олку години и вие ќе бидете стари како ..... - Не чуди ѝ се, и ти си била како ..... - Сакам да го напишам писмово како ......, но ракописот ми е лош. - Кога ќе научиш како ..... и ти ќе го положиш испитот. - Ако знаев дека и ти си како ......, немаше да ти ја доверам таа работа. - Немој да им се смеете, и вие можете да погрешите како .....

3. Набележете ги споредбените искази во расказот на К. Чинго "Легенда за пасквелските момчиња".

## ЛЕГЕНДА ЗА ПАСКВЕЛСКИТЕ МОМЧИЊА
### (II)

Никогаш не беше поубава Барса од тие денови. Ја навикувавме на име како наша другарка, како наша мајка ја сакавме. Со прости и пламени зборови ја повикувавме за да го отвори своето срце и да се приклучи кон Народната Револуција (тоа беше нашето име за наградбата, подруго име не знаевме). По цели денови ја довикувавме со нашите раце, со нашата крв. Не еднаш ѝ објаснувавме дека таа има народно потекло и таа мора да остане за народот. Секој

ден искрено и шепневме дека е највесело да бидеш во дружба со народот.

Со песна ја пробудуваме секое утро пустата, изгорена Барса. Во тие денови не помислуваме на своите домови, залудни беа прекорите на нашите родители. Та тие ништо не знаеја! Колку беа тажни и смешни кога во ноќите прскаа светена вода за да го сотрат ѓаволското семе што го сеевме низ Барса. Ох, тоа беа големи празници.

Пролетта доаѓаше сѐ поубава и поубава. Со оној опоен мирис на цветовите што го испуштаат во овие денови. Колку е страшно кога доаѓа пролетта и со себе ја носи смртта. Кобниот ѕвон на камбаните седум дена и седум ноќи го раскинуваше мирниот сон на Пасквел. Од кај дојде оваа смрт како поплава.

Безгласни како покосени треви чекорат луѓето кон пасквелските гробишта. Молчејќи тие ја оплакуваат смртта на младата другарка Васка Дукова.

Пред поворката на бел коњ јава Тацко Настејчин. Овој е прв народен погреб. Комунистички, без поп и попадија. Без молитва и крст, по руски. Тацко е првиот народен комесар и првиот народен бог. Тој е првиот народен поп.

Тихо. Почнува погребот.

Гробарот Јонче Пало достоинствено објавува за редот и правилата на првиот народен погреб.

Прва точка: - Прва точка е Тацко. Другарот Тацко има збор.

- Да живее другарот Тацко! - се провикнува на сиот глас општинскиот курир Нело.

- Да живее најпрво народот, - го поправа Тацко. На неговото лице лебди блага топла насмевка, тој задоволно се мешколи на белиот коњ.

Убавото момче Стенковски праша:

- Всушност што правиме?

Наместо одговор можеше да ја чуе страшната тишина на пасквелските гробишта.

Луѓето молчеа како камења. Никој не знаеше всушност што се работи и каков е овој погреб. Единствено на сите им беше совршено јасно дека треба да се молчи. На крајот тоа е народен погреб и што има народот да се буни. Вакните прашања изгледаа страшно бесмислени и опасни. Луѓето беа неми.

- Што ви е, по ѓаволите, - рече момчето плачејќи. Јас веќе не можам да издржам. Овде е пекол. Чесен збор, ќе појдам од Пасквел. Јас ќе полудам ако сè уште останам.

Убавото момче Стенковски липаше на глас.

- Но кој те држи, будала, - рече неговиот брат.

- Каде ќе одиш, момче, праша добриот чичко Глог. - Сепак овде е поубаво. Јас знам едно полошо место од Пасквел. Во рајот е полошо. Таму ја нема чашава пасквелска ракија. Овде и децата можат да се пијанат како магариња. Момчето е пијано, - рече чичко Глог, кикотејќи се.

- И ти си поулавен, чичко Глог, - рече момчето тажно, уплашено.

Повеќе никој не проговори.

Беше пролет и луѓето умираа за леб. Ѓавол да ја носи пролетта и сите миризливи цвеќиња. Пресушија нежните зборови со кои многу другарски ја повикувавме сакаката земја. Веќе не беше наша другарка, безумно го раскинувавме секој нејзин дел, го оплодувавме со нашата крв,скришно ја пцуевме. Беше пролет и луѓето умираа од глад. Кој можеше во тие дни да помисли за училиште и букви од пластелин. Тоа беше толку смешно, безумно. Но некој како да сакаше да се потсмева со нас. Секој ден ни ги бодеше срцата доставувајќи куси лошо напишани наредби. ЕДЕН МЛАДИНЕЦ ДА СЕ ИПРАТИ ВО ГРАДОТ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НАРОДНАТА ПРОСВЕТА (и потпис. Неразбирлив). Ох, проклет скот! како се осмелил да се подбива со нас?

Не, беше нашиот одговор. Ние во Пасквел немаме луѓе за такви лудории.

Во утрините конференциите завршуваа и ние со песна се предававме кон црните полиња на Барса.И секоја вечер кога се враќавме наоѓавме по едно мало пожолтено парче хартија и неколку протегнати реченици. Сто пати НЕ беше нашиот одговор и... оваа ноќ сто и еднаш ја читаме познатата заповед.

- Секоја задача мора да ја исполни младината, - рече Лако.

- Еден од нас мора да појде, - рече Михал решително.

Старата девојка Киша Ѓорческа рече:

- Ако мора, другари, тогаш да им го испратиме најслабиот од нас.

- Златна другарке, Нишо Ѓорческа, - се провикнаа другарите. - Тоа е најдобар предлог. Па, другари, нејслабиот!

О, како потреперував! Каде можев да побегнам од себе, од нивните очи, од сè што ме опколуваше. Ја проколнував момичката Варвара што ме роди пред време со слаби раце, ја пцуев најдлабоко старата девојка Ниша Ѓорческа и... навистина каде можев да побегнам. Сите гледаа во мене. Сите се против мене, помислив.

Старата девојка Ниша Ѓорческа во полутемнината ја бара мојата рака. Нежно ја потпира главата на моето раме и нешто тихо ми шепне. Ќе ви признаам, бевме љубовници. Тоа по младинска линија; и беше убаво, - дури добро си ги поминувавме вечерите.

- Колку ќе ми биде тажно без тебе, - шепна.

- Ти си будала, - реков.

- Јас силно те сакам, момче. - Ела поблиску, - зборуваа и ме стисна во себе. Таа плаче тихо, тихо никој да не знае за нејзиниот плач.

- Не плачи, - ја утешував. - Јас ќе се вратам, нели?

- А јас пак ќе те чекам и ќе ти бидам верна, чесен младински збор.

Се разденуваше, ние само што ја завршивме вечерната конференција.

Беше убав пролетен ден кога се разделувавме од Пасквел. Девојките плачеа од срце, одвај ги смируваа бујните гради. Се растопуваа отворајќи ги своите прости и чисти срца. Се разделувавме племено прегрнати. Тоа траеше подолго, признавам, беше слатко и дури занесно.

- Ѓаволе, наш добар другаре, што ќе направат со тебе, - шепнеа кутрите девојки бацувајќи ме најпрво в чело, во очите и најпосле страсно, страсно љубејќи ме в уста.

А пак добрите другари за да појдам на училиште во градот, ми купија младо, јако магаре.

("Пасквелија", Скопје 1968)

ТРИНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Глаголска придавка (форми)
2. Форми (конструкции) сложени со <u>има</u>
3. Глаголската придавка во именски прирок

1. <u>Глаголска придавка</u>

Глаголските придавки се образуваат со наставките:
-н, -на, -но (едн.), -ни (мн.)
-т, -та, -то (едн.), -ти (мн.)

Кај глаголите со општ дел на н, њ доаѓаат наставките -т, -та, -то, ти, и тоа: кај глаголите од е-група (а-раздел) наставката се поврзува со основен вокал <u>а</u>: стане - станат, станата, станато, станати; крене - кренат, скине - скинат, чукне - чукнат, пукне - пукнат и др., а кај глаголите од и-група наставката се поврзува со основен вокал <u>е</u>: гони - гонет, гонета, гонето, гонети; храни - хранет, кани - канет,одбрани - одбранет, објагни - објагнет, нанишани - нанишанет. Од глаголот избања (од а-група) глаголската придавка е: избањат.

Другите глаголи ја имаат наставката -н, -на, -но, -ни: чита - читан, читана, читано, читани, повикан- повикан, купува - купуван; изброи - избројан и изброен, испрати - испратен, измоли - измолен; пресече - пресечен, запре - запрен, испие - испиен, чуе - чуен, прочуе - прочуен, убие - убиен и др.

Глаголите од типот <u>бере</u> имаат двојни форми (спрема аористот и имперфектот): бран - берен, набран, наберен, пран - перен, испран - исперен. Двојни форми има и од други глаголи: сее - сеан, сеен; пее - пеан, пеен, испее - испеан, испеен и др.

Глаголската придавка се употребува како атрибут, во конструкции со име, во состав на именски прирок.

Атрибутска употреба на глаголската придавка

Глаголската придавка може да доаѓа во атрибутска употреба како и обичната придавка (атрибут): Од темните, збрчкани долови се пентравеше нечујно темноликата вечерина, што со темен бакнеж ги засенчуваше последните крвави дамки што ги беше оставило паднатото на планинскиот срт сонце. Изморено гаснеше денот во селото... Едвај само одвреме-навреме зашлапкуваа по калта нечии задоцнети чекори, приведната под кош жена им носеше на бравјето пченкарница, а од некое уште необрано нивче со пченка допираше еднолично и жаловито штракање на штракалка, дрвено тркало со приврзан синџир што вртено од водата штрака по некоја 'рѓосана тенекија, за плашење на јазовци и птици... (Ц. Мартиновски, "Лушинци").

КРАЈ БРАЗДА (одломка)

(Ц. Мартиновски)

Со години меѓу дрвјата тече селската бразда. Прилега на отркалкана моминска солза слизната по падината на планината. Забрзана со своите синкаво-зеленикави бранчиња таа тече долу кон нивите. Кон тие ниви на кои со мака засеаното зрно се бори со дивиот, упорен папрат, што чиниш ја просмукал излеаната во каменестата земја орачка пот и од тоа шири некаква соленикаво-натежникава миризба што се меша со наситливата реа на млечните зрна во класјето и опива грепкајќи ја опоро душата.

Нејзините палави бранчиња бакнале многу наранети нозе, удавиле во своите влажни гради многу издивки. И многу пати понеле во својата синкаво-зеленикава коса фрлени, натопени со солзи и проколнувања, китки од гороцвеќе, босилек и копидан, што ги иставиле од своите топли, мирисливи пазуви момите, кога во некаков див настап на солзена далга се присетувале за далеку заминатиот на печалба и невратен свршеник.

И заедно со тие фрлени китки тие ги милувале во својата немирна бранчеста прегратка разгорените ѕвезди што безучесно се криjат меѓу врвушките на дрвјата. Чиниш впивајќи ги своите влажни усти во нивниот треперлив лик тие сакаа да ги бакнат моминските насолзени очи.

Повезден и со ноќ прикажуваат тие за камената мака на животот на молчаливите намуртени селани што не еднаш ја пролеале својата крв во борба за неа - селската бразда.

И дивите евли го топат својот плач на лисјата во приказната на студените бранчиња. И тие се присетуваат за поминатите човечки сенки што превиткани под карповна тежина на грижите и трудот често минеа крај нивните ставви.

Тие, селаните, грижливо ја милуваа со поглед водата, неретко проколнувајќи ја со дива јадосана љубов таа своја сакана кога и таа, испиена од жешкото ненаситно-жедно сонце ја свенуваше својата снага и секнуваше.

И затоа евлите шумолеа со своите ветки за желбата да се извишат што погоре кон небото, да го допрат летот на орлите и преку нив да му ја порачаат на огненото небесно око токмуштo искажаната од него желба и проколнување за живот, за среќа...

("Луњинци", Скопје 1955)

В е ж б и

1. Образувајте глаголски придавки од следниве глаголи: скине, замине, донесе, извести, порача, прочита, замени, разболи, измачи, наспие, испие, прочуе, собере, искапе, обуе, измие, избања.

2. Одбележете ги глаголските придавки во текстот "Крај бразда" од Ц. Мартиновски и покажете од кои глаголи се образувани.

3. Во следниве реченици внесете ги соодветните глаголски придавки:

По белите, чиниш од студ (згрчи) гумна шетаа и претаа кокошки, барајќи во снегот (зафрли) зрна.-Се врати в село со повеќе (присобере) парички. - Го тргна котлето со млеко, токмуштo (измолзе) од (врати) овци. - Очите му примижуваа и го правеа некако чуден неговиот (насмевне) израз на лицето. - Во (насолзи) очи светкаа рамнодушните ѕвезди.

2. Конструкции сложени со има

Сложените конструкции со има се образуваат од глаголот има, (негирано нема) како помошен глагол и глаголската придавка: имам (немам) купено, имав (немав) купено и сл. Помошниот глагол се менува во целата промена на глаголските времиња и на можниот начин, а глаголската придавка останува секогаш во форма за среден род (без родово значење). Така, со помошниот глагол се определува временското или модалното значење на сложената конструкција со има (нема), а со глаголската придавка се означува (лексички) глаголското дејство. Промената на конструкцијата со имам (немам) ни се преставува вака:

| | | |
|---|---|---|
| едн. имам купено | мн. имаме купено | или: немам купено |
| имаш купено | имате купено | итн. |
| има купено | имаат купено | |

Со промена на глаголот има (нема) се добиваат други конструкции:

| | |
|---|---|
| имав купено | ќе имав купено |
| сум имал купено | ќе сум имал купено |
| бев имал купено | би (сум) имал купено |
| ќе имам купено | |

Сите овие можни конструкции не се среќаваат во еднакво честа употреба во литературниот јазик. Најчесто се среќаваат конструкциите со имам, имав, потоа прекажаната со сум имал, а многу ретко конструкциите со ќе и, особено, со би.

Со помошниот глагол има (нема) се определува моментот до кој се доведува извршувањето или претпоставката за извршување на дејството. Така, со имам купено се означува дека е дејството извршено до моментот на говорењето, со имав купено - дека е дејството извршено до некој определен момент во минатото, а со ќе имам купено би се означило дејство што постои како намера да се изврши до определен момент во иднината. Со конструкциите во кои влегува л-форма на помошниот глагол се предаваат прекажани дејства.

Формата со имам - имам купено, имам научено, имам земено, (му) имам речено и сл., која означува дејство сведено по

извршување до моментот на говорењето стои наспрема минатото неопределено време - сум купил, сум научил, сум зел, сум (му) рекол и сл., кога со ова време се означува дека реализацијата на дејството е доведена до моментот на говорењето (т.н. перфектно значење). Формата со имав - имав купено, имав научено, имав земено, (му) имав речено и сл., која означува дејство сведено по извршување до еден определен момент во минатото, може да се споредува со соодветното значење на предминатото време - бев купил, бев научил, бев зел, бев (му) рекол и сл. Во сиве значења приведените форми може да се заменуваат: Уште не сум се подготвил за патување. - Уште се немам подготвено за патување. / Уште не бев се подготвил за патување. - Уште се намав подготвено за патување.

В е ж б и

1. Трансформирајте ги формите на минатото неопределено време со конструкции сложени со имам:

1. Дали си го посетил Музејот на современата уметност? - Да, сум го посетил неколку пати. 2. Кога си пристигнал во Охрид? - Сум пристигнал уште пред две недели, но досега не сме се виделе. 3. Дали си го сретнал Н.? - Не, досега не сум го сретнал. 4. Сакам да проверам дали сите сте ја научиле лекцијата. 5. Зошто не сте ја научиле лекцијата? - Не сме ја научиле, зашто погрешно сме ја препишале. 6. Си ја прочитал ли оваа книга? Дали си ја прочитал оваа книга? - Не, досега не сум ја прочитал.

2. Продолжете со промена на глаголските форми во другите лица еднина и множина:

Сум читал. Сум ја прочитал таа книга. - Имам прочитано. Ја имам прочитано таа книга. / Не сум прочитал. Не сум ја прочитал таа книга. Не сум му ја прочитал таа книга. - Немам прочитано. Ја немам прочитано таа книга. Му ја немам прочитано таа книга.

3. Продолжете со промена на глаголските форми во 3 лице еднина и 2 и 3 лице множина:

Дали си ја прочитал оваа книга? Дали ја имаш прочитано оваа книга?

Дали си му ги купил овие книги? Да, сум му ги купил. Не, не сум му ги купил. - Дали му ги имаш купено овие книги? Да, му ги имам купено. Не, му ги немам купено.

4. Трансформирајте ги потцртаните форми во текстот со конструкции со имам:

ЕДЕН ДЕН ПОПЛАДНЕ

(С. Јаневски)

... Од зад железните решетки на шинтерската кола затрепере писокот на самата болка. Во таа летна жега, секој шум, секој глас, секој, извик, се раѓаше со точно утврдена цел: веднаш за да умре, да се расплиене, да се изгуби неврaтно, не претставувајќи ништо - ни настан ни новост.

А тоа што не беше ни занимливо ни ново, вака изгледаше: долга, тесна улица на периферија, со стари еднолични куќи во два реда, разделени со груба калдрма. Тромо, слепо коњче рамнодушно ја влече преку улицата својата судба - стара кола, примитивна како и секој затвор.

... Рамнодушен за сè околу себе, покорен и совладан, коњот влече во својата запрега уште една судба: бел, жолтокос пес, уличен мангуп, безопасен и зад решетки, и на слобода.

Тоа не е сè. Зад колата чекори и третата судба: ситноликo дете со суви усни и влажни образи: тоа се држи со двете раце за решетките и тивко, ретко, скоро нечујно липа низ раширените ноздри: погледот на влажните детски очи не се одлепува од кучето...

И тоа не е сè. Пред коњот се ниша и четвртата, господар на другите три судби: средновечен човек со долг стап в раце. На крајот од стапот е закачена замка од челична жица. Тоа е сè...

- Белчо!

Детето верува дека го изговорило името на песот. Но не го изговорило, не рекло ништо. Усните му се уште залепени, може само нож да ги отвори. Сепак песот го чу. Се повлекува назад, се врти и пак се враќа кај решетките. Детето ја чувствува тапата, влажна муцка врз својата тупаница и уште повеќе се обеспокојува...

- Чичо, пушти го, кучето е мое... - моли детето од зад него.

Човекот, не вртејќи се, се готви да воздивне, но место тоа шмркнува само. Грелиот воздух му ги пали ноздрвите и не ги заситува. Тој продолжува да дише со отворена уста. Да му го врати кучето? Ајде, момче, богати! А зошто има закон да се ловат кучиња и да се уништуваат? И зошто...

Детето се одлепува од решетките и претпазливо му се доближува. Низ неговите влажни очи молат две судби - неговата и на песот. Ако му докаже на човекот дека Белчо е мирен и не апе, и си игра со децата, тој ќе го пушти. Што ќе му го Белчо... Тоа куче сите го сакаат, ниедно дете не замавнало со камен по него.

- Чичко...
- Што е?
- Чичко, еве - гледај!

Човекот само очите ги свртува кон него. Детето моли, но сега лицето му е суво и свети од некој внатрешен пламен. Колку повеќе тоа заприлегува на возрасен, толку повеќе човекот станува детски недоверлив.

- Што е тоа?

На двете мали суви дланки лежат неколку предмети: скакулец со игла закачен на дрвце, свилен гајтан, клуче.

- Ти тоа си го нашол во канта за ѓубре.

- Не сум го нашол во канта за ѓубре. Тие се нови. Скакулецот го фатив в поле.

- Лажеш. Или си ги украл?

- Не сум ги украл. И Белчо е мој...

Човекот пак продолжува да гледа пред себе. Но пред неговите очи се две просирни дланки...

- Чичко ...
- Што е?
- Пушти го Белча.

.................

- Треба тебе, немирнику, да те затворам. Бегај одовде.

Детето малку заостанува. Би сакало да притрча и да се обеси на коњските узди, да се фрли пред колата. Но не го прави тоа. Жедно е. Би се вратило дома да се напие вода. Но не се враќа. Чекори, ги лиже солените солзи, моли:

- Чичко. Ако сакаш ќе ти донесам желка. Можам и рак да ти фатам.

- Оди си, ти велам. Не досадувај...
- Имам дома и друго. Боички, ѕвонче...
- Од ѓубре си ги дигнал.
- Не сум ги дингал од ѓубре.
- Си ги украл.
- Не сум ги украл. Мси се...
- Оди си момче. Не лути ме.
- Пушти го Белча. Ако сакаш и птица ќе ти фатам.

Човекот не го слуша веќе. Ни коњот не го слуша. Ни песот. И тој веќе не квичи. Можеби сѐ така треба да биде, тој да се вози, детето да чекори крај него.

- Чичко, клучаво е ново.

Човекот оди и не се врти. Тешко е да се завртиш на таа жега, тешко е да чекориш и да го слушаш тропањето зад себе...

- Чичко ...

Минуваат четирите чудно поврзани судби. Човекот се ниша прво, по него коњот го влече песот в кола, зад нив чекори детето со залепено лице за решетките ...

("Македонски раскази", Скопје 1972)

5. Трансформирајте ги формите на предминатото време со конструкции со имав:

Бевме се договориле да одиме на театар, но тој не дојде. - Тие се беа скарале, затоа не разговараа ништо. - Беше зел една книга од него и беше ја загубил, па не можеше да му ја врати. - Тој филм бевме го гледале, па затоа отидовме на театар. - Ако ми бевте јавиле дека пристигате денеска, ќе ве чекав на станица. - Дали го бевте поканиле или тој сам дојде?

3. Глаголската придавка во состав на именскиот прирок

Во состав на именскиот прирок доаѓаат најчесто глаголски придавки од преодни свршени глаголи, но е обична употребата и од другите глаголи:

Селото е запалено и до темел разурнато. - Багажот е предаден во гардеробата. - Нашите желби се исполнети и можеме задоволни да си одиме. - Снегот што беше паднат пред една недела

не беше истопен уште, а беше замрзнат. - Во сандакот му беше останат само уште еден сомун леб. - Тие беа задоволни од вашата услуга. - За донесеното решение не бевме навреме известени. - Тоа малечко мече било најцврсто фатено во неговата стапица. - Сите сили му биле исцрпени, останал во него само тажниот поглед што моли и проколнува. - На крајот бил прикажан филм за животот и делото на писателот. - Над педесет отсто од годишното производство ќе биде продадено во странство. - Стариот пат ќе биде поправен. - Куќата ќе биде откупена, потоа ќе биде урната, а на нејзиното место ќе биде изградена нова. - Ќе бидат уредени дворовите и приодите кон куќите.

## З А Л Е З

(М. Матевски)

Румено. Румено. Румено.
Како занесена песна
во синото море
на горите
тоне
залезот.

Од тревите до кавалот
од стадото до облакот
сѐ в бујно
запалено

Од градите до песната
од чекорот до чешмата
сѐ е чудно
разгалено.

Стадо в кавал заљубено
ѕвоно в песна изгубено
око в божур залудено

Румено. Румено. Румено

("Празнична романса", Скопје 1966)

## ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Можен начин
2. Модални глаголи
3. Предлози

### 1. Можен начин

Можниот начин се образува со партикулата би и л-формата на глаголот. Од свршените глаголи се зема л-формата која му одговара на минатото определено свршено време (пресеков - пресекол), а од несвршените во литературниот јазик се зема, обично, л-формата која му одговара на минатото определено несвршено време (сечев - сечел). При тоа, се образува по една форма за еднина и за множина (би рекол, би рекле), а лицето се посочува со лична заменка, со субјектот во реченицата (третото лице) или се открива од контекстот и воопшто од ситуацијата.

| | | | |
|---|---|---|---|
| едн. | 1 л. | јас би пресекол, сечел | јас би испеал, пеел |
| | 2 л. | ти би пресекол, сечел | ти би испеал, пеел |
| | 3 л. | тој би пресекол, сечел | тој би испеал, пеел |
| | | таа би пресекла, сечела | таа би испеала, пеела |
| | | тоа би пресекло, сечело | тоа би испеало, пеело |
| мн. | 1 л. | ние би пресекле, сечеле | ние би испеале, пееле |
| | 2 л. | вие би пресекле, сечеле | вие би испеале, пееле |
| | 3 л. | тие би пресекле, сечеле | тие би испеале, пееле |

Во народниот јазик употребата на формите на можниот начин е многу ограничена; се среќаваат, главно, во посебни експре-

сивни изрази. На пример: Би си ручал, Би си купил и сл. - како укор што дејството не е извршено, а според говорното лице, немало пречки да се изврши; или во клетви: Да би оган силен те изгорел! - Да би куршум те удрил да те удри! и сл. Употребата на формите со би се ограничила со тоа што нејзините значења (во зависносложени условни реченици, потоа изразувањето на повторливи дејства и сл.) ги презеле формите со ќе: Јас би дошол, ако знаев. - Јас ќе дојдев, ако знаев; Јас би дошол, ако ме поканите - Јас ќе дојдам, ако ме поканите; или: Одвреме навреме ќе залаеше куче. - Само понекогаш ќе излезеше некој, ќе се искашлаше,... и одново ќе го снемаше. Сп. срхр.: С времена на време би залајало псето. - Само понекад би неко изашао, искашљао би се.,,, и поново би нестао.

Во македонскиот литературен јазик, под влијание на писмената традиција и на другите јужнословенски литературни јазици, повторно се воведуваат во употреба формите со би во потенцијално значење. (Со значење на повторливост во македонскиот јазик овие форми не се употребуваат.) Дејството искажано со форма со би се претполага како можно да се изврши, а е временски неозначено - може да се однесува на минатоста, на сегашноста или на идноста, што се определува од реченицата (контекстот) или воопшто од ситуацијата.

В е ж б и

1. Менувајте ги во можен начин глаголите:
учи, научи, дојде, земе, зема, даде, пие, испие
Составете со овие глаголи реченици со употреба на формите на можниот начин.

2. Потцртајте ги формите на можниот начин во текстот "Деца и цвеќиња" од Т. Најдоски и посочете ги глаголите од кои се образувани.

3. Трансформирајте ги потцртаните форми со форми на можен начин:

Ќе појдам до театарот да го погледам репертоарот за оваа недела и ќе извадам карти за една претстава. - Дали ќе можете да дојдете в недела со нас? Ќе ја разгледаме Старата чаршија во градот, а потоа можеме да појдеме на кино. - Ќе ти помогнам да ги на-

пишеш домашните задачи, но треба самиот повеќе да поработиш. - Ќе останев уште малку, но веќе ме чекаа дома. - Каква грешка ќе направев ако не го послушав. - Колку убаво ќе беше да ми го кажеше тоа порано. - За такво нешто рацете ќе му ги искршам!

4. Ставете ги глаголите во форма на можен начин:

Колку (сака) да ја видам! - Зар (дојде) и ако не те покане? - Во оваа слободија уште малку (сака) да поживеам. - Јас знам колку (плати) за тоа. - Ти не (може) да знаеш кога да го чекаш на станица ако не те извести за своето доаѓање. - Јас никогаш не (поверува) дека е готов и на таква лоша постапка. - Зар мислиш дека тој (откаже) понудата за соработка со нас. - Тие не (праша) него за ништо ако не мораат.

5. Завршете ги речениците со употреба на форми со би и со ќе:

Ако знаев македонски... - Ако се договоревме претходно... - Ако сакаш да одиме во Струга... - Ако почнеме навреме... - Ако го видам... - Ако не извадам карти за театар...

## ДЕЦА И ЦВЕЌИЊА

(Т. Најдоски)

Секое дете е можен цвет. Цветот и детето си личат едно на друго и имаат кристални срца. Сплетени од љубов - добрина од нив река тече. Секого кај нив го влече.

Кога би биле само децата и цветовите, земјава цела во среќа би бликала, нејзината слика би била една голема бела роза. Во неа сите би живееле само во среќа. Несреќата заврзана во челична вреќа би отишла по неповратлив пат.

Кога на земјава би биле само децата и цветовите, пролет вечна би царувала. Лутата зима, секавицата, грмежот, лудиот оркан, страшниот вулкан би ги заклучиле во челична вреќа, а клучовите би ги фрлиле во најдлабокиот бунар на синиот океан.

Кога на земјава би биле само децата и цветовите, би светеле две сонца, а ноќта би ја затвориле во челична вреќа и би ја фрлиле во вселената, никогаш да не се врати.

Кога на земјава би биле само децата и цветовите, топовите, наместо татнежи и ужаси, песни би пееле.

2. Модални глаголи

Во македонскиот јазик, најчесто, глаголите може, мора, треба (а поретко сака и има) се употребуваат како модални глаголи, т.е. како глаголи со кои се изразува односот на говорното лице кон дејството.

Модалните глаголи имаат функција на врска со која се отвора позиција на да-реченица (наместо старниот инфинитив). Со нив се изразуваат различни модални нијанси.

Со глаголот може се изразува, главно, отсуството на пречка да се реализира дејството: Попладне можам да дојдам кај тебе.

Глаголот мора изразува, пред сè, наложување изнудено, обично, од различни надворешни околности често и против волјата на субјектот: Морам да го полагам испитот во оваа сесија, инаку губам право на упис.

Со глаголот треба, исто така, се изразува наложување, но обично засновано врз внатрешно сознание на субјектот: Треба да се договориме што ќе работиме понатаму.

Глаголите може и мора имаат целосна промена (по лице и време): можам да напишам, можеш да напишеш - морам да напишам, мораш да напишеш итн.; можев да напишам, можеше да напишеш - морав да напишам, мораше да напишеш итн.; ќе можам да напишам, ќе можеш да напишеш - ќе морам да напишам, ќе мораш да напишеш итн. Од глаголот треба, како модален, се употребува, обично, само формата за трето лице еднина во сите времиња: треба да напишам, треба да напишеш; требаше да напишам, требаше да напишеш; ќе треба да напишам, ќе треба да напишеш итн.

Од приведените модални глаголи е необична употребата на заповеден начин, а е многу честа, во литературниот јазик, употребата на можниот начин, особено од глаголите може и треба.

В е ж б и

1. Продолжете со промена во сите лица:

Не можам да стигнам навреме. - Морам да ја купам таа книга. - Треба да го однесам ова писмо на пошта.

2. Менувајте ги во идно и минато определено време модалните глаголи во речениците:

Можам да му помогнам. - Морам да му кажам. - Треба да го поканам.

3. Употребете ги во минато определено и минато неопределено време модалните глаголи:

Вие не треба тоа да го правите. - Кога треба да дојде професорот? - Зошто не му кажа дека не треба да дојде на работа? - Не треба тоа да ѝ го кажуваш. - Треба да знаат дека еден ден ќе одговараат за тоа. - Треба да побрзате, зашто возот никого не чека.

ПЛАДНЕ

(Ц. Андреевски)

Денот треба да се отвори до неговата јатка.

Треба сè да се изнесе надвор - да расцути на виделина или да се распадне од походот на краткотрајните инсекти.

Да се вкуси секој плод од уморните овошки, па макар да се стигне и до работ на отворот.

Па да се засвири во гламната на празнината, да се истера накотениот страв - да се заслепи од виделината, да оглуви од свирката во гламната.

И пак треба да се отвори денот до неговата јатка, којашто го држи во просторот. Да се ѕирне во неа со отворени очи и да се извлечат надвор, и да се превртат, вреќите на стравот. И сè што ќе се најде во нив да се фрли во морето. Да не се заборави да се фрлат и сите горчливи плодови на зрелото пладне.

Тука е маглата што може да го впие секој глас, но тука е и морето што може подводно да ја пренесе нашата порака.

Иако е скриено зад маглата, треба да се открие точното место на сонцето.

("Предели", Скопје 1966)

3. Предлози (од употребата на предлозите: во, од,на, до

В е ж б и

1. Употребете ги на соодветно место предлозите - во, од или на:

Митко излегува... читалната и влегува... канцеларијата... секретарот. - Откако ќе купиш весник, качи се... автобус и донеси му го ... Митко. - По три станици Митко слезе... автобусот и влезе... продавницата... Издавачкото претпријатие "Култура". - Треба да појдам... пошта да пуштам едно писмо... поштенското сандаче.

2. Употребете го соодветниот предлог:

Се смета дека... морска вода полесно се плива одошто... езерска. - Најслободно се чувствувам... својот дом. - Народната поговорка вели дека ... матна вода риби се фаќаат. - Сега веќе има училиште ... секое село. - ... нашиот град улиците се многу чисти.

3. Употребете ги предлозите <u>од</u> - <u>до</u> во речениците:

... Скопје ... Охрид има околу двеста километри. - ... Охрид ... Битола се патува со автобус, а ... Битола ... Скопје со воз. - Авионот поаѓа ... Охрид секој ден. - Реката Вардар ... изворот ... утоката е долга околу 400 километри. - На Попова Шапка (Шар Планина) може да се стигне ... Скопје ... Тетово со воз или со автобус, а ... Тетово ... Попова Шапка со жичарница.

Учебната година трае ... септември ... јуни. - Семестралниот распуст трае ... 15 јануари ... 15 февруари. - Поради болест не бев на работа ... понеделникот ... петокот. ... Илинден ... Нова година има пет месеци. - Професорот беше отсутен ... февруари ... мај.

4. Употребете го соодветниот предлог:

Му кажа ли ... Митко дека в среда ќе имаме состанок? - И ја даде ли книгата ... Марија? - Дали му го преведе писмото ... Митко? - Зошто не им се јави ... домашните? - Дали ... сите им дадовте карти за театар?

## ПЕТНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

1. Глаголски прилог
2. Глаголска именка
3. Некои забелешки за редот на зборовите

### 1. Глаголски прилог

Глаголскиот прилог се образува од несвршени глаголи со наставката -јќи, која кај глаголите од а-група се поврзува со основниот вокал а, а кај глаголите од другите две групи со основниот вокал е: читајќи, зборувајќи, одејќи, носејќи, кинејќи, пеејќи.

Со глаголскиот прилог, обично, се искажува дејство што се врши едновремено со друго дејство. При тоа, глаголот во лична форма може да биде од несвршен или од свршен вид, поради кое едновременото вршење на дејствата не значи секогаш и паралелно одвивање (траење) на двете дејства. Примери: Пред зајдисонце, лисицата се прикрадуваше крај замрсените гранки на капиновата грмушка, влечејќи го китнестиот опаш како да ја́ брише својата трага во правта; полките навреме ја сетија и летнаа пред нејзината остра муцка, оставајќи зад себе треперење на своите крила. - Лисицата го подуши млакиот воздух и појде кон длабочината на шумата, барајќи непроодни места за да го покрие патот до своето легло. - Го подвитка опашот и се спушти низ долчето, гладна, но претпазлива, почитувајќи го прастариот див закон на шумата. - Ја издолжи шијата и бесно со закана залаја. Потоа потрча назад, охрабрувајќи ги и другите кучиња да појдат по него. - Невидливата волчица ајдучки ги следеше овците, претчувствувајќи топла, блага крв. - Дочекана од заседа, шумската господарица се лизна по стрмата, трошна земја и падна на страна, клештејќи ги забите, залудо обидувајќи

се да го фати песот за грло. Волчицата почна да се прикрадува кон трлата, полека, нечујно, скоро не допирајќи ја земјата, ослушнувајќи да не биде пак изненадена. - Ѕверот се отфрли од земјата, ја закачи со заби глоговата гранка и, не барајќи пат, почна да бега. - Оставајќи зад себе трага од румени капки што ѝ се лееја низ наежената кожа, волчицата се враќаше во јамата. - Четирите гладни волчиња ја чуја мајка си и зарежаа со надеж, претчувствувајќи го топлиот млаз од нејзините гради. - Мајката умираше полека, како да заспива, чувствувајќи како волчињата слатко ја ослободуваат од млекото.

<u>Забелешка</u>: Глаголскиот прилог се акцентира на вториот слог од крајот: зборува́јќи, мисле́јќи, живее́јќи. Негацијата се пишува одделно од глаголскиот прилог: не зборувајќи, не мислејќи,не сакајќи (в. Правопис, т.94 в).

В е ж б и

1. Внесете го глаголскиот прилог во следниве реченици:

Тие ги дадоа своите животи, (се бори) за слободата на својата татковина. - Ветрот тропаше на вратата, (се заканува) да ја искрши ако не се отвори. - Водата надоаѓаше во силни бранови, (уништува) сѐ пред себе. - Во крчмата влезе блед старец, застана нерешително, (размислува) каде да се упати. - Крчмарот безволно го послужи, (брои) ги недоверливо ситните пари. - Гласот, добар благ баритон, се носеше на сите страни, (плови) кон неизвесноста. - Ја намести старата војничка шапка и излезе, (остава) зад себе една тажна приказна. - Во чуден занес ги склопи очите, (носи) ја во себе скриената болка. - Запеа некоја непозната песна, не (верува) и самиот дека го слуша својот глас. - Не (се задржува) веќе, ја зеде шапката и истрча од одајата, (прерипува) ги камените скали на куќата.

2. Образувајте глаголски прилози од следниве глаголи и употребете ги во реченици: купува, чита, се враќа, вози, мисли, врти, пее, живее, се смее.

3. Од следните сложени реченици образувајте проширени со употреба на глаголски прилог; пример: Кога се враќам од работа, минувам преку стариот мост за да се сретнам со мојот стар пријател.

--- Враќајќи се од работа, минувам преку стариот мост за да се сретнам со мојот пријател.

Го прочитав весникот кога чекав ред за лекарски преглед. - Мислеше дека не треба да се сретне со него, сврти по друга улица. - Додека мислеше на претстојната средба, стигна пред куќата. - Го преведе писмото додека го очекуваше својот пријател. - Додека чекаше, не сакаше ни да помисли дека тој може и да не се врати.

## СТЕ СЕ ФАТИЛЕ НА ОРОТО, СИНКО

(анегдота од НОБ)

Есен 1943 година. Настапуваат тешки денови за партизанскиот баталјон во Тиквешко...

Дождот есенски паѓаше без прекин, цел ден и ноќ, вовирајќи се во искинатата облека и допирајќи до коските на полуголите стапала. Патот се раскашавил, и партизаните, гладни и уморени, лизгајќи се и паѓајќи, се движеа по него. Во првиот мрак пристигнаа во планинското село Галиште. Кандилцата и малите огнови во собите уште не беа изгаснати. Во една куќа, двајца селани, седејќи покрај огништето, размислуваат за изминатиот и за утрешниот ден...

Во тој момент во куќата влегоа двајца партизани надевајќи се дека тука можат да наснат малку. Но, партизаните никогаш не бараа јадење, туку се однесуваа така што домаќините сами да се досетат и да им понудат јадење.

- Ќе им кажеме за нашите маки, за непроспиените ноќи, за борбите во кои можеаме да загинеме, - рече едниот од партизаните, верувајќи дека домаќинката ќе се сожали и самата ќе се сети да им даде леб.

И почна:

- Е, бабичке, ете дојдовме во вашето село да видиме како живеете.

- Ако, синко, ако сте дошле, - одговори бабата, пресретливо прифаќајќи го разговорот.

- Да ви раскажеме за нашите борби, вие бездруго сте слушнале за нас, партизаните...

- Како не, синко, сме слушнале, па и наши има со вас.

- Ете, гледаш ние како се измачуваме. Одиме голи и боси по кал и дожд. Наместо да спиеме, ние талкаме по планините... - продолжува партизанот, воздивнувајќи.

- Така е, синко, што ќе правите, ќе се измачувате...

- Сме биле дури преку граница, во Грција. Далечен пат изодевме...

- Па така е, синко, ќе одите, што ќе правите, - бодрејќи ги се согласува бабата.

- Знаеш, бабичке, овој другар до мене, во борбата кај Лукар, за малку ќе загинеше. Куршумот му помина низ раката. Гледаш, бабичке, можеме и да загинеме...

- Така е, синко, може и да се загине, што ќе правиш, дошло такво време. Ете, вечерва батко Стојо раскажуваше за таа борба... Такво е времето...

И сѐ така бабата се согласуваше, никако не сеќавајќи се да им понуди нешто за јадење. Најпосле партизанот го издаде трпението и рече:

- Бабичке, ние сме гладни, многу сме гладни. Имаш ли нешто за јадење, па да си одиме?

- Ау, синко, па што не рековте?! Јас сум се внесла во раскажувањето за вашите маки па не ми теннува дека сте гладни, - прекорувајќи се свика бабата.

Студената царевна погача со маштеница од козјо млеко им ја поврати донекаде силата на изгладнетите партизани.

- Е, виде ли? Овде не треба многу зртење, многу политика... не знам, се мачиме, та одиме, се бориме... А таа не да не сака да ти даде леб, иако и самата го нема доволно, туку те слуша, братче, што ѝ кажуваш, соживувајќи се со твоите маки.

("Остен")

2. Глаголска именка

Глаголските именки се образуваат од несвршени глаголи со наставката -ње; основни вокали со кои се сврзува оваа наставка се истите како и кај глаголскиот прилог: викање, носење, пеење. Од свршени глаголи има ретки образувања, со наставката -ние, примени по литературен пат, што, обично, означуваат апстрактни поими: образование, решение, расположение, настроение.

Глаголските именки означуваат име на глаголското дејство со различен степен на апстрахирање од глаголот до полно супстантивизирање на одделни глаголски именки. Така, на пример, додека глаголските именки борење, одење, зборување јасно ја задржуваат врската со глаголското дејство, именките прашање (во значење на "проблем"), барање (во значење на срхр. "захтев") и др. наполно преминуваат во категоријата на именките. Од степенот на супстантивизацијата зависи и употребата на множинската форма. Од глаголските именки борење, одење, зборување и сл.образувањето на множина е необично или поограничено, додека од именките прашање, барање (во значењата што ги посочивме) и сл. употребата на множинските форми е сосема обична.

Забелешка: Негацијата, како составен дел на глаголската именка, се пишува слеано со неа: неразбирање, незнаење, неработење, немешање (в. Правопис, т. 94а).

Од употребата на глаголската именка:

а) Кон глаголската именка непосредно може да се додава предметот со што се добиваат сложени зборовни состави: перење алишта, носење чевли, пиење вода, пишување писмо, читање книга, полагање испити, купување весник.

Меѓутоа, ако се јават обете именки во определена форма (членувани), врската се поставува со предлогот на: Денес перењето на алиштата се врши со машина. - Носењето на чевлите не трае вечно. - Пиењето на студената вода не е препорачливо. - Испраќањето на телеграмата нема скапо да те чини. - Пишувањето на писмото ми одзеде многу време. - Читањето на книгата ќе го продолжам утре. - Го заврши полагањето на испитите. - Со претплата може да се избегне секојдневното купување на весникот.

б) Во составите од глаголска именка и именка што го означува вршителот на дејството предлогот <u>на</u>, со кој се укажува на тој однос, не може да се испушти: шумењето на водата (водата шуми), изгревањето на сонцето, треперењето на ѕвездите, вежбањето на гимнастичарите.

в) Глаголската придавка влегува во состав на сложени називи (термини), укажувајќи на намената на предметот; врската на именката што го означува предметот и глаголската именка се поставува со предлогот <u>за</u>: машина за перење, машина за пишување, масло за јадење, масло за подмачкување, сапун за перење, костим за капење, вода за пиење.

г) Глаголската именка може да се употреби наместо лична глаголска форма, т.е. наместо подредена реченица:

Пушењето е забрането (Забрането е да се пуши). - Најпосле беше принуден на предавање (Најпосле беше принуден да се предаде). - Со неговото доаѓање почна состанокот (Кога дојде тој почна состанокот). - По завршувањето на факултетот стапи на работа во еден хемиски комбинат (Откако го заврши факултетот стапи на работа во еден хемиски комбинат). - Отворањето на првите македонски училишта стана уште пред конечното ослободување на нашата татковина (Првите македонски училишта беа отворени уште пред конечното ослободување на нашата татковина).

В е ж б и

1. Образувајте глаголски именки од глаголите: објаснува, смета, преместува, печати, носи, брои, живее, јаде, пие.

2. Пополнете ги речениците со глаголска именка од погоре приведените (под 1.) глаголи:

... на парите се врши со специјални машини. - Поради честото... цвеќето се исуши. - Снабдувањето со ... и ... се сметаше за негова работа. - ... на првите броеви на весникот се вршеше во илегална печатница. - Беше забрането ... на секакво оружје. - Поради ... во тешки услови здравјето му беше сериозно разнишано. ... на современите сметачки машини многу ја олеснува работата. - За ... на лекцијата му [illegible] повеќе од два часа.

3. Од именките и глаголите образувајте сложени називи (сп. сапун за перење): прибор, игла, крем, перо, конец, молив, гума, појас, машина, четка

спасува, бојосува, јаде, бричи, везе, пере, црта, ниже, брише, пишува, шие,

4. Од придавките и глаголите образувајте зборовни состави од типот - добар за носење:

лесен, вкусен, пријатен, интересен, незгоден, удобен, тежок, сложен, прост

гледа, учи, чита, јаде, седи, носи, ракува, лежи, решава

5. Трансформирајте ги реченициге со употреба на лична форма наместо глаголската именка:

Со влегувањето на професорот учениците се смирија и часот започна. - По излегувањето од фабриката и започнуваше грижата за средувањето на домашните работи. - Тој не беше причина за создавањето на таков неред во работата. - Новата организација на работата помогна за постигањето на поголеми резултати. - Младите луѓе во фабриката посебно се заложија за организирањето на спортските натпревари во колективот. - Нивна прва грижа беше воведувањето на електрично осветлување во селото.

3. Некои забелешки за редот на зборовите

1. Подметот во реченицата, во обичниот ред на зборовите, стои пред прирокот:

Милка учи. - Сонцето заоѓа.

Подметот може да стои и по прирокот; тогаш прирокот е логички акцентиран (обратен ред на зборовите):

Учи Милка. - Заоѓа сонцето.

Во авторовата реч по директниот говор е задолжителен обратниот ред:

- Од каде ме познаваш? - праша човекот.

- Многу се забави, - рече Љуба. - Веќе на мисла бев, лошо време фати.

- Вратете си го зборот! - свикна директорот, - вратете си го, инаку ќе сожалувате.

2. Именскиот додаток (атрибутот) во македонскиот јазик обично стои пред определуваниот збор (неутрален ред):

Малото девојче пее. - Девојчето бере шарени цвеќиња.

Ако кон определуваниот збор идат два или повеќе додатоци, местото на додатоците се определува слободно (додатокот на право место е логички истакнат):

Малото весело девојче пее. // Веселото мало девојче пее. - Девојчето бере убави шарени цвеќиња. // Девојчето бере шарени убави цвеќиња.

Именскиот додаток може да стои по именката во обележаниот ред на зборовите:

Нашиот денешен јазик --- Јазикот наш денешен.

Придавката како презиме стои по името:

Константин Миладинов, Марко Цепенков, Ристо Крле

При азбучното редење презимето доаѓа на прво место:

Абаџиев Ѓорѓи, Бошковски Јован итн.

3. Логички акцентираните зборови и зборовни состави се извлекуваат на прво место во реченицата:

Пожолтената растурена книга како ранета птица стоеше на подот во тесната темна собичка. - Како ранета птица пожолтената растурена книга стоеше на подот во тесната темна собичка. - Како ранета птица, на подот во тесната темна собичка, стоеше пожолтената растурена книга. - На подот во тесната темна собичка стоеше пожолтената растурена книга како ранета птица.

Повеќе нема да се видиме никогаш. - Никогаш повеќе нема да се видиме. - Нема да се видиме никогаш повеќе.

4. Објектот во реченицата стои обично по прирокот:

Митко купи книга.

Ако е објектот определен, кратката заменска форма стои пред прирокот:

Митко ја купи книгата.

Индиректниот објект стои по објектот (директен) или пред прирокот, а кратката заменска форма за индиректен објект, при тоа, стои непосредно пред прирокот:

Митко му купи книга на братот.

Митко на братот му купи книга.

Индиректниот објект може да стои и на прво место во реченицата при посебно логичко акцентирање:

На братот Митко му купи книга.

Ако е објектот определен, кратките заменски форми стојат пред прирокот:

Митко му ја купи книгата на братот.

Митко на оратот му ја купи книгата.

Негацијата во горните реченици стои пред глаголот, односно пред кратките заменски форми:

Митко не купи книга.

Митко не ја купи книгата.

Митко не му купи книга на братот.

Митко не му ја купи книгата на братот.

Ист е редот на зборовите и кога во позиција на објект доаѓаат долгите форми на личните заменки:

Митко ме виде мене.

Митко мене ме виде.

Мене ме виде Митко.

Митко ми рече мене.

Митко мене ми рече.

Мене ми рече Митко.

Митко ми купи книга мене.

Митко мене ми купи книга.

Мене Митко ми купи книга.

Митко ми ја купи книгата мене.

Митко мене ми ја купи книгата.

Мене ми ја купи книгата Митко.

И со негација:

Митко не ме виде мене. - Митко не го виде него.

Митко мене не ме виде. - Митко него не го виде.

Митко не ми рече мене.

Митко мене не ми рече.

Митко не ми ја купи книгата мене.

Митко мене не ми ја купи книгата.

5. Кратките заменски форми стојат по императивот и глаголскиот прилог:

Однеси ја книгата.

Однеси му ја книгата.

Носејќи ја книгата, ја скинав.

Носејќи му ја книгата, ја скинав.

Негацијата стои пред императивот, односно пред глаголскиот прилог:

Не носи ја книгата.

Не носи му ја книгата.

Не учејќи ги редовно лекциите нема да ги положиш испитите.

Не прегледувајќи им ги наставникот домашните задачи на учениците, ги одвикна редовно да ги пишуваат.

6. Кратката заменска форма се кај повратните глаголи, освен во императивот и глаголскиот прилог, стои редовно пред глаголот:

Девојчето се чешла. - Девојчето ќе се чешла. - Девојчето се чешлаше. - Девојчето се чешлало.

Заменската форма се стои по императивот и глаголскиот прилог:

Чешлај се редовно!

Чешлајќи се, ми се скрши чешелот.

При азбучното редење на зборовите (од практични причини) заменската форма се се става по основната форма на глаголот:

наплаче се, наплива се, насвири се, наседи се итн.

7. Прашалната партикула дали и прашалните прилози и заменки стојат во почетокот на реченицата:

Дали ја врати книгата в библиотека?

Кога ќе одиш на годишен одмор?

Каде е најблиската аптека?

Колку време учеше македонски јазик?

Кој беше синоќа со тебе на кино?

Што има денеска за ручек?

Зошто не дојдовте?

Пред прашалниот прилог или заменката може да стои предлог или друг прилог:

До кога ќе останеш во Охрид?

Уште колку време има до почетокот на часот?

Прашалната партикула зар (зарем) обично стои во почетокот на реченицата или по подметот:

Зар вие нема да дојдете?

Вие зар нема да дојдете?

Прашалната партикула нели обично стои во почетокот на реченицата, по подметот или на крајот на реченицата:

Нели ти нема да дојдеш?

Ти нели нема да дојдеш?

Ти нема да дојдеш, нели?

И кај прашалните реченици одделни членови на реченицата, поради логично истакнување, може да се извлекуваат на прво место во реченицата:

Книгата дали ја врати в библиотека?

На годишен одмор кога ќе одиш? и сл.

При тоа не може да се прекине врската на прашалниот збор и глаголот (дали ја врати, кога ќе одиш и сл.).

# Т Е К С Т О В И

(Текстовите се земени или работени според: Историја на македонскиот народ, кн.III, Скопје 1969; Енциклопедија Југославије, изд. Југословенски лексикографски завод, Загреб; Устав на Социјалистичка Република Македонија, Скопје 1974; Факти за Македонија, изд. Републички секретаријат за информации на СР Македонија; Туристички водич - Македонија, изд. Туристички сојуз на СР Македонија - Скопје и НИП "Јеж" - Београд; Иселенички календар, изд. Матица на иселениците, Скопје.)

## ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Најславна страница од поблиската историја на македонскиот народ претставува Илинденското востание (1903 година) и неговата легендарна Крушевска република. Со кревањето на тоа востание Македонците ги оствариja, иако само на еден мал простор и за премногу кусо време, многувековните свои копнежи за слободен и независен живот.

Во почетокот на овој век револуционирањето на македонскиот народ постигна високо ниво; на целата македонска територија се развиваше револуционерна активност. Тоа беше дело на Внатрешната македонска револуционерна организација предводена од Гоце Делчев, Даме Груев, Јане Сандански, Ѓорче Петров и други. Подготвувајќи се за општонародно востание, поробениот македонски народ не жалеше напори и жртви да дојде до национална слобода.

И, затоа, кога на 2 август 1903 година избувна востанието во најголемиот дел на Македонија, народот го прифати и со невиден хероизам ослободи еден дел од својата територија, воспоставувајќи своја управа. Тоа беше особено случај во Битолскиот револуционерен округ, каде востанието зеде најсилен замав; во Крушево македонските востаници само за еден ден успеаја да воспостават своја власт, изгонувајќи ги турските воени единици од градот и неговата околина.

Се разбира, Илинденското востание не се ограничи во своите успеси само на крушевскиот регион; видни резултати беа постигнати и во Костурско, Охридско, Леринско, Кичевско и во други места во Македонија. Но, Илинденското востание не можеше да им донесе конечна слобода на поробените Македонци. Тоа беше крваво задушено. Меѓутоа, формирањето на Крушевската република остана вечно несвенат венец на слободољубивите стремежи на македонскиот народ. И трагичниот крај на Крушевската република беше достоен за

појит и признание; Македонците ја бранеа својата република со беспримерна храброст, жестоко борејќи се со неспоредливо надмоќниот непријател. Притоа, најславна борбена секвенца на одбраната на републиката беше подвигот на војводата Питу Гули, кој со своите соборци кај месноста Мечин Камен даде најожесточен отпор, загинувајќи на крајот сите, заедно со својот легендарен војвода.

## Крушевска Република

Крушевска република е назив за востаничката власт на ослободената територија во Крушево во времето на Илинденското востание. Веднаш по ослободувањето на градот од Турците, на 3 август 1903 година, раководството на штабот на крушевските востаници, на чело со Никола Карев, свикува собир од 60 граѓани, по 20 од секоја народност во градот (Македонци, Власи и Албанци). Овој собир избира од својата средина Управен совет (привремена влада) од 6 члена, во кој е застапена секоја народност со по 2 члена. Управниот совет ја поделува својата работа во 6 сектори: полициски, судски, финансиски, реквизиционен, интендантски и здравствен. Покрај Управниот совет е формиран и револуционерен суд. Управниот совет раководи со сите акции за одбрана на републиката и за нејзиното демократско уредување. За таа цел издава ред административни акти од кои најзначаен е Крушевскиот манифест, во кој се изнесени целите и задачите на револуционерната власт и на извршените промени. Манифестот е упатен не само до македонскиот народ, туку и пред сѐ до муслиманите, Турците, повинувајќи ги на општо спротивставување на социјално-економските неправди: "Елате, браќа муслимани, да тргнеме против вашите и наши душмани. Елате под бајракот на автономна Македонија. Македонија е заедничка наша мајка и нѐ вика на помош! Елате да ги скршиме синџирите на ропството, да се спасиме од маките и страдањата! - се вели, меѓу другото, во овој, по својот демократски карактер, значаен документ на револуционерната власт на Крушевската република.

## ВОСТАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО 1941

По пропаста на кралството Југославија и на Грција, за македонскиот народ во сите три дела на Македонија настанува нова етапа на неговата националноослободителна борба. Општата карактеристика за трите дела на Македонија беше таа што се поведе борба за национално и социјално ослободување под раководството на соодветните комунистички партии, од кои само Комунистичката партија на Југославија го признаваше постоењето на македонската националност, додека БРП(н) и КПГ немаа изграден став по тоа прашање. Македонскиот народ, уверен дека со реализирањето на поширокитe цели на комунистичките партии, то ест со победата над фашизмот и капитализмот, ќе се здобие со национална слобода, зеде масовно учество во борбата против новите и старите поробувачи. Развојот на оружените борби, со оглед на специфичните услови, беше различен, но политички во сите три дела на Македонија македонскиот народ беше целосно на страната на антифашистичката борба.

На 4 јули 1941 година Политбирото на ЦК КПЈ донесува одлука да се започне со општо народно востание. Одлуката е прифатена од сите народи на Југославија, и во текот на јули се дигаат на востание - Србија, Црна Гора, Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина.

Специфичните услови во кои се наоѓаше македонскиот народ го диктираа и темпото на подготовките за оружено востание. Денационализаторската политика на великосрпската буржоазија и долгогодишната великобугарска пропаганда во Македонија создаваше кај еден дел од буржоазијата и кај некои заведени луѓе некакви илузии дека и самата промена на власта може да доведе до извесни олеснувања. Едновремено со ова бугарските окупатори, преку својот пропаганден апарат, настојуваа отпорот на македонскиот народ против великосрпската буржоазија да го искористат и да ја замаскираат својата поробувачка политика прикажувајќи се како ослободители...
Во западниот дел на Македонија, Италијанците се прикажуваат како ослободители на албанското население. Меѓутоа, пролетаријатот и воопшто поголемиот дел од народот немаше никакви илузии во поглед на целите на бугарската и италијанската окупација. Партиските ор-

ганизации на теренот... од првите денови на окупацијата прибираат оружје и друг воен материјал и преземаат низа мерки да ги разобличат окупаторите.

По извесни промени во раководството на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, се преземаат широки подготовки за оружено востание на македонскиот народ. Во првата половина на септември 1941 веќе е формиран Покраинский штаб на Македонија, кој подоцна прераснува во Главен штаб. Во текот на 1941 година се формираат и месни штабови во градовите и повеќе воени комиси по селата.

Партиските организации на теренот, од првиот ден на окупацијата, секој погоден момент го ползуваат за диверзија против разни објекти на окупаторот. Скопје, Велес, Прилеп, Битола и некои други градови имаат посебни диверзантски групи кои вршат разни диверзантски акции.

По обемните подготовки (политички и воени), во почетокот на септември и октомври се формирани првите три партизански одреди: Прилепскиот, Кумановскиот и Скопскиот. Иако овие партизански одреди беа бројно мали, нивната појава означува почеток на една нова етапа на националноослободителната борба, кога Комунистичката партија застанува на чело на револуционерното движење на македонскиот народ,за да го извојува со оружено востание како националното, така и своето социјално ослободување.

Оваа етапа на борбата на македонскиот народ во Македонија е најавена со една релативно поголема војничка акција на Прилепскиот партизански одред, извршена на 11 октомври 1941 година, со едновремениот напад врз бугарскиот полициски участок во Прилеп, врз прилепскиот затвор и телефонско-телеграфската мрежа во Прилеп.

Овој ден - Единаесетти октомври - кој за македонскиот народ претставува еден од најсветлите датуми во неговата најнова историја, се слави денеска како национален празник на востанието на македонскиот народ од 1941 година.

# СОЦИЈАЛИСТИЧНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Социјалистична Република Македонија се наоѓа на југоисточниот дел од СФР Југославија. Таа е една од шесте социјалистички републики што ја сочинуваат СФРЈ. Географски територијата на СР Македонија се наоѓа меѓу 40°51' и 42°21' северна географска ширина и 20°27' и 23°05' источна географска должина, а зазема површина од 25.713 квадратни километри.

СР Македонија од три страни има меѓудржавна граница: на исток се граничи со НР Бугарија, на југ со Грција, на запад со НР Албанија. На север има меѓурепублична граница - се граничи со СР Србија.

Со својата централна положба на Балканскиот Полуостров, СР Македонија има погодни врски со соседните земји, а по долината на реката Вардар минуваат и главните сообраќајници меѓу Средна и Западна Европа и Источниот Медитеран.

Македонија е предимно планинска земја со најстари и најмлади планински масиви. Планините што ѝ припаѓаат на Шарско-пиндската група се одликуваат со особени убавини. Најпознати во оваа група се Шар Планина, Бистра, Кораб, Галичица, Пелистер и др. Шар Планина е најголемиот планински масив во Македонија - долг 80, а широк 10-20 км. Кораб е највисоката планина во Македонија, а со својот врв Кобилино Поле (2.764 м) е втора по височина во Југославија. Во Родопската група најпознати се планините: Скопска Црна Гора, Малешевските планини, Плачковица, Беласица, Огражден и Кожув. Централниот дел на Македонија го заземаат планините Ниџе, Селечка, Бабуна, Јакупица, Даутица, Караџица и др.

Меѓу планинските масиви се наоѓаат плодни котлини кои се разликуваат по големината, населеноста и почвените услови за одгледување на различни култури. Најголема котлина е Пелагонија, а потоа следуваат Полог, Скопската Котлина, Овче Поле, Тиквеш, Гевгелиско-валандовската, Струмичката, Преспанската, Охридската Котлина.

Речните долини, со нивните клисурски делови настанати со усекување на езерските истекувања во падините, се трет главен релјефен облик. Водите од територијата на СР Македонија ја собираат реките на трите главни речни сливови, и тоа на Вардар, Струмеш-

ница и Црни Дрим. Вардар и Струмешница гравитираат кон Егејско Море, а Црни Дрим кон Јадранско. Најголем е сливот на реката Вардар, кој зазема околу 80% од територијата на Македонија. Вардар е и најголема и најзначајна река во Македонија. Изворот му е силен и се наоѓа на височина од 683 м, на Шар Планина. Откако минува 300 км, реката Вардар ја напушта СР Македонија кај Гевгелија, а се влева во Солунскиот залив, во соседна Грција.

Најпознати котлински езера во СР Македонија се Охридското, Преспанското и Дојранското. Охридското Езеро е најголемо и најзначајно во Македонија. Со своите 348,8 квадратни километри површина тоа е второ по големина во СФРЈ, а е најдлабоко од сите поголеми езера (286 м). Тоа се наоѓа на крајниот југозападен дел на СР Македонија, на апсолутна височина од 695 м. Неговиот западен дел ѝ припаѓа на соседна Албанија. Ова езеро е едно од многу ретките во светот, во кое животните услови останале главно неизменети повеќе милиони години. Тоа располага со голем број ендемични организми, многу значајни за научните истражувања. Поради своите прекрасни убавини, климата, бистрата вода, подрачјето на Охридското Езеро е најзначајниот туристички центар на Македонија. Преспанското Езеро се наоѓа источно од Охридското и е по големина второ во Републиката, а трето во СФР Југославија. Зафаќа површина од 274 квадратни километри, се наоѓа на височина од 853 м. а најголемата длабочина му е 54,2 м; се простира во должина од 28,6 км, а во широчина од 16,9 км. Ова езеро се наоѓа на тромеѓата меѓу СР Македонија, Грција и Албанија, па по еден дел се наоѓа и на териториите на овие соседни земји. На ова езеро се најпознати туристичките локалитети Отешево, Царина и Претор. Дојранското Езеро се наоѓа на јгоисточниот дел на СР Македонија; има површина од 43 квадратни километри, а со еден дел ѝ припаѓа на соседна Грција. Се наоѓа на апсолутна височина од 148 м; најголемата длабочина му е 10 м. Ова езеро е најбогато со риби, а е посебно интересен начинот на ловење на рибите. Имено, риболовот се врши на прастар начин, со помошта на птици.

Географската положба и релјефот на Македонија влијаат и врз климата. Во неа се чувствува влијание на средоземноморската клима на југ и на континенталната - на север, додека на повисоките места има планинска клима. По својата географска ширина Македонија спаѓа во најтоплите реони на СФРЈ.

СР Македонија има приближно 1,650,000 жители, кои живеат во 29 градови и 1.636 други населени пунктови; за периодот по ослободувањето карактеристичен е брзиот пораст на градското население. Според национална структура на населението, најголемиот дел го сочинуваат Македонци (69,3%), потоа Албанци (17%) и Турци (6,6%); покрај нив, во Македонија живеат помал број Срби, Власи, Роми и др.

## Општествено уредување

Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност во неа, заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и рамноправните со него албанска и турска народност.

Социјалистичка Република Македонија е во состав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Припадниците на другите народи на Југославија што живеат во СР Македонија се рамноправни и имаат исти права и должности како Македонците и народностите.

Своите права и должности, загарантирани со Уставот, граѓаните ги остваруваат непосредно во општините, а и посредно преку своите делегати во претставничките органи, а тие од своја страна - на нивото на Републиката како поширока општествено-политичка заедница.

Функциите на власта и на општественото управување во СР Македонија ги исполнуваат претставничките органи како заеднички органи на општественото самоуправување на општествено-политичките заедници и на пред нив одговорните органи.

Собранието на СР Македонија е највисок орган на власта и на општественото самоуправување во рамките на правата и обврските на Републиката. Собранието го сочинуваат: Собор на здружениот труд, како собор на делегати на работните луѓе во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници на трудот; Собор на општините, како собор на делегати на

работните луѓе и граѓаните во општините и Општествено-политички собор, како собор на делегати на работните луѓе и на граѓаните организирани во општествено-политичките организации. Самоуправните интересни заедници во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита имаат свои собранија кои рамноправно решаваат, заедно со другите собори на Собранието, за прашањата од своите области. Претседателот на Собранието ја претставува СР Македонија. Својата политика Собранието на СР Македонија ја спроведува преку својот извршен орган - Извршниот совет.

## Стопанството во СР Македонија

СР Македонија е позната како недоволно развиено подрачје на СФРЈ, кое денесна, по долги векови заостанатост, релативно брзо оди по патот на економски развој. Благодарение на општествено-политичките и економските услови во кои се развива во повоениот период, во нea е создадена солидна материјална и културна база за понатамошен брз развиток. Единството и солидарноста на сите народи на Југославија, кое се изразува преку разни видови општествени и економски мерки што се преземаат заради укажување помош на недоволно развиените подрачја, има голема улога во динамичниот развој на СР Македонија. Во тие услови, Македонија од изразито стопански заостаната аграрна земја, во текот на повоениот период оствари релативно брз процес на идустријализација и осовременување на производството во другите гранки на стопанството.

<u>Индустрија</u>. - Пред Втората светска војна и веднаш по ослободувањето, индустријата во Македонија беше слабо развиена, со ограничена производствена структура, со мала техничка опременост и мал производствен капацитет. Според извршениот попис на индустриските капацитети во 1945 година во Македонија имало 140 индустриски погони со 8.873 работни места. По извршената обнова на разурнатата индустрија (1945-1946 год.) започна широк фронт на градба на нови погони. Истовремено беше вршено и проширување и модернизација на постојните погони. Ценејќи ги вложените средства, оствареното производство, вработеноста и другите елементи, во индустријата на Македонија е постигнат динамичен развој во целиот повоен период, а особено по 1952 година.

Во првите години на тој развој главно место има електричната енергија, текстилната индустрија, неметалната, металната, прехранбената, тутунската индустрија и обоената металургија. Подоцна е засилен развојот на хемиската и електроиндустријата, црната металургија, индустријата на кожи, дрвната индустрија, индустријата на цемент, стакло, огноотпорни материјали, керамика и друго. На овој начин повисок степен на индустријализација е остварен и со квалитетни промени во структурата на индустриското производство. Индустријата учествува со околу 90% во извозот на стоки од СР Македонија. Покрај брзиот пораст на извозот на стоки е извршена и забележителна промена во структурата на извозот. Тутунот до предизвесно време имаше доминантно место во извозот од Македонија. Денес извозната листа е проширена со повеќе нови производи и со тоа ѐ создадена основа за далеку поширока размена со странство. Извозот е проширен со рабни цевки наменети за градба на водоводи, нафтоводи и гасоводи, потоа со феролегури, керамика за домаќинство и градежништво, кристално стакло и стаклена волна, огноотпорни и изолациони тули, силекс и повеќе други облагородени неметални производи (суровини), пластични маси и преработки, поливинил влакно, памучни, волнени и свилени ткаенини и предена, лесна и тешка конфекција, чевли, крзно и друго.

Електрична енергија. - Покрај неколку помали хидроцентрали и термоцентрали, изградени веднаш по ослободувањето, во изминатиот период се изградени и неколку поголеми хидроцентрали (Маврово, Шпилје, Глобочица и Тиквеш - со производство од околу 1.250 милиони киловат-часови (квч) електрична енергија), а во тек е изградбата на неколку термоцентрали.

Црна и обоена металургија. - Застапено е производството на рабни цевки и производството на челик и валани производи на црната металургија. Обоената металургија е застапена со производство на оловно-цинкова руда и концентрати, на хромна руда и концентрати, производство на феролегури и профилирани алуминиумски производи. Се произведува: рафинирано олово и цинк метал, сулфурна киселина и други благородни метали; потоа, никел, бакар, манган и друго.

Неметали. - Поважни производи се: порцелан и керамика, стаклена амбалажа, брусено кристално стакло, стаклена волна и плочи од стаклена волна, и огноотпорни тули, цемент, [illegible]

гипс и преработки од гипс, вештачки брусеви и брусна хартија,потоа бентонит, фелдспати, талк, вулкански туфови, доломит и друго.

Хемиска индустрија. - Се произведуваат сапуни и козметика, бои и лакови, преработки од афион - лекови; воведено е производство на електролитичен натриумхидроксид, ПВЦ-прав, полиакронитрилни влакна, пластични преработки, винил-азбестни плочи и фолии, натриумбихромат и други хемикалии.

Текстилна индустрија и индустрија на кожи и чевли. - Во текстилната индустрија е застапено производството од сите сектори - волнарски, памучарски, свиларски, потоа индустријата на конфекција, трикотажната индустрија, индустријата на теписи и килими, позамантерија (конци, гајтани, петлици, копчиња и сл.) и др. Индустријата на кожи и чевли (се произведува крупна ѓонска кожа, ситна кожа, крзнена конфекција, разни видови чевли и чизми) е ориентирана, главно, кон производство на извоз; доминантно место има извозот на чевли, со 70-80% од производството.

Металопреработувачка индустрија. - Оваа индустрија е послабо развиена. Воведено е производство на автобуски каросерии и автобуси, делови за возила, емајлирани садови и прибор за јадење, уреди за ладење (разладни уреди), навојни производи, амбалажа од бел лим и од алуминиум, машини за обработка на метал и запченици, железни конструкции и друго.

Електроиндустрија. - Во електроиндустријата, освен производството на фрижидери (ладилници) за домаќинство, е застапено производството на мали ротациони машини, трансформатори, расклопни апарати за низок напон, изолирани спроводници, елементи за радио и електронска техника и други технички стоки.

Прехранбена индустрија. - Развиена е индустријата за преработка на земјоделските производи; се произведува: шеќер, конзерви на овошје и зеленчук, доматен концентрат, полуготови јадења, туршија, разни џемови,компоти, сурови и концентрирани овошни сокови, потоа масло за јадење, пиво, тестенини, кондиторски производи и др.

Тутунска индустрија. - Преработката на тутунот е осовременета со капацитети за сместување и ферментација на тутунот. Во последниве години се изградени современи капацитети за производство на цигари.

Земјоделство. - И покрај сè побрзиот развој на индустријата, важна гранка на македонското стопанство е земјоделството. Земјоделството во Македонија, по начинот на производството, до ослободувањето беше многу заостанато. Раздробено на многу ситни индивидуални имоти, со примитивен начин на обработка на земјата, тоа на можеше да даде поголеми резултати. Денеска се вложуваат огромни напори и средства за осовременување на земјоделското производство со плантажни системи, со примена на агротехнички средства и механизација, со изградба на мелиоративни системи. Земјоделството го делиме на полјоделство (работа в поле), градинарство (производство на зеленчук), овоштарство, лозарство и винарство, и др. Земјоделското производство се базира врз природните, почвените и климатските услови. Овие услови дозволуваат максимален развој на спомenатите земјоделски гранки во Македонија. Земјоделското производство во СР Македонија е организирано во околу 300 стопанства во општественият сектор и над 160 илјади индивидуални стопанства. Во однос на периодот пред 1945 година, производството е зголемено за повеќе од двапати; при тоа, остварени се позитивни поместувања во структурата на обработливите површини и засеаните површини, така што е зголемено учеството на површините под индустриски, градинарски и крмни култури.

Полјоделство. - Полјоделството е развиено во рамничарските реони: Полог, Скопско Поле, Овче Поле, Пелагонија и во струмичниот и гевгелискиот крај. Се одгледуваат, главно, следниве житни култури: пченица, 'рж, јачмен, овес, пченка и ориз. Од индустирските растенија поважни се: тутунот, памукот, афионот, шеќерната репка, сусамот, кикиритките, сончогледот, а во последно време и хмељот.

Градинарство. - Климатските услови се многу поволни за развојот на градинарството, особено во Повардарјето, во Струмично и Охридско. Од градинарските култури се произведуваат: компир, грав, домати, пиперки, лук, кромид, зелка, краставици, слануток, лубеници, дињи, тикви и др.

Овоштарство. - Целото македонско подрачје е погодно за развој на овоштарството. Најпознати овоштарски реони се Преспанско, Охридско, Тетовско. Преспанската котлина е во редот на најважните подрачја во Југославија за одгледување на јаболка. Во Македонија

се одгледуваат: јаболка (познати се сортите црвен и златен делишес, јонатан), круши, сливи, најсии, ореви, цреши, праски, дуњи, вишни, смокви, калинки. Покрај тоа растат и: костење, лешници, мушмули, јагоди, рибизли, малини, бадеми.

Лозарство. - Во цела Македонија се особено поволни условите за развојот на лозарството. Најпознати лозарски реони се: Тиквеш, гевгелискиот, валандовскиот, штипскиот, кумановскиот и охридскиот крај. Од пред десетина години, оваа култура, преку системот на плантажни лозја, сѐ повеќе се шири и во другите области на Македонија. Се произведуваат висококвалитетни вински и десертни грозја.

Сточарство и живинарство. - При крупните земјоделски стопанства во општествениот сектор и надвор од нив се градат сточарски и живинарски фарми во кои, покрај примената на современи методи во одгледувањето, посебна грижа се води за подобрување на расниот состав на добитокот и живината. Се одгледува крупен и ситен добиток, и тоа - од крупниот добиток: коњи (главно во индивидуалните стопанства), говеда, а сѐ помалку биволи, магариња, маски; - од ситниот добиток: овци, свињи, а речиси не се одгледуваат - кози. Од живината се одгледуваат: кокошки, а помалку пајки, гуски и мисирки.

Шумарство. - Шумарството во Македонија не е развиено според можностите што ги даваат природните услови. Во текот на повеќевековното ропство, туѓиот господар во Македонија безмилосно ги експлоатирал и ги уништувал македонските шуми без да води сметка за нивното обновување. Денеска се вложуваат големи напори и средства за пошумување на голите површини. Во македонските шуми расте: даб, бука, бор, ела, смрека, чам, липа, бреза и др.

Рударство. - Геолошката карта на Македонија е мошне богата. Тектонската еволуција на нејзиното подрачје создала неизмерно богатство на разни руди и минерали. Особено во периодот кон средината на терцијарниот период, во времето на интензивното набирање на карпите, проследено со силно изразени вулкански активности, големи количества разни руди и минерали се напластувале во подножјата на вулканите. Науката цени дека токму по ваков пат се создадени нашите денешни најголеми рудни наоѓалишта,

како што се, на пример, комплексот за олово и цинк кај Злетово, Пробиштип, Кратово и Крива Паланка и рудниот комплекс кој се простира по кожувската и мариовско-кајмакчаланската вулканска област. Покрај овие два метала, и бакарот, железото,неметалите, кварцот, базалтот и други се резултат на вулкански ерупции.

Поволната околност што голем дел од овие рудни богатства се формирал на самата површина се рефлектирала на тој начин што во Македонија се познати рудни истражувања уште пред почетокот на новата ера, за кое сведочат откритијата кои денеска се живи сведоци за некогашната експлоатација и преработка на металите и неметалите на ова подрачје. Меѓутоа, за рударството во Македонија многу повеќе знаеме од времето на Римјаните. Откако тие го зазеле ова подрачје, гонети од потребата за производство на поголемо количество оружје и орудија за нови освојувања, интензивно се зафатиле со проширување на рударските работи во веќе откриените рудни наоѓалишта.

Со доаѓањето на Словените на Балканскиот Полуостров, рударската активност во Македонија прилично замрела. Постојат само некои индикации дека Словените ваделе оловна руда. Меѓутоа, рударството доживеало повторен процут со доаѓањето на Сасите на Балканот, некаде во XIII век. Еден век подоцна, Турците кога навлегле на Балканот дошле во допир со краишта во кои рударството веќе било во развиена фаза. Но, крутата турска администрација и крајната суровост внесле голем револт кај рударите, па рударското производство почнува да опаѓа. Во времето на турското владеење македонското рударство доживеало само уште еден мал прогрес во средината на XIX век. Дури по Првата светска војна се почнало да се вршат поинтензивни истражувања, се активираат некои стари рудници и се откриваат нови.

По завршувањето на Втората светска војна и воведувањето на социјалистички поредок во нашите општествено-економски односи се тргна од сознанието дека, пред сè, развојот на сопствената суровинска база треба да биде сигурен гарант за егзистирање на новите односи, за независноста и брзиот просперитет на нашата заедница. Така рударството доби третман од првостепено значење. Посебно што постоеја сигурни индикатори за разновидноста и обемот на рудите и минералите што ги имаме. Бидејќи, пак,рудното

богатство сѐ уште не беше доволно испитано, една од основните задачи беше да се изработи посеопфатна геолошка карта на Македонија.

Истражувањата покажаа дека во Македонија се наоѓаат големи наоѓалишта на железна руда, олово, цинк, бакар, никел, хром, антимон, манган, уранова руда, потоа мермер, оникс, бигор, кварц, глина, гипс и други метали и неметали .

## Сообраќај

Најразвиен сообраќај во СР Македонија е автомобилскиот. Сите поголеми градови и населби се поврзани со асфалтирани патишта, а во тек е изградбата на асфалтирани патишта и до подостапните села. Главниот автопат во Македонија претставува врска на Средна Европа и Средоземјето. Со овој пат се поврзани патиштата од Скопје за Тетово - Гостивар - Струга - Охрид; од Скопје за Охрид преку Кичево, кој е и најкус и најнов пат за Охрид од Скопје; од Титов Велес за Прилеп - Битола - Ресен - Охрид. Од Прилеп со автомобилски патишта се поврзани Крушево и Кичево, а од Титов Велес се одделува патот за Штип - Радовиш - Струмица.

Низ СР Македонија повеќе од еден век се движат возови. Најглавна железничка врска е меѓународната пруга што ја поврзува Македонија со Белград кон север и со Грција кон југ. Таа минува од Белград кон Ниш и Куманово до Скопје, а потоа од Скопје за Титов Велес и Гевгелија, каде што преминува на грчка територија. Други поважни железнички врски се Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево; Титов Велес - Прилеп - Битола, и Титов Велес - Штип - Кочани. Во Македонија, како и во цела Југославија, се врши интензивна модернизација на железничкиот сообраќај, се отфрлаат од употреба парните локомотиви и дизел-машините на веќе електрифицираните линии, а електрификацијата на сите поважни линии се поставува како најважна задача во развојот на железничкиот сообраќај во СР Македонија.

Условите за развој на водниот сообраќај во СР Македонија се многу ограничени. Единствената поголема река Вардар не е

пловна, а не се пловни и другите помали реки. Водна врска има на Охридското Езеро од Охрид за Свети Наум и од Охрид за Струга; на Дојранското и Преспанското Езеро пловат само мали туристички бротчиња, чамци и рибарски кајчиња.

Воздушниот сообраќај, бидејќи територијата на СР Македонија е мала, исто така е слабо развиен. По воздушен пат СР Македонија е поврзана со сите главни републички градови, а сезонска линија од аеродромот во Скопје има и за Дубровник и Охрид. Покрај скопскиот, современо е опремен и охридскиот аеродром, на кој слетуваат авиони со туристи и од други европски градови.

## Културно-историски споменици во СР Македонија

Спомениците на културата од периодот пред доаѓањето на Словените извонредно се богати и многубројни; старите антички градови - Стоби, Хераклеја Линкестис, Лихнидос, Скупи и други убедливо го покажуваат тоа. Во овие градови, покрај другото, се откриени и мноштво профани и културни објекти, меѓу кои: амфитеатри, бањи, чешми, плоштади, палати, ранохристијански базилики и друго, чии подови во повеќето случаи се покриени со богати килими од мозаик од кој одделни детали се зачувани до денеска.

Во словенскиот период најстарите споменици се изградени во времето на Климент и Наум; приближно во исто време, во Охрид (Лихнидос), Климент во близина на Тврдината, а Наум на изворите на Дрим, на брегот на Охридското Езеро, ѕидаат свои манастири, украсувајќи ги со живопис (фреско-сликарство) и со икони. Двата манастира подоцна биле речиси наполно разурнати. Првата монументална градба е изградена во времето на македонскиот цар Самоил на островот Ахил во Мала Преспа; од неа не се зачувани позначителни траги. Во средината на единаесеттиот век (1040-45) е изградена катедралната црква Света Софија во Охрид во која има зачувано единствен по своето значење и уметничка вредност живопис - дело на извонредно талентирани зографи. Од крајот на овој век се црквите Свети Леонтија во Водоча и Света Богородица во село

Вељуса - Струмичко. Од XII век посебно се значајни две средновековни цркви - Свети Пантелејмон во село Нерези - Скопско и Свети Ѓорѓи во село Курбиново - Преспа. Тринаесеттиот век во градежништвото и сликарството во Македонија, исто така, е исклучиво богат. Меѓу црквите се изделуваат Свети Јован Богослов во рибарската населба Канео (Охрид), Свети Никола во мариовското село Манастир и црквата Света Богородица Перивлептос, денес повеќе позната под името Свети Климент во Охрид. Последнава од овие е едно од најуспешните остварувања во XIII век (изградена во 1295 година). Живописот како и дел од иконите во оваа црква се дело на прочуените средновековни сликари Михаил и Евтихиј. Во нивното дело, покрај брилијантната техничка изведба која овозможила и денес живописот да зрачи со истиот интензитет на боите, откриваме и нови настојувања што ќе дојдат до полн израз во наредниот период. Во XIV век најмногу се чувствува и најсилно се покажува градежната и сликарската активност. Изградени се голем број цркви со различни архитектурни форми и димензии. Меѓу нив посебно место им припаѓа на црквата Света Никита во Скопска Црна Гора, Свети Ѓорѓи во Старо Нагоричино, и двете дела на прочуените сликари Михаил и Евтихиј; Света Богородица во Кучевиште и ред други цркви во сите краишта на Македонија. Додека во живописот на црквата Света Богородица Перивлептос се инсистира на монументалноста на фигурите, во живописот на црквите од овој период реалистичкиот потход во сликарството се чини целосен. Покрај спомениците на културата што имаат примарно културно значење, во средновековна Македонија биле изградени и мноштво утврдени градови, со најразлични форми на тешко пристапни места. Меѓу нив може да се споменат утврдените градови чиишто ѕидови сѐ уште постојат: тврдината Кале во Скопје, Самоиловата Крепост во Охрид, Маркови Кули во Прилеп, Исарот во Штип, тврдината Царски Кули во Струмица, градот Кожле на река Пчиња, како и последната тврдина што била изградена во Македонија - Бал Тепе во Тетово.

Во периодот на отоманското ропство никнуваат и објекти со разновидни намени како што се џамиите, безистените, ановите, карван-сараите, турбињата, текињата, беговските конаци, саат-кулите, мостовите и др. Во стилот на оваа архитектура го

откриваме ориенталскиот дух со своите карактеристични форми. Периодот на XV и XVI век во Македонија е времето кога никнуваат мноштво градби, меѓу кои позначајни се: џамијата на Султан Мурат II, Исак Беговата џамија, Мустафа Пашина џамија - во Скопје, Исак џамија и Јени џамија во Битола и други.

## Културни манифестации во СР Македонија

Во Македонија се одржуваат повеќе манифестации од областа на културата и уметноста преку кои се врши широка популаризација на културно-уметничкото творештво во масите. Од манифестациите од тој вид ќе ги одбележиме: Струшките вечери на поезија, Охридското лето, Балканскиот фолклорен фестивал, Рациновите средби, Мајските оперски вечери и др.

Струшките вечери на поезија се поетска манифестација, речиси, единствена во светот, на која земе учество поети од сите пет континенти. На музичко-сценската манифестација Охридско лето учествуваат ансамбли од целиот свет, со високо уметничко реноме. На Балканскиот фестивал за изворни народни песни и ора, кој се одржува во Охрид, учествуваат фолклорни ансамбли од балканските и прибалканските земји, а фолклористи од целиот свет учествуваат на Симпозиумот за балкански фолклор кој се одржува секоја втора година. Рациновите средби, манифестација од областа на литературата, што се одржуваат во чест на поетот Кочо Рацин во неговото родно место Титов Велес, исто така, го привлекуваат вниманието на културната јавност не само во Републиката, но и надвор од неа. Во Скопје се одржува манифестација Мајски оперски вечери со учество на ансамбли и солисти од повеќе европски земји и од сите југословенски културни центри. Во Прилеп секоја година се одржуваат три ликовни меѓународни манифестации: симпозиумот "Мермер", Ликовната колонија и симпозиумот "Пластика во дрво". Секоја година во Струмица се одржува Ликовната колонија, а во Скопје се организира Светската галерија на карикатури.

## Градови во СР Македонија

СКОПЈЕ. - Скопје е главен град на Социјалистичка Република Македонија. Се наоѓа на северниот дел на Македонија, во Скопска Котлина, која од сите страни е обиколена со планини. Низ Скопје тече најголемата река на Македонија - Вардар, која го дели градот на два дела. На Вардар има повеќе мостови, а најстар е Камениот мост во центарот на градот.

Скопје со своите 450 илјади жители е трет град по големина во Југославија. Тоа е модерен град со многу повеќекатници, со модерни згради, широки улици и булевари. Посебна убавина му дава убаво уредениот кеј на реката Вардар, кој претставува шеталиште и собиралиште на младите скопјани. По архитектонското решение некои згради посебно го привлекуваат вниманието; тоа се зградите на Поштата, Банката, на ЦК СКМ, на Градскиот архив, на Македонската академија на науките и уметностите, Универзиетскиот комплекс, Трговскиот центар и др., кои се изградени во текот на десетина години, по земјотресот ( 1963 год.).

Главниот град на Македонија е важен сообраќаен центар на републиката; низ него минуваат главните железнички и автомобилски патишта што го поврзуваат Скопје со другите наши градови и републики, како и главните патишта кон Грција, патиштата со кои се поврзува Средна Европа со Средоземјето.

Скопје е центар на политичниот, економскиот и културниот живот на СРМ. Градот се развива во главен индустриски центар на Македонија; изградени се повеќе индустриски капацитети - Железарницата, Стакларницата, Органско-хемиската индустрија ОХИС фабриката за лекови Алкалоид и др.

Скопје има развиена мрежа на основното школство, повеќе средни и виши школи од различни насоки на образование, Универзитет со пет универзитетски центри, со скоро сите факултети. Во Скопје има повеке музеи, библиотеки, киносали, три театри, опера и балет, Радио-телевизија со програма на македонски, албански и турски јазик.

Скопје има многу стара и бурна историја. Античната населба Скупи се наоѓала на утоката на реката Лепенец во Вардар. Во VI век е разурната од земјотрес. Градот пак е подигнат околу денешната тврдина Кале. Словенските племиња трајно го освојуваат кон крајот на VII век. Во времето на македонскиот цар Самоил (владеел од 976 - 1014) Скопје игра важна улога во развојот на првата македонска држава. Во својата бурна историја градот минувал во рацете на византиска, бугарска и српска власт; Турците го освоиле во 1392 година и во него, како и во цела Македонија, владееле над 500 години. Градот доживувал повеќе пустошења (земјотреси,пожари) но и денеска се зачувани одделни културно-историски споменици што ни говорат за неговото минато.

На 26 јули 1963 година Скопје доживеа катастрофален земјотрес со епицентар во самиот град; градот беше наполно разурнат, а од урнатините беа извлечени 1029 мртви и голем број ранети. Разурнати беа зградите на: Народната библиотека (при кое беа уништени 430 илјади книги, од кои 100 многу ретки), на Археолошкиот и Историскиот музеј, Универзитетот, Уметничката академија, театарот и други објекти. Со братска помош на целата југословенска заедница, како и на многу други земји од целиот свет,Скопје релативно брзо ги совлада првите тешкотии, а денес се изградува во модерен и убав град.

ТИТОВ ВЕЛЕС. - Општински центар во средно Повардарје, со околу триесет илјади жители. Изграден е на реката Вардар. Во 19 век спаѓал во најразвиените трговски градови на Македонија. Денеска Титов Велес е индустриски град со развиена прехранбена, текстилна и порцеланска индустрија, а од пред неколку години е пуштена во погон и топилница на олово и цинк.

Градот е родно место на македонскиот поет Кочо Рацин, кој уште кон крајот на 1939 година објави збирка песни на македонски јазик - "Бели мугри". Појавата на оваа збирка, во времето кога македонскиот народ се наоѓаше под политичко, економско и културно ропство, го изразува стремежот на македонскиот народ за афирмација на својот јазик и својата национална индивидуалност. Денес куќата на поетот е преуредена во спомен-музеј за неговиот живот и дело.

ПРИЛЕП. - Прилеп се наоѓа во Прилепската котлина, во која основна култура што се одгледува е тутунот. Во непосредна близина на градот се наоѓа селото Варош, во подножјето на Марковите Кули. Остатоците на Марковите Кули - стара, средновековна тврдина - може да се видат и денеска. Градот е основан од Турците и бил познат со развиеното занаетчиство. Во поново време се развива индустријата за преработка на тутун, за алкохолни и безалкохолни пијалоци, за електроизолационен материјал, дрвната и мермерната индустрија. Во индустриските капацитети на градот работат околу 15.000 работници, со кое Прилеп спаѓа во позначајните индустриски центри на Македонија. Во најновата историја на македонскиот народ Прилеп е значаен со тоа што на 11 октомври 1941 година во овој град беше извршена првата поголема оружена акција против фашистичките окупатори,со кое беше огласено сенародното востание на македонскиот народ. За големиот придонес во Народноослободителната борба Прилеп е прогласен за град - херој. Во непосредна близина на главниот пат за Битола се наоѓа необично интересен објект и по своето значење и по своето обликување - Могилата на непобедените, која преставува заедничка гробница на борците од овој крај паднати во борбите против фашистичките поробувачи. Денес градот - првоборец има преку 50.000 жители, од кои скоро половината се ученици.

БИТОЛА. - Битола се наоѓа во подножјето на планината Пелистер на реката Драгор. Градот е основан од Словените на сообраќајниот јазел недалеку од урнатините на римскиот град Хераклеја, чиишто остатоци можат да се видат и денеска. На римскиот пат имало жив карвански сообраќај, па Битола бил добро развиен трговски град. Таков останал низ целиот среден век. Турците го зазеле при крајот на 14 век. Тогаш имал важна не само трговска, но и стратешка улога. При крајот на турското владеење (почетокот на овој век) во Битола се развива жива политичка дејност; тој е седиште на конзуларните претставништва на повеќе европски земји. Во текот на Втората светска војна фашистичките окупатори уништија голем број од населението, скоро сето еврејско население. По ослободувањето градот се развива во индустриски центар.

КРУШЕВО: - Крушево е гратче, на 1.250 м надморска височина, на западната планинска периферија на Прилепската котлина, со околу пет илјади жители. Како слободно село Крушево се споменува уште во XIV век, но подоцна било заграбено од охридски бегови и претворено во чифлиг. Во рацете на нивните наследници останува се до 1842 година кога по судски спор воден во Цариград, крушевчани успеваат да се ослободат од големите давачки и местото пак да биде прогласено за слободно.

При крајот на XVIII век, Крушево го населуваат бегалци, главно Власи, од Епир и Албанија. Поради турските своеволија и насилствата на албанските пљачкосувачки банди, во Крушево постепено се населуваат и Македонци - бегалци од Кичевско, Дебарско, Охридско, Прилепско, Битолско и, особено, од мијачките села.

До ослободувањето жителите на Крушево се занимаваат, главно, со сточарство и занаетчиство; најпознати биле занаетите: кожарски, кројачки, чевларски, бојаџиски, свеќарски, шарлаганџиски, воденичарски, бакалско-манифактурен, сапунџиски и други. Во Крушево, особено меѓу мијачкото население, се развило во голем степен зографството и копаничарството. Преработката на благородните метали, изработката на бакарни садови, килимарството се стара традиција што се продолжува и денеска. Вредноста на општествените средства во споредба со тие пред војната денес во Крушево е за 2? пати поголема; бројот на вработените е поголем за 200 отсто. Посебен придонес во тоа имаат индустријата за трикотажа и конфекцијата, која 90% од своето производство го пласира на пазарите во Советскиот Сојуз, Чехословачка, Белгија и други земји.

Крушево сѐ повеќе се афирмира и како рекреативен центар. Неговата надморска височина, вештачкото езеро, иглолисните и други шуми, богатата вегетација, пријатните лета и снежните зими, се идеални за развој на летниот и зимскиот туризам.

Во историјата на македонскиот народ, Крушево е познато по легендарната 1903 година - годината на Илинденското востание, кога е создадена Крушевската република, прва во историјата на Балканот.

ОХРИД. - Охрид се наоѓа на североисточниот брег на Охридското Езеро; стариот дел на градот се издигал на ридот над самото езеро и бил опкружен со градски ѕидини, а пеновиот дел се протегал по падините на ридот и по рамнината крај езерото. Охрид, под името Лихнидос (Лихнид) се споменува како град уште во III век. Стариот Лихнидос, кој се развил во богат град со повеќеилјадно население, во 518 год. пострадал од катастрофален земјотрес, во кој исчезнале и други антички градови на Македонија.

Од VI век во Охрид доаѓаат Словените, племето Берзити (Брсјаци) кое ги населило западните области на Македонија. Кога по смртта на словенските учители Кирил и Методиј, нивните ученици Климент и Наум, спасувајќи се од прогонството во Моравија, дошле во Македонија, тие се населиле во Охрид. Со нивното доаѓање Охрид станува кутурно-просветен центар на македонските Словени. Климент Охридски својот манастир го претворил во прва словенска висока школа низ која минале над 3.500 ученици.

Се зборува дека во времето на царувањето на цар Самоил (976-1014) во Охрид имало 365 цркви - онолку колку што има денови во годината. Таму каде што се наоѓаат денеска остатоците на Калето тој имал тврдина која и денеска го носи неговото име. Самоил Охридската епископија ја подигнал на ранг на патријаршија, која ја проширила својата црковна власт далеку од границите на Македонија. По паѓањето на првата држава на македонските Словени во 1018 год. и понатаму останала високата црковна институција на таа држава, но сега сведена на ранг на автокефална епископија, во прво време со епископ Македонец, а потоа со епископи Грци, што биле назначувани од византискиот цар. Византиската власт била заменета со власта на српските кралови; Охридската архиепископија во овој период по своето значење доаѓа веднаш по Пеќската патријаршија. Така, на охридските манастири како да им паднала улогата, и по смртта на Климент Охридски, да го продолжат неговото дело без оглед на тоа кому му припаѓала политичката власт во Македонија; Охридската епископија, во XII и XIII век ги претворила манастирите во школи каде што се негувале словенската писменост.

минувале векови и ги оставале во наследство своите споменици - сведоци на силата, убавината, растежот и поразот. Од средновековните споменици,од раниот период,се зачувани остатоци од базилики и гробници над кои подоцна се изградени некои од денешните цркви или други објекти. Од овој период е и ранохристијанската базилика кај местото Студенчиште, близу до Охрид, со мозаици на подот ( од V-VI век). Најголемиот број средновековни споменици потекнуваат од X-XIV век, а не се ретки ни спомениците од турскиот период.

Од најстарите словенски споменици е манастирот Свети Пантелејмон (од втората половина на IX век), чиишто остатоци се откриени под џамијата на Султан Мухамед, на местото наречено Имарет. Манастирот, кој имал улога на културен центар на македонските Словени, го подигнал Климент Охридски, Крај самите ѕидови што го опкружувале градот, на неколку десетици метри од брегот на езерото се наоѓа црквата Света Софија, подигната над поранешна базилика. Света Софија била охридска катедрална црква сѐ до половината на XV или до почетокот на XVI век, кога Турците ја претвориле во џамија; тогаш биле варосани фреските (што датираат од XI-XIV век), кои денеска се повторно реставрирани. Потоа, во градот или во неговата непосредна околина, може да се набројат уште десетици други значајни споменици на средновековната архитектура и уметност во Македонија. Исто така, охридската светска архитектура - во стариот дел на градот - ги восхитува не само обичните посетители, но и специјалистите.

Денес Охрид израстува во најзначаен туристички центар на СР Македонија. По должината на брегот на езерото, од Охрид до Свети Наум, се наоѓаат современи објекти - одморалишта и хотели, чијшто број постојано расте. Со убавото Охридско Езеро, идеално за спортување на вода, со чистиот и свеж воздух, со современите угостителски објекти, со удобните сообраќајни врски на авионскиот и автобускиот сообраќај, со прочуените фрески и икони, со многубројните културно-историски споменици, со реномираните музички манифестации "Охрдско лето" и "Балкански фолклорен фестивал", денеска Охрид станува сѐ попривлечен за туристите не само од Југославија, но и од цела Европа.

ТЕТОВО. - Тетово се наоѓа во Полошката Котлина; лежи на подножјето на Шар Планина, на местото каде што реката Пена се спушта од планината во рамнината на Полог. Во средниот век се споменува како село Хтетово, а има и постари траги за него што допираат до првата половина на XIII век. Од XV век, кога е веќе под власта на Турците, се споменува и се развива во градска населба; покрај турско, во Тетово живеело и словенско население, па во XVI и XVII век тука било и седиштето на полошниот владика. Средновековни христијански споменици нема, а меѓу исламските поинтересна е Шарена џамија, потоа турскиот амам - денеска уметнична галерија, беговскиот дворец и др. На крајот на градот, крај станицата на жичарницата за Попова Шапка, се наоѓа Арабати-Баба теке, стар мухамедански манастир на бектешката секта, единствен од овој вид на Балканот. Денеска текето е реставрирано и претворено во атрактивен ресторан, еден од најпривлечните објекти од овој вид во Македонија.

Денеска Тетово е општински центар, со скоро 40.000 жители. Приказната за современиот развој на градот започнува со неговиот прв индустриски објект - Волнарскиот комбинат "Тодор Циповски-Мерџан" или популарно наречен "Тетекс", кој стапи во производство во 1947 година. Со него започнува забрзаниот процес на индустријализацијата на Тетово, што е главна карактеристика на неговиот повоен развој. Комбинатот, познат по производството на квалитетни штофови, во последниве години на југословенскиот пазар се наметна со широк асортиман на модерна конфекција.

ШТИП. - Штип се наоѓа во источниот дел на СР Македонија, на утоката на реката Отиња во Брегалница. Главниот дел на градот лежи во проширената долина на реката Отиња меѓу неколку гранитни рида, така што извесни делови на градот се качуваат по ридовите Ташли Баир и Исарот. Кон југозапад градот се продолжува по стеснетата долина на Отиња и кај нејзината утока се сврзува со Ново Село, сега предградие на Штип. Во поновата историја на македонскиот народ Ново Село е значајно по тоа што во него учителствувале големите синови на Македонија Даме Груев и Гоце Делчев, организатори на Внатрешната македонска револуционерна организација.

Градот се споменува уште во III век пред нашата ера како Астибо и влегувал во состав на старата Пеонија, потоа Грците го нарекле Стипеон, а со доаѓањето на Словените го добил денешното име. Познато е дека Штип влегувал во состав на Самоиловото царство, потоа бил под власта на Византија, Бугарија, Србија, а во 1382 година паѓа под турска власт.

По ослободувањето Штип постепено ги брише трагите на времето на минатото: неразвиено занаетчиство, ситна трговија, примитивно земјоделство. На реката Брегалница денес израстува сосема нов град кој претставува еден од поразвиените центри во Источна Македонија. Тоа е видливо на секој чекор. Наутро глетката е величествена: армија од над 10.000 работници се упатува кон своите работни места во фабриките и земјодлските стопанства. Носители на динамичниот развој на Штип се Памучната индустрија "Македонка", Модната конфекција "Астибо", која најголемиот дел од своето производство го пласира на странски пазар, Земјоделско-индустрискиот комбинат "Црвена ѕвезда" и др.

СТРУМИЦА. - На југ од Штип се наоѓа Струмица, која во античко време се споменува под името Тибериополис. Околу Струмица се случила една од најголемите битки во 1014 год., на планината Беласица, меѓу војските на цар Самоил и византискиот цар Василиј II. Во таа битка војската на Самоил претрпела тежок пораз, 14.000 војници биле ослепени, а секој стоти бил оставен со едно око за да ги води ослепените; тоа го означува крајот на првата македонска држава...

Современа Струмица се развива како центар на земјоделското производство во Струмичката котлина, во која виреат средоземноморски култури: афион, памук, тутун, сусам, кикиритки, анасон и др.

КРАТОВО. - Кратово е гратче во областа на Кратовско-злетовските планини во Македонија. Најстариот дел на гратчето лежи на дното на стар вулкански кратер, а другите делови одат по неговата периферија меѓу речните долови, што му дава убав амфитеатрален изглед. Улиците му се тесни, криви и стрмни. Кратово е богато

со ретки и убави културно-историски споменици. Ајдучка чаршија, некогаш собиралиште на трговци и занаетчии, е стар сведок за некогашниот економски просперитет на Кратово.

Како рударско место Кратово постоело уште во римско време. Во средниот век од кратовските рудници се добивале олово, сребро, злато, бакар и железо. Покрај локалното население, во Кратово тогаш имало и Саси, кои се занимавале со рударски работи, а и дубровчани, кои освен со извоз на полупреработената руда, се занимавале со трговија меѓу Кратово и Дубровник. Во периодот на турското ропство, гратчето, особено по XVII век, економски опаѓа. Денеска, со развојот на рударското производство во Македонија, старото рударско гратче, со своите две илјади жители, бележи значаен економски напредок.

С О Д Р Ж И Н А


Предговор........................................... 3

Прва лекција

1. Сегашно време (глаголски групи)........... 5
2. Родот кај именките........................ 7
3. Лични заменки (како субјект во реченицата). 8

Втора лекција

1. Идно време................................. 10
2. Лични заменки (форми)...................... 13
3. Условни реченици........................... 13

Трета лекција

1. Глаголите оди, иде (сегашно и идно време) . 16
2. Именки (број).............................. 18
3. Согласување на придавките со именките...... 21

Четврта лекција

1. Императив (заповеден начин)................ 23
2. Вокативни форми на именките................ 25
3. Членот во македонскиот јазик............... 27

Петта лекција

1. Минато определено свршено време............ 30
2. Удвојување на предметот.................... 33
3. Придавки: степенување на придавките; преминување на членот врз придавката............ 35

Шеста лекција

1. Минато определено несвршено време........ 37
2. Показни заменки.......................... 41
3. Причински реченици....................... 43

Седма лекција

1. Глаголска л-форма........................ 45
2. Формите на заменските и бројните придавки. 47
3. Претворање на директниот во индиректен говор.................................. 50

Осма лекција

1. Минато неопределено време................ 54
2. Лично-предметни заменки.................. 60
3. Претворање на директниот во индиректен говор.................................. 62

Деветта лекција

1. Минато-идно време........................ 65
2. Броеви................................... 71
3. Релативни реченици....................... 72

Десетта лекција

1. Глаголски вид (видски односи)............ 74
2. Броеви (сметање)......................... 77
3. Условни реченици (иреален услов)......... 79

Единаесетта лекција

1. Идно прекажано време..................... 81
2. Броеви - за одредена бројност на лица; - за приближна бројност..................... 85
3. Целни (финални) реченици................. 86

Дванаесетта лекција

1. Предминато време......................... 90
2. Предлози; употреба на в, во.............. 94
3. Споредбени искази........................ 95

Тринаесетта лекција

1. Глаголска придавка (форми)............. 100
2. Форми (конструкции) сложени со има ..... 103
3. Глаголската придавка во именски прирок.. 107

Четиринаесетта лекција

1. Можен начин............................ 109
2. Модални глаголи........................ 112
3. Предлози............................... 103

Петнаесетта лекција

1. Глаголски прилог....................... 115
2. Глаголска именка....................... 119
3. Некои забелешки за редот на зборовите.... 121

Текстови

Илинденското востание..................... 129
Востанието на македонскиот народ во 1941. 131
Социјалистичка Република Македонија...... 133
Општествено уредување..................... 135
Стопанството во СР Македонија ........... 136
Сообраќај................................. 142
Културно-историски споменици во СР Македонија.................................. 143
Културни манифестации во СР Македонија... 145
Градови во СР Македонија.................. 146